РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1314

Скопје, 15 септември 2024 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**Првиот број на Билтенот е објавен во мај 1957 година**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
**проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

**Уредник на Билтенот:**
**Илија Богоевски**

**Лектори:**
**Весна Илиевска-Цветановска**
**Соња Попоска**

**Техничко уредување:**
**Зоран Кордоски**

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1314 ОД 15 СЕПТЕМВРИ 2024 ГОДИНА

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**
1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Експериментално и аналитичко истражување на врската греда – столб со продолжена крајна плоча** од **м-р Анита Ѓукај** пријавена на Градежниот факултет – Скопје....6--12
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Ардиана Асани, Емилија Грозоска, Ева Крстеска, Наталија Динова, Предраг Доневски, Севиме Несими, Светомир Русески, Вероника Младенова, Ѓорѓи Василевски, Никола Тортески**)....13-14

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област дигитален бизнис на Економскиот факултет – Скопје (**вонр. проф. д-р Марина Мијоска Белшоска**)....15-28
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област менаџмент и бизнис (5.02.00.03), по предметите: Менаџмент-информациони системи и Бизнис-комуникации на Економскиот факултет – Скопје (**вон. проф. д-р Никола Левков**)....29-49
3. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања, во научната област: економија (5.02.00.01), по предметите: Статистика за бизнис и економија и Демографија, на Економскиот факултет – Скопје (**вонр. проф. д-р Марија Трпкова-Несторовска**)....50-70
4. Реферат за избор на еден извршител во соработничко звање – асистент во научната област менаџмент и бизнис на Економскиот факултет – Скопје (**д-р Тихона Божиновска, м-р Бојан Китановиќ**)....71-82

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на тројца асистенти по предметот **Психијатрија и медицинска психологија** на Медицинскиот факултет - Скопје (**д-р Билјана Гагачовска, д-р Викторија Коровеш, д-р Стефанија Митровска**)....83-92
2. Реферат за избор на асистент по предметот Интерна медицина на Медицинскиот факултет – Скопје (**д-р Стефан Филиповски, д-р Моника Тушевска Митковска, д-р Ана Челикиќ, д-р Филип Николов, д-р Ивана Младеновска Стојкоска**)....93-109
3. Реферат за избор на 5 асистенти по предметот Интерна медицина на Медицинскиот факултет – Скопје (**д-р Стефан Филиповски, д-р Моника Тушевска Митковска, д-р Ана Челикиќ, д-р Ана Василевска, д-р Сања Петрова, д-р Филип Николов, д-р Ивана Младеновска Стојкоска, д-р Матеј Отљански, д-р Миа Русоманова Пејковска, д-р Сабир Сулејман**)....110-138
4. Реферат за избор на 4 асистенти по предметот Интерна медицина на Медицинскиот факултет – Скопје (**ас. д-р Симона Стојановска Јакимовска, ас. д-р Данче Ристова Колар, ас. д-р Билјана Попоска Ѓоршевска, ас. д-р Адријана Спасовска Василова**)....139-150
5. Рецензија на ракописот **Практикум за клиничка радиологија 2** (за студенти по општа медицина и стоматологија) од група автори....151-155
6. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Интегриран пристап во проценката на влијанието на факторите од работната средина и здравствената состојба на професионалните возачи врз безбедното управување со моторно возило** од **д-р Анета Атанасовска**, пријавена на Медицинскиот факултет – Скопје....156-166
7. **Приговор** од **насл. вонр. проф. д-р Газменд Амзаи** на Рефератот за избор на наставник по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија на Медицинскиот факултет – Скопје, објавен на Билтен на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1313 од 01.09.2024 година од страница 94 до страница 171....167-177

8. **Одговор** од Рецензентската комисија на Приговорот поднесен од насл. вонр. проф. д-р Газменд Амзаи, на Реферaтот за избор на едно лице во наставно-научно звање – вонреден професор по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија на Медицинскиот факултет - Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1313 од 1.9.2024 година ....................................................178-179
9. **Приговор** од **насл. вонр. проф. д-р Марица Павковиќ** на Одлуката за избор на наставник по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија на Медицинскиот факултет - Скопје објавена во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” - Скопје бр. 1313 од 1.09.2024 година од страница 94 до страница 171..........................................................................................................................180-184
10. **Одговор** од Рецензентската комисија на Приговорот поднесен од насл. вонр. проф. д-р Марица Павковиќ, на Реферaтот за избор на едно лице во наставно-научно звање – вонреден професор по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија на Медицинскиот факултет - Скопје , објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1313 од 1.9.2024 година....................................................185-186

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје (**доц. д-р Љупчо Стојковски**)...........................................................................187-204
2. Преглед на одобрени теми за изработка ма магистерски трудови (**Матеј Лисичков, Мартин Ивановски, Елена Целевска, Емилија Митрева, Сандра Станишковска**)...........................................................................................205-206

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**Д-р Биљана Русевска, Д-р Блерта Долаку Шкрета**)..................................................................207
2. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Д-р Ирена Богатиновска**).........................................................................................................207

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област хемиско инженерство – друго (процесно и контролно инженерство) на Технолошко-металуршкиот факултет – Скопје (**вонр. проф. д-р Стефан Кувенџиев**)......................................................................................................208-226

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за избор на истражувач во сите научни звања во наставно-научната област (дисциплина) исхрана – диетика на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје (**виш н. сор. д-р Катерина Благоевска**)..........................................................................................227-246

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Развој на методологија за определување на преостанатиот животен век на трансформатори во маслена изведба** од **м-р Кјани Гури,** пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии - Скопје........................................................................247-253

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) применета кинезиологија (50401) на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје - Скопје (**вонр. проф. д-р Андријана Раде Мисовски**)...........................................254-267

2. Реферат за избор на наставници во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) социологија на спортот (51127) на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје - Скопје (**доц. д-р Јана Каршаковска Димитриоска**)....................268-281
3. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) социологија на спортот (51127) на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје – Скопје (**доц. д-р Ристо Стаменов**)....................282-294

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини) 6.02.01.01 – македонски јазик и 6.02.01.23 – старословенски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје (**д-р Марија Паунова**)....................295-311
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Записи на македонски книжевници од XV и XVI век** од **м-р Дарко Николовски**, пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ - Скопје....................312-315

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка ма магистерски трудови (**Олгица Трајковска, Цветанка Стефановска**)....................316

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијанието на политичкиот фактор врз организацијата на работата во локалната администрација на општина Гостивар** од **Лумније Абдулаи**, пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје....................317-319

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЕКСПЕРИМЕНТАЛНО И АНАЛИТИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ВРСКАТА ГРЕДА – СТОЛБ СО ПРОДОЛЖЕНА КРАЈНА ПЛОЧА“ ОД М-Р АНИТАЃУКАЈ, ПРИЈАВЕНА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на седницата одржана на 20.6.2024 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Анита Ѓукај со наслов: „Експериментално и аналитичко истражување на врската греда – столб со продолжена крајна плоча“, во состав: проф. д-р Петар Цветановски (претседател), проф. д-р Ана Тромбева-Гаврилоска (ментор), проф. Симеон Танев (член), проф. д-р Зоран Богатиновски (член) и проф. д-р Florim Grajcevci (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на кандидатката м-р Анита Ѓукај, со наслов: „Експериментално и аналитичко истражување на врската греда – столб со продолжена крајна плоча“, содржи 218 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,15 проред и големина на букви 12, со 95 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, книги и национални прописи.

Трудот е структуриран во 8 глави и воведен дел. Во воведниот дел се дадени кратко резиме на македонски и на англиски јазик, содржина на трудот, листа на ознаки, листа на слики и листа на табели. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Во осумте поглавја, презентирано е истражувањето и дадени се добиените резултати, од што на крајот се извлечени заклучоци, образложувајќи го научниот придонес со препораки за понатамошни истражувања во областа. Во дисертацијата се презентирани 29 табели, 131 слика и дијаграми, со кои се објаснуваат постапките на истражувањето и се презентираат добиените резултати.

## 1. ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Најчесто применувана врска греда – столб кај челичните конструкции, особено кај повеќекатните рамковни конструкции, е врската со крајна плоча со две завртки во хоризонтален ред, чија распространетост се должи на нејзиниот носив капацитет, како и едноставниот начин на изведба и економичност. Носивиот капацитет на врската се постигнува преку комбинација на силите на затегнување во завртките лоцирани непосредно до фланшата и силите на притисок во спротивната фланша, додека вертикалното смолкнување се прифаќа од завртките.

Отпорниот момент и ротационата крутост при смолкнување, свиткување и затегнување кај врската греда – столб со продолжена крајна плоча може да бидат зголемени на неколку начини: со додавање на дополнителни завртки, четири завртки наместо две завртки во хоризонтален ред, со додавање на дополнително ребро за вкрутување или со зголемување на висината на гредата. Исто така, со додавање на вкрутување може да биде редуцирана бараната дебелина на крајната плоча, со што доаѓа до зголемување на отпорниот момент.

Проектирањето на врските греда – столб со крајна плоча е дадено во ЕВРОКОД 3 Дел 1-8 и тоа се однесува само на врски со две завртки во хоризонтален ред. Теоретскиот модел на кој се засноваат опишаните постапки во ЕВРОКОД 3 е генерален и тој може да биде применет кај врска со четири завртки во хоризонтален ред. Со цел да се определи М-Ф одговорот на врската согласно со ЕВРОКОД 3 поодделните компоненти на врската се склопени во механички модел карактеризирани со нелинеарно однесување сила – поместување, дефинирано преку експериментални испитувања или аналитички модели, при што заварените врски помеѓу крајната плоча и гредата се занемаруваат.

Јакоста на врската греда – столб со продолжена крајна плоча со четири завртки во хоризонтален ред се определува преку јакоста на затегнување, притисок или смолкнување, при

што јакоста на смолкнување и притисок може да биде пресметана согласно со EN 1993-1-8 2005, додека јакоста на затегнување зависи од јакоста на фланшите на гредата и столбот, како и крајната плоча. Затегнатите компоненти, затегнатата фланша на столбот и затегнатата крајна плоча, кај врската греда – столб со продолжена крајна плоча со четири завртки во хоризонтален ред се најнатоварни компоненти. Крајната плоча во врската е дефинирана како продолжена крајна плоча, со или без вкрутување, продолжена само во зоната на затегнување, со соодветна должина за поставување на завртки. Кај најголем број челични напречни пресеци на гредата, дури и при ограничен дијаметар на завртките, вкрутената врска греда – столб со крајна плоча со четири завртки во хоризонтален ред е способна за развивање на целосен носив капацитет.

Врските греда – столб со крајна плоча, како моментно отпорни врски, кои широко се применуваат кај челичните конструкции, се карактеризирани преку модовите на лом, отпорниот момент, крутоста и капацитетот на ротација.

Со цел да се добие јасна слика за однесувањето на врската греда – столб со крајна плоча, предмет на истражување во докторската дисертација се врските греда – столб со продолжена крајна плоча, изведени со две и четири завртки во хоризонтален ред со и без вкрутување на продолжената крајна плоча.

Врз основа на поставениот предмет на истражување, поставени се неколку поважни цели на докторската дисертација. Првата основна цел на дисертацијата е да се даде јасна дефиниција на карактеристиките на однесувањето на М-Ф кривата кај врската греда – столб со продолжена крајна плоча со четири завртки во хоризонтален ред, споредено со истата врска изведена со две завртки.

Наредна цел на дисертацијата е анализа на ефектите на вкрутувањата врз однесувањето на врските греда – столб со продолжена крајна плоча со четири завртки во хоризонтален ред, споредено со врската изведена со две завртки, а со цел да се обезбедат потребни податоци за споредбена анализа на добиените резултати со компоненталната метода дефинирана во EN1993-1-8.

Исто така, една од целите во рамки на оваа дисертација е анализа на дуктилноста на врската која е суштински поврзана со нејзиниот ротационен капацитет, а имајќи предвид дека таа станува круцијална кога постои големо течење на врската.

## 2. Преглед на актуелната состојба во областа

Имајќи го предвид предметот на истражување на оваа докторска дисертација, прегледот на литература поврзан со областа на трудот е поделен на два сегмента. При прегледот на релевантната литература поврзана со врските греда – столб, најпрвин таа е разгледана од аспект на истражувања кои се однесуваат на експериментални и аналитички презентирани резултати, додека во вториот сегмент, прегледот на литература е фокусиран на нумерички истражувања поврзани со предметот на дисертацијата.

Генерално, од прегледот на литература може да се заклучи дека експерименталните и аналитичките истражувања на однесувањето на врските греда – столб, изведени со завртки, во последните години се фокусирани на врски кои се изложени на монотони и на циклични услови на натоварување, поставувајќи го примарниот акцент на проценка на јакоста и крутоста на врските, со примена на методот на компоненти, усвоен во Еврокод 3.

Методот на компоненти првенствено се заснова на истражувањето спроведено од Zoetemeijer, каде што врз основа на спроведени детални експериментални истражувања, предложени се критериуми и едноставна емпириска формула за проценка на капацитетот за деформација на врската. Во согласност со работата на Zoetemeijer, спроведени се истражувања од Packer и Morris, како и Mann и Morris, кои се фокусирани на концептот на моделирање на затегнатиот дел од Т-пресекот кај врски со продолжена крајна плоча изведена со завртки. Стандардизирани типови на врски со крајната плоча кои овозможуваат генерализација на карактеристиките на врските се презентирани во работата на Jenkins et al., додека Davison JB, Kirby Pa во своето истражување ја карактеризираат почетната ротациона крутост на врската греда – столб. Дополнително, експерименталните истражувања од Ghobarah et al. покажуваат дека вклучувањето на вкрутувања кај врските со крајни плочи доведува до намалување на

деформациите во продолжениот дел од плочата. Од прегледот на литература може да се заклучи дека методот на компоненти претставува основна алатка за бројни аналитички и експериментални истражувања, кај кои е анализирана врската греда – столб со крајна плоча со две завртки во хоризонтален ред.

Воведувањето на вкрутување во врската греда – столб и неговото влијание врз однесувањето на врската е презентирано во експерименталните истражувања на Shi et al., наведувајќи дека јакоста на врската, ротациониот капацитет и дисипацијата на енергија може да бидат подобрени со поставување на вкрутување во продолжениот дел на крајната плоча од врската. Врз основа на експерименталните истражувања, Shi et al. предлага теоретски модел кој претставува вредна алатка за анализа на однесувањето на врските земајќи го предвид влијанието на воведените вкрутувања. Исто така, експерименталните и аналитичките истражувања спроведени на врски со вкрутувања од Abidelah et al. покажуваат дека отсуството на вкрутување во врската може да предизвика лом на врската, проследен со еластопластично извивање на столбот, додека вкрутувањето кај врските со крајна плоча го зголемува отпорниот момент, почетната крутост и влијае на распределбата на силите во завртките.

Прегледот на литература покажува дека во Еврокод 3, проектирањето на врските греда – столб со четири завртки во ред не е експлицитно опфатено, што резултира со ограничен број на досегашните истражувања насочени кон анализа на врска греда – столб со крајна плоча со четири завртки во хоризонтален ред. Недостигот од постојни експериментални податоци за однесувањето на врската греда – столб, со крајна плоча со четири завртки во хоризонтален ред, кои директно ќе можат да бидат споредени со резултатите добиени со методот на компоненти наведен во Еврокод 3 Дел 1.8, наведува на заклучок дека е неопходно проширување на постојниот модел.

Треба да се истакне дека проширен пристап на Еврокод 3 е прикажан во истражувањето на Weynand et al., Dessouki et al., кои предлагаат тродимензионален модел на конечни елементи за однесувањето на врските со крајна плоча земајќи ги предвид и геометриските и материјалните нелинеарности, додека влијанието кое бројот на завртки и нивниот распоред во врската го имаат врз јакоста и однесувањето на врската е испитувано од страна на Prinz et al.

Од аспект на анализа на врската греда – столб со продолжена крајна плоча со завртки, мора да се потенцира дека денес нумеричките симулации кои користат прецизни модели на конечни елементи наоѓаат широка примена при параметарската анализа.

За врската греда – столб со продолжена крајна плоча со завртки, клучна улога во обезбедување на суштински експериментални резултати релевантни за нумеричко моделирање прикажува Jaspart во своите истражувања, додека Krishnamurthy et.al., преку темелно аналитичко истражување, предлагаат сеопфатна процедура за нивно проектирање.

Примената на тродимензионални модели на конечни елементи на врска греда – столб со продолжена крајна плоча со завртки е презентирана во истражувањата на Bursi и Jaspart, Maggi et al. и Bahaari and Sherbourne.

Влијанието на вкрутувањата кај врската греда – столб со продолжена крајна плоча со завртки е анализирано во истражувањата на Ismail et al. и Shi et al, каде што врз основа на спроведени експериментални испитувања систематски се спроведени параметарски истражувања за влијанието кое го имаат компонентите од однесувањето на врската во целина, по што предлагаат теоретски модел заснован на методот на компоненти за процена на однесувањето момент – ротација во испитуваните врски.

Од истражената литература може да се заклучи дека со систематска анализа на параметрите и проучување на нивното влијание врз однесувањето на врската може да се добијат вредни сознанија за проектирање и анализа на врските, играјќи клучна улога во градењето на сеопфатна база на податоци.

## 3. краток опис на применетата методологија

При реализацијата на дисертацијата е запазена вообичаената научна методологија, која се состои од дефинирање на научниот проблем, истражување на научна литература во доменот на дефинираниот проблем, соодветна научна разработка преку експериментална и нумеричка анализа и на крај, споредба и анализа на добиените резултати преку параметарска анализа.

Анализата на врските греда – столб, со продолжена крајна плоча со две и четири завртки во еден ред, со и без вкрутувања, опфаќа: експериментални истражувања, нумеричко моделирање и параметарска анализа на резултатите.

Во оваа докторска дисертација, експерименталните истражувања претставуваат главен извор на резултати, давајќи одговор на прашањата поврзани со влијанието на бројот на применетите завртки во хоризонтален ред и капацитетот на врската со и без вкрутувања. Предмет на експерименталните испитувања се 4 типа на врски при монотоно натоварување и опфаќаат:

- ТИП 1А и ТИП 1В: Испитување на врска греда – столб со продолжена крајна плоча со две завртки во хоризонтален ред, со вкрутување и без вкрутување.
- ТИП 2А и ТИП 2В: Испитување на врска греда – столб со продолжена крајна плоча со четири завртки во хоризонтален ред, со вкрутување и без вкрутување.

Нумеричкото моделирање е спроведено со примена на софтверскиот програм ABAQUS FEA, преку прецизно дефинирани математички тридимензионални модели од конечни елементи за претходно испитуваните врски греда – столб, со продолжена крајна плоча. Во нумеричката анализа вклучени се посебностите за секоја поодделна врска, со што е овозможено сеопфатно истражување како различните фактори влијаат на однесувањето и перформансите на врските.

Со цел да се добие реална слика како различните компоненти од врската влијаат врз јакоста и деформацијата на врската, спроведена е споредбена параметарска анализа на нумерички добиените резултати со експериментално определените.

## 4. содржина на докторската дисертација

Врз основа на поставениот предмет на истражувањето, а согласно со дефинираните цели, резултатите од спроведеното истражување во оваа докторска дисертација се презентирани во осум глави.

Во **првата глава** на трудот, дефинирани се проблемот, предметот и целите на истражувањето, образложени се научните методи, даден е преглед на литературата и научните достигнувања во соодветната област, структурата на докторската дисертација и краток осврт на заклучните согледувања.

Во **втората глава** од докторската дисертација, презентиран е методот на компоненти кој претставува основа за понатамошните истражувања. Детално се разработени составните компоненти на врската греда – столб со продолжена крајна плоча со завртки, од аспект на геометриските и јакосните карактеристики.

Во **третата глава** од докторската дисертација, презентирани се експерименталните испитувања за определување на механичките карактеристики на составните компоненти на врските. Определени се механичките карактеристики на завртките и челикот при аксијално напрегање на затегнување и сумирани се и анализирани добиените експериментални резултати.

**Глава четири** од докторската дисертација насловена „Експериментално испитување на врски греда – столб, со продолжена крајна плоча со завртки“ ги презентира експерименталните истражувања спроведени врз претходно дефинираните типови врски при дејство на монотоно натоварување. Добиените резултати од експерименталното истражување се оценети и анализирани во зависност од напонската и деформационата состојба на врската.

Во **петтата глава** е презентиран аналитичкиот метод за анализа на врските греда – столб, со продолжена крајна плоча со завртки, дефинирајќи го моделот на врската. Во оваа глава со примена на програмскиот пакет ABAQUS FEA, кој се базира на методот на конечни елементи, изведена е нумеричка анализа на однесувањето на врските. Однесувањето на врските е разгледано преку напонската и деформационата состојба на врските, а добиените резултати се споредени со експериментално определените.

Во **шестата глава** е спроведена параметарска анализа во однос на параметрите кои имаат клучно влијание врз однесувањето на врската греда – столб со продолжена крајна плоча со завртки преку споредба на експериментално и аналитичко определените резултати.

Во **седмата глава** се презентирани главните заклучоци од ова истражување и дадени се препораки за дополнителни истражувања кои треба да послужат како насока за понатамошни анализи.

На крајот од оваа докторска дисертација, во **осмата глава,** даден е прегледот на литература користен при нејзината изработка.

## 5. опис на резултатите од истражувањето

Во ова истражување, преку научен методолошки пристап се определени јакосните и деформационите карактеристики на врската греда – столб со продолжена крајна плоча, со примена на две и четири завртки во хоризонтален ред, со и без примена на вкрутување.

Преку изведените експериментални истражувања на составните компоненти на врската се добива јасна слика за нивните јакосни и механички карактеристики, давајќи одговор на прашањето како материјалите од кои се изведени завртките и челикот влијаат врз крајните механички карактеристики на врската.

Анализата направена во ова истражување, врз основа на експериментално добиените резултати за однесувањето на врската греда – столб со продолжена крајна плоча, овозможува да се даде оптимално решение при проектирањето на врските кај челичните конструкции, во поглед на примената на бројот на завртки во хоризонтален ред, како и примената на вкрутување, што претставува една од придобивките на оваа дисертација.

Експериментално определените механички и деформациони карактеристики на составните компоненти на врските, како и на самата врска во целина, овозможија теоретски и нумерички истражувања на различни типови врски греда – столб, со продолжена крајна плоча, кои дадоа јасна претстава за јакосната и деформационата состојба. Исто така, истражувањата овозможуваат примена на симулациони методи за определување на однесувањето на различни типови врски греда – столб, со продолжена крајна плоча, без потреба од многубројни експериментално добиени параметри.

Нумеричкиот модел за анализа на врските, анализиран во рамките на оваа дисертација, е верифициран со експериментални истражувања, при што резултатите добиени со симулација на врските греда – столб, со продолжена крајна плоча, со многу мали отстапувања го следат карактерот на резултатите добиени со експерименталните мерења. Деталното истражување на влијанието кое бројот на завртки во хоризонтален ред и вкрутувањата го имаат врз перформансите на врската греда – столб со продолжена крајна плоча овозможува нивен правилен избор при проектирање на челичните конструкции. Бидејќи експерименталните истражувања ги потврдуваат резултатите добиени со симулацијата, овозможено е методот на конечни елементи да се користи во фазата на проектирање на врските греда – столб со продолжена крајна плоча со завртки.

Посебно внимание во ова истражување е посветено на споредбената анализа на експериментално и аналитичко определените резултати за дефинирање на параметрите кои имаат клучно влијание на однесувањето на врската греда – столб со продолжена крајна плоча со завртки.

Истражувањата поврзани со однесувањето на врската греда – столб со продолжена крајна плоча со завртки даваат одговор на потенцијалот за нивна примена во областа на градежништвото за развој на поекономични и потрајни, но во исто време поефикасни челични конструкции. Нивната основна предност е можноста за оптимално проектирање на компонентите, што ќе доведе до подобрување на критериумите за безбедност и функционалност на конструкциите.

## 6. оцена на докторската дисертација

Докторската дисертација на кандидатката м-р Анита Ѓукај, со наслов: „Експериментално и аналитичко истражување на врската греда – столб со продолжена крајна плоча“, претставува истражување во научното подрачје **инженерство и технологија**, научно поле: **градежништво**, научна област: **конструкции**.

Изработката на темата на оваа докторска дисертација преку научно дефиниран методолошки пристап дава одговор на разбирањето на врската града – столб со продолжена крајна плоча, со особен акцент на носивоста на врската од аспект на влијанието на бројот на завртки во хоризонтален ред и влијанието од имплементација на вкрутување.

Преку експериментални и нумерички анализи определен е носивиот капацитет на различните типови врски греда – столб со продолжена крајна плоча со имплементирани подобрувања на врската, преку кои е зголемен моментниот капацитет при константна дуктилност. Добиените резултати од нумеричките модели споредени со експериментално определените резултати, верифицирани преку определување на почетната крутост, отпорниот момент, ротациониот капацитет, како и механизмот на лом на различните типови врски, ги утврдуваат клучните елементи кои овозможуваат поширока примена на овој тип врски кај челичните конструкции.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Анита Ѓукај, со наслов: „Експериментално и аналитичко истражување на врската греда – столб, со продолжена крајна плоча“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

## 7. исполнетост на законските услови за одбрана на докторската дисертација

Кандидатката, врз основа на резултатите од своите истражувања, пред одбраната на докторскиот труд како прв автор има објавено повеќе рецензирани трудови во меѓународни научни публикации, со што ги исполни законските услови за одбрана на докторската дисертација.

[1]. Gjukaj., A., Cvetanovski, P., Gavriloska, T., A., “Experimental and numerical analysis of extended end-plate connection with two and four bolts”, 10th International Conference on Steel and Aluminium Structures -ICSAS24, june, 2024, Brazil.

[2]. Gjukaj, A., Cvetanovski, P., Gavriloska, T. A., “Numerical analysis of extended end-plate bolted connection”, 20th International Symposium of MASE, september, 2023, Skopje, North Macedonia.

[3]. Gjukaj, A., Salihu, F., Muriqi, A., Cvetanovski, P., “Numerical behavior of extended end-plate bolted connection under monotonic loading”, HighTech and Innovation Journal, may, 2023. http://dx.doi.org/10.28991/HIJ-2023-04-02-04

[4]. Gjukaj, A., Muriqi, A., Cvetanovski, P., Gavriloska, T. A., “Numerical analysis of extended end-plate bolted connection with four bolts per horizontal row”, 2nd International conference of civil engineering –ICCE 2023, may, 2023, Albania.

[5]. Gjukaj , A., Gashi, F., Cvetanovski, P., “The effect of column web stiffeners on moment resistance and ductility of extended end-plate bolted connection”, 2nd Croatian Conference on Earthquake Engineering, march, 2023. 10.5592/CO/2CroCEE.2023.8

[6]. Gjukaj, A., Cvetanovski, P., Gavriloska, T. A., “Design of beam-to-column connections for moment resistant frames, end-plate bolted connections”, 19th International Symposium of MASE, april, 2022, Ohrid, North Macedonia.

[7]. Gjukaj, A., Gavriloska, T. A., Cvetanovski, P., “Design moment resisting of end plate connection, EC- 3”, 18th International Symposium of MASE, october, 2019, Ohrid, North Macedonia.

Треба да се нагласи дека научниот труд објавен во Зборникот на трудови од 10. Меѓународна конференција за челични и алуминиумски конструкции, по одржаната усна презентација од страна на кандидатката, е труд кој повикан да биде објавен во научното списание Thin-Walled Structures со импакт фактор 5,7.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на детална анализа на докторската дисертација, увидот во актуелноста на темата, утврдената цел и користената методологија на истражување, се заклучува дека **главниот научен придонес** на кандидатката е развивање на методологија за анализа на нелинеарното однесување на врските греда – столб, со продолжена крајна плоча со завртки, со примена на методот на компоненти. Преку својата работа на докторската дисертација, кандидатката придонесе за детектирање на влијанието кое поодделни параметри го имаат врз однесувањето на врската греда –столб со продолжена крајна плоча со завртки.

Презентирајќи ги своите истражувања, кандидатката **подрачјето на примена** го фокусирала на анализа на врската греда – столб со продолжена крајна плоча со завртки кај челичните конструкции, акцентирајќи како поодделните параметри влијаат врз однесувањето на врската во целина.

Имајќи ги предвид ограничениот број на истражувања насочени кон анализа на врската греда – столб со продолжена крајна плоча со завртки, кандидатката **идните истражувања** ги алоцира кон дополнителни експериментални, нумерички и параметарски анализи со цел да се дефинира сеопфатен метод за проценка на еластичноста според пристапот на компоненти имплеметиран во европските норми и прописи за проектирање на челични конструкции. Дополнителните експериментални истражувања треба да бидат насочени кон верификација на аналитичките и параметарските истражувања во однос на влијанието кое поодделните компоненти од врската, бројот на завртки и вкрутувања го имаат во однос на напонската состојба на врската во целина.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Анита Ѓукај** со наслов: „Експериментално и аналитичко истражување на врската греда – столб со продолжена крајна плоча“.

*Напомена: Членот на Комисијата кој е од странство го разбира македонскиот јазик и го потпишува овој извештај.*

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Петар Цветановски, претседател,**
**Градежен факултет – УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Ана Тромбева Гаврилоска, ментор,**
**Архитектонски факултет – УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. м-р Симеон Танев, член во пензија**
**Градежен факултет – УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Зоран Богатиновски, член**
**Машински факултет – УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Florim Grajcevci, член**
**Градежен факултет – Универзитет во Приштина**
**„Хасан Приштина”, Приштина, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ

НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје, УКИМ - 540. СЕДНИЦА НА ННС ОД 27.8.2024Г.

| Р. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Ардиана Асани дипл. град. инж. | Влијание на интеракција помеѓу почвата и темелната конструкција врз однесувањето на армиранобетонска зграда | Soil-structure interaction effects on behavior of reinforced concrete building | проф. д-р Дарко Наков | 12.9.2024 02/153-288 |
| 2 | Емилија Грозоска дипл. град. инж. | Пресметка на челична индустриска хала со анекс според Европските стандарди | Design of steel industrial hall with an annex according to the European standards | доц. д-р Миле Партиков | 12.9.2024 02/153-287 |
| 3 | Ева Крстеска дипл. град. инж. | Влијание на учеството на отпадната гума врз својствата на одржливи малтери | Impact of waste rubber participation on the properties of sustainable mortars | проф. д-р Тодорка Самарџиоска | 12.9.2024 02/153-286 |
| 4 | Наталија Динова дипл. град. инж. | Влијание на формата на основата на објектот врз неговата енергетска класа | Influence of building plan shape on its energy class | проф. д-р Тодорка Самарџиоска | 12.9.2024 02/153-285 |
| 5 | Предраг Доневски дипл. град. инж. | Интегрална анализа на влијателни фактори при санација на свлечишта | Integral analysis of influential factors in remedial works in landslides | проф. д-р Милорад Јовановски | 12.9.2024 02/153-284 |
| 6 | Севиме Несими дипл. град. инж. | Споредбена анализа на влијанијата од ветер и земјотрес на армиранобетонските згради со различна катност и локација | Comparative analysis of the effects of wind and earthquake on reinforced concrete buildings with different height and location | проф. д-р Дарко Наков | 12.9.2024 02/153-283 |
| 7 | Светомир Русески | Споредбена анализа на челична конструкција на | Comparative analysis of steel structure for one | | 12.9.2024 02/153-282 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | дипл. град. инж | еднобродна хала според МКС и Еврокод | span hall according to MKS and Eurocode | вонр. проф. д-р Денис Поповски | |
| 8 | Вероника Младенова дипл. град. инж. | Споредбена сеизмичка анализа на армиранобетонски објект со и без базна изолација | Comparative seismic analysis of a reinforced concrete building with and without base isolation | проф. д-р Сергеј Чурилов | 12.9.2024 02/153-281 |
| 9 | Ѓорѓи Василевски дипл. град. инж. | Анализа на типови подобрувања кај долен строј | Analysis of types of sub-soil improvements | проф. д-р Златко Зафировски | 12.9.2024 02/153-280 |
| 10 | Никола Тортески дипл. геод. инж. | Проценка на вредност на недвижност од класификацијата земјиште | Assessment of the value of real estate from the land classification | проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев | 12.9.2024 02/153-289 |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДИГИТАЛЕН БИЗНИС НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 24.7.2024 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област дигитален бизнис по предметите: Менаџмент на бизнис процеси и Аналитика на бизнис податоци, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1496/2, донесена на 3.9.2024, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Сашо Јосимовски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, д-р Калина Треневска Благоева, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје и д-р Лидија Пулевска Ивановска, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област дигитален бизнис, по предметите: Менаџмент на бизнис процеси и Аналитика на бизнис податоци, во предвидениот рок се пријави само еден кандидат, вонр. проф. д-р Марина Мијоска Белшоска, вработена на Економски факултет – Скопје од ноември 2004 година.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Марина Мијоска Белшоска е родена на 6.12.1978 година во Скопје. Средно образование завршила во Природно-математичката гимназија „Никола Карев“ во Скопје, со континуиран одличен успех и како најдобар ученик на својата генерација во 1997 год. Истата година се запишала на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на отсекот за деловна (бизнис) економија, насока: менаџмент. Во октомври 2001 година дипломирала како еден од најдобрите студенти во генерацијата со просечен успех 9,69. Во ноември 2004 година е избрана во звањето помлад асистент на група предмети од областа е-бизнис на департманот по Е-бизнис на Економскиот факултет во Скопје.

Во учебната 2004/05 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за организациони науки, Универзитет во Белград, Србија, на насоката за е-бизнис. Студиите ги завршила во 2009 година, со просечен успех 10,00. На 7.5.2009 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Влијанието на реинженерингот на бизнис-процесите и електронскиот бизнис на конкурентноста на компаниите“ (наслов во оригинал - „Утицај реинжењеринга пословних процеса и електросннког пословања на конкурентност компанија“), со што се стекнала со звањето магистер по технички науки од подрачјето на организациони науки – електронски бизнис.

Докторска дисертација пријавила на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дисертацијата на тема: „Е-бизнис системи за процесна организациска трансформација и конкурентност на претпријатијата“ ја одбранила на 13.3.2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Сашо Јосимовски, проф. д-р Бобек Шуклев, проф. д-р Љубомир Дракулевски, проф. д-р Калина Треневска Благоева и проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област економски науки.

На 17.6.2015 година е избрана во звањето доцент на Економскиот факултет – Скопје, во областа бизнис-менаџмент, по предметот Менаџмент на е-бизнис (Одлука на Наставно-научниот совет, бр. 0202-1272/6 од 19.6.2015 г., Билтен на УКИМ бр. 1101 од 1.6.2015 година).

Во моментот кандидатката е вонреден професор на Економскиот факултет – Скопје во областа бизнис-менаџмент, по предметите Менаџмент на бизнис процеси и Аналитика на бизнис податоци. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1206 од 30.12.2019 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1101 од 1.6.2015 г. и бр. 1206 од 30.12.2019 г., како и вкупните научни, стручни, педагошки и други достигнувања на кандидатката ги има остварено од последниот избор до денот на пријавата за редовен професор, врз основа на сета поднесена документација која е од посебна важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Економски факултет – Скопје, кандидатката д-р Марина Мијоска Белшоска изведува настава и вежби по предметите Менаџмент на бизнис процеси и Аналитика на бизнис податоци на прв циклус студии на студиската програма Е-бизнис и предавања по предметите Дизајнирање на бизнис процеси и Е-влада на втор циклус студии на студиската програма Е-бизнис менаџмент (едногодишни и двогодишни студии). Во академската 2021/22 година кандидатката изведува настава и вежби по предметот Основи на бизнис аналитика на прв циклус студии на студиската програма Менаџмент. Кандидатката е вклучена како координатор на предметот Дизајнирање на бизнис процеси на докторските студии по Организациски науки и управување (менаџмент). Во изведувањето на наставата, кандидатката користи соодветни наставно-образовни методи, со што успешно ја организира и спроведува наставата. Покрај предавањата, кандидатката секојдневно е ангажирана со консултации со студенти од различно ниво на студии и водење проектни задачи, семинарски трудови, дипломски трудови и сл. Дополнително, кандидатката е вклучена во подготовка и оценка на испитни прашања и во организација на испити/колоквиуми по соодветните предмети.

Кандидатката д-р Марина Мијоска Белшоска била ментор на 7 дипломски трудови.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на 8 дипломски и 3 магистерски трудови.

Д-р Марина Мијоска Белшоска е автор на рецензиран практикум (учебно помагало) под наслов: Business Process Management – Basic Process Modeling with BPMN, Економски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2024 (ISBN ISBN 978-608-212-099-7).

Другите активности од наставно-образовната дејност, релевантни за изборот, се наведени во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со датуми и други релевантни податоци.

### Научноистражувачка дејност

Д-р Марина Мијоска Белшоска има објавено вкупно 11 научни трудови од областа дигитален бизнис, од кои шест труда во меѓународни научни списанија во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кои се индексирани во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија, а пет труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборници на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири со меѓународен уредувачки одбор.

Кандидатката д-р Марина Мијоска Белшоска учествувала во два национални научноистражувачки проекта, од кои во еден како раководител.

Д-р Марина Мијоска Белшоска учествувала во пет меѓународни конференции со усна презентација на прифатен труд.

Кандидатката рецензирала 4 научни трудови во реномирани меѓународни научни списанија и на меѓународни научни собири.

Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот се наведени во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со датуми и останати релевантни податоци.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Марина Мијоска Белшоска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Економскиот факултет во Скопје и во други дејности од поширок интерес.

Кандидатката активно е вклучена во работата на бројни комисии на Економскиот факултет во Скопје (Комисија за спроведување уписи на студентите на прв циклус студии на Економски факултет – Скопје; Комисија за спроведување на постапките за јавни набавки на Економски факултет – Скопје; Комисија за подготовка и реализација на GAP-анализа за AACSB-акредитација (стандард 2: Physical, Virtual and Financial Resources), Комисија за самоевалуација на Економски факултет – Скопје; Комисија за определување на дисциплинска одговорност на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје и др.), а учествувала и во промотивните активности на Факултетот, на прв и втор циклус студии. Кандидатката била и секретар на Катедрата за Е-бизнис од декември 2019 до ноември 2022 год.), а од јануари 2023 год. е секретар на Колегиумот на студиската програма Е-бизнис менаџмент на втор циклус студии (едногодишни и двегодишни стиудии).

Кандидатката била член на Организациониот одбор на 11. Меѓународна летна школа под наслов: Make a difference: Learn how to evaluate the economic impact of the COVID-19 pandemic во организација на Економскиот факултет – Скопје, 2021 година, како и член на Организациониот одбор за јубилејот „20 години Е-бизнис департман“, Економски факултет – Скопје, 2023 година.

Д-р Марина Мијоска Белшоска била претседател на Комисија за распишување и спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетско-студентско собрание на Економскиот факултет – Скопје во 2021/22 година.

Кандидатката д-р Марина Мијоска Белшоска била член на една рецензентска комисија за избор на демонстратор на Катедрата за е-бизнис.

Во изборниот период, д-р Марина Мијоска Белшоска учествувала во изготвување и пријавување на еден национален научен/образовен проект како носител на активноста, ко-координатор и главен истражувач.

Д-р Марина Мијоска Белшоска е член на заедницата на инструктори за дисциплината Менаџмент на бизнис-процеси (назив на англиски: „Fundamentals of Business Process Management“), која ја сочинуваат 230 образовни институции (универзитети и институти) од повеќе од 60 земји во светот.

Други активности кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот се наведени во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатката д-р Марина Мијоска Белшоска, во периодот од последниот избор во звањето вонреден професор до денес, континуирано добива позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Економскиот факултет во Скопје и тоа просечна оценка по предметот Менаџмент на бизнис процеси 9,50, просечна оценка по предметот Аналитика на бизнис податоци 9,82 и просечна оценка по предметот Основи на бизнис аналитика 9,89. Исклучително високите оценки се уште една потврда за целосната посветеност на кандидатката со реализацијата на наставно-образовната дејност, како и професионализам во извршувањето на наставно-образовните активности.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката и нејзината севкупна работа и ангажман,, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Марина Мијоска Белшоска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката (вкупно пресметани 139,01 поени, од кои во наставно-образовната дејност – 63,91 поен, во научноистражувачката дејност – 58,80 поени и во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес – 16,30 поени) од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Марина Мијоска Белшоска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област дигитален бизнис, по предметите Менаџмент на бизнис процеси и Аналитика на бизнис податоци.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, д-р Марина Мијоска Белшоска да биде избрана во звањето редовен професор во научната област дигитален бизнис, по предметите: Менаџмент на бизнис процеси и Аналитика на бизнис податоци.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Сашо Јосимовски, с.р.**
**Проф. д-р Калина Треневска Благоева, с.р.**
**Проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска, с.р.**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

Кандидат: **Марина Нове Мијоска Белшоска**
Институција: **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје**
Научна област: **дигитален бизнис**

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| Ред. Број | Општи услови | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,69<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00<br>Просечниот успех изнесува: 9,85 за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: дигитален бизнис (5.02.00.04).<br>Поле: економија и бизнис (5.02).<br>Подрачје: општествени науки (5) | ДА |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1. | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: International Journal *Southeast European Review of Business and Economics- SERBE*,<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>3. Наслов на трудот: „Student’s Perceptions Towards the Use and acceptance of ChatGPT in Higher Education – Evidence from North Macedonia“<br>4. Година на објава: 2024 | ДА |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: WSB Journal of Business and Finance<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>3. Наслов на трудот: „The Impact of Website Design on Consumer Decision Making – Evidence from North Macedonia“<br>4. Година на објава: 2023 | ДА |

| | | |
|---|---|---|
| 3.3 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: Proceeding of the 4th International Scientific Conference Economic and Business Trends Shaping the Future<br>2.Назив на меѓународниот собир: 4th International Scientific Conference „Economic and Business Trends Shaping the Future“, Faculty of Economics – Skopje, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, North Macedonia<br>3. Имиња на земјите: САД, Словенија, Северна Македонија, Хрваткса, Чешка, Србија, Канада, Шпанија, Швајцарија, Обединето Кралство, Австралија, Босна и Херцеговина, Германија, Бугарија, Албанија, Ирска, Бугарија итн.<br>4. Наслов на трудот: „Determinants of Online Impulse Buying Behaviour of Generation Z - the Case of North Macedonia“<br>5. Година на објава: 2023 | ДА |
| 3.4 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Knowledge - International Journal<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>3. Наслов на трудот: „Technical Infrastructure and Tools for Gamification in Education“<br>4. Година на објава: 2023 | ДА |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: Proceeding of the 3rd International Scientific Conference Economic and Business Trends Shaping the Future<br>2.Назив на меѓународниот собир: 3rd International Scientific Conference „Economic and Business Trends Shaping the Future“, Faculty of Economics – Skopje, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, North Macedonia<br>3. Имиња на земјите: САД, Словенија, Северна Македонија, Хрватска, Чешка, Србија, Канада, Шпанија, Швајцарија, Обединето Кралство, Австралија, Босна и Херцеговина, Германија, Бугарија, Албанија, Ирска, Бугарија итн.<br>4. Наслов на трудот: „Understanding Students’ Online Learning Behavior Using UTAUT Model–the Case of North Macedonia“<br>5. Година на објава: 2022 | ДА |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: Proceedings of the XII International Conference on Economy, Business & Society in Digitalized Environment<br>2. Назив на меѓународниот собир: XII International Conference on Economy, Business & Society in Digitalized Environment, Faculty of Economics – Prilep, St. Kliment Ohridski University in Bitola, North Macedonia<br>3. Имиња на земјите: Северна Македонија, Турција, Полска, Чешка, Романија, Обединето Кралство, Србија, Бугарија, Албанија и др.<br>4. Наслов на трудот: „Online Learning Adoption During Covid-19 Pandemic-the Experience of the Undergraduate Students in North Macedonia“ | ДА |

| | | |
|---|---|---|
| | 5. Година на објава: 2022 | |
| 3.6 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: International Journal of Multidisciplinarity in Business and Science (IJMBS)<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>3. Наслов на трудот: „Predicting Consumer Intentiont Use Mobile Banking Services in North Macedonia“<br>4. Година на објава: 2020 | ДА |
| 4. | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира<br>1. Наслов на практикумот (учебно помагало): Business Process Management – Basic Process Modeling with BPMN<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2024 | ДА |
| 5. | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 30.12.2019 г., Универзитетски билтен бр. 1206 | ДА |
| 6. | Има способност за изведување на високообразовна дејност. | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Сашо Јосимовски, с.р.**
**Проф. д-р Калина Треневска Благоева, с.р.**
**Проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Марина Нове Мијоска Белшоска**
Институција: **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје**
Научни области: **дигитален бизнис**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување настава**<br>(неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар * бодување * години на изведување на настава); (бодување: 0,04 за прв циклус; 0,05 за втор циклус)<br><br>**Прв циклус студии (24)**<br>2019/2020<br>▪ Менаџмент на бизнис процеси (4*15*0,04=2.4)<br>2020/2021<br>▪ Аналитика на бизнис податоци (4*15*0,04=2.4)<br>▪ Менаџмент на бизнис процеси (4*15*0,04=2.4)<br>▪ Основи на бизнис аналитика (4*15*0,04=2.4)<br>2021/2022<br>▪ Аналитика на бизнис податоци (4*15*0,04=2.4)<br>▪ Менаџмент на бизнис процеси (4*15*0,04=2.4)<br>2022/2023<br>▪ Аналитика на бизнис податоци (4*15*0,04=2.4)<br>▪ Менаџмент на бизнис процеси (4*15*0,04=2.4)<br>2023/2024<br>▪ Аналитика на бизнис податоци (4*15*0,04=2.4)<br>▪ Менаџмент на бизнис процеси (4*15*0,04=2.4)<br><br>**Втор циклус студии (18)**<br>2019/2020<br>▪ Е-Влада (40*0,05=2)<br>2020/2021<br>▪ Дизајнирање на бизнис процеси (40*0,05=2)<br>▪ Е-Влада (40*0,05=2)<br>2021/2022<br>▪ Дизајнирање на бизнис процеси (40*0,05=2)<br>▪ Е-Влада (40*0,05=2)<br>2022/2023<br>▪ Дизајнирање на бизнис процеси (40*0,05=2)<br>▪ Е-Влада (40*0,05=2)<br>2023/2024<br>▪ Дизајнирање на бизнис процеси (40*0,05=2)<br>▪ Е-Влада (40*0,05=2) | **42,0** |
| 2. | **Одржување вежби**<br>(неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар * бодување * години на изведување на вежби); (бодување:0,03)<br>2019/2020<br>▪ Менаџмент на бизнис процеси (2*15*0,03=0.9) | **9,0** |

| | | |
|---|---|---|
| | 2020/2021<br>▪ Аналитика на бизнис податоци (2*15*0,03=0.9)<br>▪ Менаџмент на бизнис процеси (2*15*0,03=0.9)<br>▪ Основи на бизнис аналитика (2*15*0,03=0.9)<br>2021/2022<br>▪ Аналитика на бизнис податоци (2*15*0,03=0.9)<br>▪ Менаџмент на бизнис процеси (2*15*0,03=0.9)<br>2022/2023<br>▪ Аналитика на бизнис податоци (2*15*0,03=0.9)<br>▪ Менаџмент на бизнис процеси (2*15*0,03=0.9)<br>2023/2024<br>▪ Аналитика на бизнис податоци (2*15*0,03=0.9)<br>▪ Менаџмент на бизнис процеси (2*15*0,03=0.9) | |
| **3.** | **Подготовка на нов предмет**<br>(предавања 1; вежби 0,5)<br>▪ Аналитика на бизнис-податоци на прв циклус студии по е-бизнис на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје, наставен план 2022/23 г. (предавања 1; вежби 0,5)<br>▪ Аналитика на бизнис-податоци на втор циклус (двегодишни) студии по е-бизнис менаџмент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје, наставен план 2022/23 г. (предавања 1) | |
| | ▪ предавања (2*1,0) | **2,0** |
| | ▪ вежби (1*0,5) | **0,5** |
| **4.** | **Консултации со студенти**<br>**Прв циклус (1,27)**<br>(број на студенти*бодување); (бодување: 0,002)<br>▪ Менаџмент на бизнис процеси **(1,16)**: (130*0,002=0,26) (2019/2020г.); (130*0,002=0,26) (2020/2021г.); (120*0,002=0,24) (2021/2022г.); (100*0,002=0,2) (2022/2023г.); (100*0,002=0,2) (2023/2024г.)<br>▪ Аналитика на бизнис податоци **(0,078)**: (5*0,002=0,010) (2020/2021.); (10*0,002=0,020) (2021/2022г.); (5*0,002=0,010) (2022/2023 г.); (19*0,002=0,038) (2023/2024г.)<br>▪ Основи на бизнис аналитика **(0,032)**: (16*0,002=0,032) (2020/2021г.);<br>**Втор циклус (0,042)**<br>▪ Дизајнирање на бизнис процеси **(0,034)**: (4*0,002=0,008) (2020/2021г.); (5*0,002=0,010) (2021/2022 г.); (4*0,002=0,008) (2022/2023г.); (4*0,002=0,008) (2023/2024г.)<br>▪ Е-влада **(0,008)**: (2*0,002=0,004) (2020/2021), (3*0,002=0,006) (2023/2024) | **1,31** |
| **5.** | **Ментор на дипломска работа**<br>(број на менторства * бодување); (бодување: 0,2)<br>▪ (7* 0,2 = 1.4) | **1,4** |
| **6.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерска**<br>(број на комисии * бодување); (бодување:0,3)<br>▪ (3*0,3 = 0,9) | **0,9** |
| 7. | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа**<br>(број на комисии * бодување); (бодување: 0,1)<br>▪ (8*0,1 = 0,8) | **0,8** |
| **8.** | **Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум** | **4,0** |

| | | |
|---|---|---|
| | **(бодување: автор 4, коавтор 3)**<br>▪ Business process management – Basic Process Modeling with BPMN, Економски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, јуни 2024 (автор) ISBN 978-608-212-099-7 (4,0) | |
| **9.** | **Пакет-материјали за одреден предмет**<br>(број на пакет-материјали * бодување) (бодување: 1)<br>▪ 2*1 | **2,0** |
| | **Вкупно** | **63.91** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. Број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Раководител на национален научен проект**<br>▪ Научноистражувачки проект „Детерминанти и ефекти на неформалната економија“, проект финансиран од УКИМ (ко-координатор и главен истражувач) (6,0) | **6,0** |
| **2.** | **Учесник во национален научен проект** (3 поени)<br>▪ Научноистражувачки проект на Економскиот факултет – Скопје „Перспективи и предизвици на процесот на приближување на јавниот и бизнис секторот во Република Македонија кон стандардите и конкурентноста на економиите во Европската Унија“ – Економски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2015 – во тек (3,0) | **3,0** |
| **3.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови[1] (5 поени)**<br>▪ Mijoska, M., and Trenevska Blagoeva, K., (2024), „Student’s Perceptions Towards the Use and Acceptance of ChatGPT in Higher Education – Evidence from North Macedonia“, International Journal Southeast European Review of Business and Economics- SERBE, Volume 5 / Issue 1, pp. 9-32 published by the Faculty of Economics - Prilep, North Macedonia, (published june-2024) (5*0,90 = 4,5)<br>▪ Trenevska Blagoeva, K., Mijoska, M. and Pulevska-Ivanovska, L., (2023), The Impact of Website Design on Consumer Decision Making – Evidence from North Macedonia, *WSB Journal of Business and Finance,* 57(1), pp. 78-87, Published 22.11.2023 (EBSCO) \| journal-article (5*0,80 = 4,0)<br>▪ Kiselicki, M., Trenevska Blagoeva, K., Mijoska Belshoska, M. and Josimovska, T. (2023). Technical Infrastructure and Tools for Gamification in Education, *Knowledge - International Journal, 60*(1), pp. 61–68. Published 2023-09-30 (EBSCO) \| journal-article (5*0,60 = 3,0)<br>▪ Trenevska Blagoeva, K., Mijoska, M. and Trpkova-Nestorovska, M., (2022). Online Learning Adoption During Covid- 19 Pandemic – the Experience of the Undergraduate Students in North Macedonia, *Horizons - International Scientific Journal* 30 (1):125- | **24,0** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 38. https://doi.org/10.20544/HORIZONS.A.30.1.22.P09. (Published: Dec 15, 2022) \| journal-article (5*0,80 = 4,0)<br>▪ Mijoska, M., Trpkova -Nestorovska, M. and Trenevska Blagoeva, K., (2020), Predicting Consumer Intention to Use Mobile Banking Services in North Macedonia, *International Journal of Multidisciplinarity in Business and Science (IJMBS)* , Vol. 6 No. 10, pp. 5-12, 2020, published 2020-11-21 \|journal-article (ProQuest Social Science Premium Collection ProQuest International Bibliography of the Social Sciences (IBSS) ProQuest ABI/INFORM EBSCO Central & Eastern European Academic Source (CEEAS) (5*0,80 = 4,0)<br>▪ Mijoska Belsoska, M. and Trenevska Blagoeva, K., (2020). Evaluating Data Analytics Adoption in Selected Companies of the Financial Sector in the Republic of North Macedonia, *Horizons - International Scientific Journal,* 25 (2):21-40. **Published:** Feb 14, 2020 \| journal-article (5*0,90 = 4,5) | |
| **4.** | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји (5 поени)**<br><br>▪ Mijoska, M., Trenevska Blagoeva, K. and Trpkova-Nestorovska, M., (2023), Determinants of Online Impulse Buying Behaviour of Generation Z - the Case of North Macedonia, Proceeding of the 4th International scientific conference Economic and Business Trends Shaping the Future (EBTSF23), pp. 289-301, 09-10 November 2023, Faculty of Economics-Skopje, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, North Macedonia, (published 15-Dec-2023) (5*0,80 = 4,0)<br>▪ Trenevska Blagoeva, K., Mijoska, M. and Trpkova-Nestorovska, M., (2022), Online Learning Adoption During Covid-19 Pandemic-The Experience of the Undergraduate Students in North Macedonia, Proceedings of the XII International Conference on Economy, Business & Society in Digitalized Environment (EBSiDE 2022), pp.320-330, September 23-25.09.2022, University „St. Kliment Ohridski“ – Bitola, Faculty of Economics – Prilep, North Macedonia (5*0,80 = 4,0)<br>▪ Mijoska, M., Trenevska Blagoeva, K. And Trpkova-Nestorovska, M., (2022), Understanding Students' online Learning Behavior Using UTAUT Model–the Case of North Macedonia, Proceeding of the 3rd International Scientific Conference Economic and Business Trends Shaping the Future (EBTSF22), pp. 291-302, 10-11 November 2022, Faculty of Economics-Skopje, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, North Macedonia (Published 11-Nov-2022) (5*0,80 = 4,0)<br>▪ Trenevska Blagoeva, K., Mijoska, M. and Trpkova-Nestorovska, M., (2021), Online Food Purchasing Consumer Behaviour in North Macedonia Amid COVID-19 Pandemic: An Extended TAM Approach, Proceedings of the 2nd international scientific conference „Economic and Business Trends Shaping the Future“ – EBTSF21, pp. 100-111, 11-12 November 2021, Faculty of Economics-Skopje, SS. Cyril and Methodius University in Skopje, North Macedonia, published 13-Nov-2021 (5*0,80 = 4,0) | **20,0** |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ Trenevska Blagoeva, K., Mijoska, M. and Trpkova-Nestorovska, M., (2020), Mobile Banking Adoption Analysis in North Macedonia Using TAM, Proceedings of the 1st International Scientific Conference „Economic and Business Trends Shaping the Future“ – EBTSF20, pp.247-259, 12-13 November 2020, Faculty of Economics-Skopje, SS. Cyril and Methodius University in Skopje, North Macedonia (published 2020-14-11) (5*0,80 = 4,0) | |
| **5.** | **Рецензија на научен/стручен труд (бодување: 0,2)**<br>▪ Рецензент на научен/стручен труд за стручното списание Southeast European Review of Business and Economics (SERBE), мај 2020, (0,2)<br>▪ Рецензент за меѓународната конференција - 1st International Scientific Conference "Economic and Business Trends Shaping the Future 2020, EBTSF-20, (2*0,2=0,4)<br>▪ Рецензент за меѓународната конференција - 2nd International Scientific Conference "Economic and Business Trends Shaping the Future 2020, EBTSF-21, (0,2) | **0,8** |
| **6.** | **Учество на научен/стручен собир со реферат (бодување: усна презентација 1,0)**<br>Учество на меѓународна конференција, усна презентација: (5*1,0=5,0)<br>▪ Презентација на труд со наслов: Mijoska, M., Trenevska Blagoeva, K. and Trpkova-Nestorovska, M., (2023), Determinants of Online Impulse Buying Behaviour of Generation Z - the Case of North Macedonia, Proceeding of the 4th International Scientific Conference Economic and Business Trends Shaping the Future (EBTSF23), pp. 289-301, 09-10 November 2023, Faculty of Economics-Skopje, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, North Macedonia, (published 15-Dec-2023) (1,0)<br>▪ Презентација на труд со наслов: Trenevska Blagoeva, K., Mijoska, M. and Trpkova-Nestorovska, M., (2022), Online Learning Adoption During Covid-19 Pandemic-the Experience of the Undergraduate Students in North Macedonia, Proceedings of the XII International Conference on Economy, Business & Society in Digitalized Environment (EBSiDE 2022), pp.320-330, September 23-25.09.2022, St. Kliment Ohridski University in Bitola, Faculty Of Economics – Prilep, North Macedonia (1,0)<br>▪ Презентација на труд со наслов: Mijoska, M., Trenevska Blagoeva, K. And Trpkova-Nestorovska, M., (2022), Understanding Students' online Learning Behavior Using UTAUT Model–the Case of North Macedonia, Proceeding of the 3rd International Scientific Conference Economic and Business Trends Shaping the Future (EBTSF22), pp. 291-302, 10-11 November 2022, Faculty of Economics-Skopje, Ss. Cyril And Methodius University in Skopje, North Macedonia Published 11-Nov-2022 (1,0)<br>▪ Презентација на труд со наслов: Trenevska Blagoeva, K., Mijoska, M. and Trpkova-Nestorovska, M., (2021), Online Food Purchasing Consumer Behaviour in North Macedonia Amid COVID-19 Pandemic: An Extended TAM Approach, Proceedings of the 2nd International Scientific Conference „Economic and Business Trends Shaping the Future“ – EBTSF21, pp. 100-111, 11-12 November 2021, Faculty of Economics-Skopje, SS. Cyril and Methodius University in Skopje, North Macedonia, published 13-Nov-2021 (1,0) | **5,0** |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ Презентација на труд со наслов: Trenevska Blagoeva, K., Mijoska, M. and Trpkova-Nestorovska, M., (2020), Mobile Banking Adoption Analysis in North Macedonia Using TAM, Proceedings of the 1st International Scientific Conference "Economic and Business Trends Shaping the Future" – EBTSF20, pp.247-259, 12-13 November 2020, Faculty of Economics-Skopje, SS. Cyril and Methodius University in Skopje, North Macedonia (published 2020-14-11) (1,0) | |
| | **Вкупно** | **58.80** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Учество во промотивни активности на факултетот/институтот** (0,5 поени)<br>▪ Учество во промотивни активности на отворен информативен ден за промоција на прв циклус студии 2019/2020; 2020/2021; 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024 година (5*0,5=2,5)<br>▪ Учество во промотивни активности на втор циклус студии „Отворен ден на Економски факултет – Скопје“, Скопје, 2019/2020; 2020/2021; 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024 (5*0,5=2,5) | **5,0** |
| 2. | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект (носител 1, соработник 0,5)**<br>• Носител - Научноистражувачки проект „Детерминанти и ефекти на неформалната економија“, проект финансиран од УКИМ (ко-координатор и главен истражувач), 2021 - во тек (1,0) | **1,0** |
| 3. | **Член на факултетска комисија**<br>• Член на организациски одбор за јубилејот „20 години Е-бизнис департман“, Економски факултет – Скопје, 2023, (Одлука бр.02-574/1 од 4.4.2023 г.),(0,5)<br>• Член на Централна комисија која ќе ги спроведе уписите за запишување на студентите на прв циклус студии на Економскиот факултет – Скопје, 2020/2021 (0,5)<br>• Рецензентска комисија за избор на демонстратор на Катедрата за е-бизнис (Одлука бр. 02-1334/8 од 7.9.2022 г.) (0,5)<br>• Член на Комисија за спроведување на GAP-анализа (Стандард 2: Physical, Virtual and Financial Resources), како активност во рамки на процесот за стекнување на Економски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со AACSB-акредитација (0,5)<br>• Член на Комисија која ќе ги спроведува постапките за јавни набавки на Економскиот факултет – Скопје (2019 – 2021) (Одлука бр. 02-2272/11 од 13.11.2019), (2*0,5=1)<br>• Член на Комисија која ќе ги спроведува постапките за јавни набавки на Економскиот факултет – Скопје (2021 – 2023) (Одлука бр. 02-2140/15 од 1.12.2021 г. до 22.11.2023), (2*0,5=1)<br>• Член на Комисија која ќе ги спроведува постапките за јавни набавки на Економскиот факултет – Скопје (2023 – 2025) (Одлука бр. 02-1873/12 од 21.10.2023, до 23.11.2025 г.), (2*0,5=1)<br>• Претседател на Поткомисија за Самоевалуација на ниво на студиска програма Е-бизнис на Економскиот факултет во Скопје, (Одлука бр. 02-2179/19 од 6.11.2019, до 6.11.2022 г.), (0,5) | **10,0** |

| | | |
|---|---|---|
| | • Член на Централна комисија за самоевалуација на Економскиот факултет – Скопје (2021 – во тек) (Одлука бр. 02-1545/10 од 6.10.2022 до 6.10.2026 г.), (0,5)<br>• Секретар на Катедрата за е-бизнис на Економскиот факултет во Скопје, (Одлука бр. 04-2512/3 од 11.12.2019 до 24.11.2022 ), (0,5)<br>• Секретар на Колегиумот на студиска програма Е-бизнис менаџмент на втор циклус студии (едногодишни и двегодишни стиудии) (од 2023 – во тек) (Одлука бр. 02-226/1 од 31.1.2023 г.), (0,5)<br>• Претседател на Комисија за распишување и спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетско студентско собрание на Економскиот факултет – Скопје (Одлука бр. 02-1888/1 од 15.10.2021 г.), (0,5)<br>• Член на Комисија која ќе подготви предлог-акт со кој ќе се уреди начинот, условите и роковите за континуирано и завршното оценување на студентите на прв и втор циклус студии на Економски факултет – Скопје (Одлука бр. 02-218/14 од 7.2.2020), (0,5)<br>• Член на Библиотечниот одбор на Економскиот факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Одлука бр. 02-2471/9 од 10.12.2019 до 10.12.2022 г.), (0,5)<br>• Член на Комисија за испитување на можноста за подготовка на мултимедијална 360 виртуелна презентација на Економски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2023 година, (Одлука бр.02-1873/15 од 28.10.2023), (0,5)<br>• Член на Комисија за определување на дисциплинска одговорност на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје, (Одлука бр. 02-435/3 од 7.3.2018 до 7.3.2021 г.), 0,5<br>• Член на организациски одбор за организирање на меѓународна летна школа „Make a difference: learn how to evaluate economic impact of the COVID -19 pandemic“, 20 – 22.9.2021 г., (Одлука бр.02-978/10 од 3.6.2021 г.), (0,5) | |
| **4** | **Член на здружение поврзано со струката**<br>Член на заедницата на инструктори за дисциплината „Fundamentals of Business Process Management“, која ја сочинуваат 230 образовни институции (универзитети и институти) од повеќе од 70 земји во светот. | **0,3** |
| | **Вкупно** | **16,30** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **63,91** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **58.80** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ и ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **16.30** |
| **Вкупно** | **139,01** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Сашо Јосимовски, с.р.**
**Проф. д-р Калина Треневска Благоева, с.р.**
**Проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска, с.р.**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕНАЏМЕНТ И БИЗНИС (5.02.00.03), ПО ПРЕДМЕТИТЕ: МЕНАЏМЕНТ-ИНФОРМАЦИОНИ СИСТЕМИ И БИЗНИС-КОМУНИКАЦИИ, НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/Економски факултет – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” од 24.7.2024 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област менаџмент и бизнис (5.02.00.03), по предметите: Менаџмент-информациони системи и Бизнис-комуникации, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1396/3, донесена на 3.9.2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Благоја Ѓорѓијовски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, д-р Виолета Цветкоска, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје и д-р Николина Паламидовска-Стерјадовска, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област менаџмент и бизнис (5.02.00.03), по предметите: Менаџмент-информациони системи и Бизнис-комуникации, во предвидениот рок се пријави вонреден професор д-р Никола Левков.

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Никола Левков е роден на 12.5.1980 година, во Куманово. Средно образование завршил во Гимназијата „Гоце Делчев“ во Куманово со одличен успех на природно-математичка насока. Дипломирал на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2003 година, со просечен успех 9,03. По дипломирањето, се пријавил на објавениот конкурс за избор на помлад асистент по предметите: Менаџмент-информациони системи и Деловно комуницирање. На 28.5.2004 година е избран во звањето помлад асистент на предметите: Менаџмент-информациони системи и Деловно комуницирање, во областа организациски науки и управување (менаџмент).

Во учебната 2004/2005 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на МБА-менаџмент на Економски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Постдипломските студии ги завршил во 2009 година, со просечен успех 9,88. На 7.5. 2009 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Менаџмент на знаење и организациско учење во организација базирана на знаење*. Во рамките на своето дваесетгодишно работно искуство, покрај тоа што редовно ги извршувал своите работни обврски, покажал и особен интерес за професионално усовршување во својата кариера. Па така, во периодот помеѓу 8 јануари и 21 мај во 2008 година успешно ја завршил програмата за развој на младиот научен кадар (JFDP – Junior Faculty Development Program) во областа на бизнис-администрацијата на Универзитетот „Џорџ Вашингтон“ во Вашингтон, САД, програма финансирана од страна на Стејт департментот на САД. За време на студискиот престој во САД, покрај тоа што посетувал часови по повеќе дисциплини од информациони системи и бизнис-комуникации на постдипломски студии на департманот менаџмент, соработувал со неговиот академски ментор, професорот Stuart Umpleby, со кој има објавено и еден коавторски труд.

Во периодот од февруари 2010 до февруари 2011 год., успешно ги завршил едногодишните постдипломски студии од областа на информациониот менаџмент на Католичкиот универзитет „Лувен“ во Лувен, Белгија, каде што дипломирал со значајна разлика (cum laude) како еден од најдобрите во генерацијата со магистерската теза „Маркетинг преку социјални медиуми“ под менторство на професорот Bart Baesens. Ова негово професионално усовршување претставува значително проширување на неговите знаења од областа на информационите системи, што особено ја надградија и ја унапредија неговата наставна и научноистражувачка работа.

Докторска дисертација пријавил на 21.10.2011 година на Економски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дисертацијата на тема: *Влијанието на усогласеноста меѓу бизнисот и информациско-комуникациската технологија врз организациските перформанси* ја одбранил на 9.2.2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Димитар Бојаџиоски, проф. д-р Благоја Ѓорѓијоски, проф. д-р Сашо Јосимовски, проф. д-р Благородна Тодосиоска и доц. д-р Мартин Михајлов. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област организациски науки и управување (менаџмент). На 19.6.2015 година е избран во звањето доцент, а на 31.1.2020 година е избран во звањето вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје, во областа менаџмент и бизнис, по предметите: Менаџмент-информациони системи и Деловно комуницирање. Во својата академска кариера како доцент, кандидатот проф. д-р Никола Левков продолжува со инзвонредна наставно-научна и стручно-апликативна работа за што сведочат резултатите објавени во референтот за избор во звањето вонреден професор објавени во Билтен на УКИМ бр. 1206 од 30.12.2019 година.

Кандидатот д-р Никола Левков одлично го владее англискиот јазик и активно се служи со него, како за време на наставата на студиската програма од втор циклус – Strategic human resource management, но и на бројни конференции на коишто има презентирано трудови на англиски јазик. Тој има положено TOEFL IBT-тест на 7 ноември 2009 година со 96 поени. Кандидатот проф. д-р Никола Левков во моментот е вонреден професор. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1206 од 30.12.2019 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 851, бр. 918, бр. 969,бр. 1034, бр. 1101 и бр. 1206, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата и подготовката на овој извештај, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Економски факултет –Скопје, кандидатот д-р Никола Левков изведува настава и вежби на прв циклус студии по предметите: Менаџмент-информациони системи, Бизнис-комуникации и Менаџерско одлучување и решавање на проблеми; на втор циклус студии, по предметот Менаџмент-информациони системи, на студиската програма МБА-менаџмент, Фин-тех и дигитално банкарство, на Корпоративен финансиски менаџмент, New challenges in HR и Business communication and negotiation, на Strategic Human Resource Management. На трет циклус студии, д-р Никола Левков изведува настава по предметите: Менаџмент-информациони системи и Теорија на одлучување.

Кандидатот проф. д-р Никола Левков во изминатиот период значајно ја има иновирано програмата по предметот Менаџмент-информациони системи, а за истиот предмет има објавено и нов учебник со наслов „Менаџмент информациони системи“, во декември 2023, ISBN 978-608-212-095-9. Дополнително, кандидатот д-р Никола Левков за време на својата работа како вонреден професор ја има иновирано наставата на втор циклус студии преку воведување на нов предмет, Фин-тех и дигитално банкарство, на студиската програма Корпоративен финансиски менаџмент, New challenges in HR и Business communication and negotiation, на студиската програма Strategic Human Resource Management.

Во изведувањето на наставата, кандидатот користи напредни наставно-образовни методи, во вид на работа на студии на случај, практични симулации, превртена училница и онлајн алатки за анкетирање со што ги стимулира студентите на активно учество во наставата, со што го стимулира критичкото и креативното размислување кај студентите. Редовно студентите изработуваат проектни задачи, работат на вежби и учествуваат во симулации со што им се доближува и олеснува разбирањето на наставната материја. Покрај предавањата, кандидатот секојдневно е ангажиран со консултации со студенти од различно ниво на студии и водење на проектни задачи, дипломски и магистерски трудови. Дополнително, кандидатот е вклучен во подготовка и оценка на испитни прашања и во организација на испити/колоквиуми по соодветните предмети.

Кандидатот д-р Никола Левков, како вонреден професор, бил ментор на 26 дипломски и 12 магистерски труда, а учествувал и како член во комисии за оцена/или одбрана на 47 дипломски и 7 магистерски труда и на 2 докторски дисертации. Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот проф. д-р Никола Левков, во периодот од последниот избор во звањето вонреден професор до денес, континуирано добива позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Економскиот факултет во Скопје, по предметите: Менаџмент-информациони системи (просечна оценка 9,21 од максимум 10), Бизнис-комуникации (просечна оценка 9,60 од максимум 10) и Менаџерско одлучување и решавање на проблеми (просечна оценка 9,8 од максимум 10). Ова е уште една потврда за неговиот квалитет и професионализам во извршувањето на наставно-образовната дејност.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Никола Левков има објавено вкупно 33 научни трудови од областа менаџмент и бизнис од почетокот на неговата академска кариера до неговото пријавување на конкурсот за избор објавен на 24.7.2024 година. Потврда за исклучително квалитетната научноистражувачка работа на кандидатот се, секако, двата магистерски труда и докторскиот труд на кандидатот кои ги исполнуваат највисоките критериуми за научноистражувачко дело.

Во последните пет години, почнувајќи од неговиот последен избор во звањето вонреден професор до објавувањето на конкурсот, кандидатот д-р Никола Левков има објавено вкупно 11 труда, од кои два труда со импакт-фактор, објавени во меѓународни научни списанија, индексирани во Web of science, еден труд објавен во меѓународно научно списание, индексирано во Web of science и Scopus, два труда објавени во зборници на трудови како меѓународни публикации кои се индексирани во Scopus, едно поглавје во научноистражувачка книга индексирана во Scopus, еден труд во меѓународно списание кое е индексирано во RePEc и четири труда објавени во зборници на конференции како меѓународни публикации.

Подолу е дадена листата на објавени трудови од областа на менаџмент и бизнис во периодот од последниот избор до објавување на конкурсот:

1) **Levkov, N.**, Kitanovikj, B., 2024. The importance of digital skills for the Western Balkans-comparative analysis between the Western Balkans and the European Union. Economy, Business and Development: An International Journal, 5(1), pp.28-43.
2) Kitanovikj, B., Koteska, B., **Levkov, N.,** Velinov, G. and Chagoroska, Z., 2024. A narrative review of e-health systems' evolution–evidence from a regional study. Journal of Health Organization and Management, Vol. 38 No. 3, pp. 389-413.
3) **Levkov, N.,** Santa, M., Kitanovikj, B. "Exploring virtual influencers' potential to reduce interethnic intolerance in online youth communication" (2023). The 31st European Conference in Information Systems (ECIS),11-16 Јуни, Кристиансенд, Норвешка. https://aisel.aisnet.org/ecis2023_rip/63
4) **Levkov, N.,** Jacks, T., Boateng, R., 2023. Exploring the temporal aspect of B-IT social alignment on operational level: A reflexive thematic analysis. The Electronic Journal of Information Systems in Developing Countries, 89(1), p.e12244.
5) **Levkov, N.,** Bogoevska-Gavrilova, I. and Trajkovska, M., 2022. Profile and financial behaviour of crypto adopters–evidence from macedonian population survey. South East European Journal of Economics and Business, 17(2), pp.172-185.
6) **Levkov, N.** 2022 "Preferences for digital versus printed textbooks: Existing and emerging challenges" , 43thrd International Conference on Information Systems (ICIS) Proceedings. 1. 9-14 Декември,Копенхаген.https://aisel.aisnet.org/icis2022/learning_iscurricula/learning_iscurricula/1
7) **Levkov, N.,** (2022). „To Buy Or Not To Buy Crypto–Cognitive Reflection, Temporal Discounting, And Risk Preference In Crypto Assets Adoption“.The 30st European Conference in Information Systems (ECIS) - New Horizons in Digitally United Societies, 18-24 Јуни, Темишвар, Романија.
8) Palamidovska-Sterjadovska, N., **Levkov, N.**, Ciunova-Shuleska, A., 2021. Linking Banking Service Quality to Customer Loyalty: Two Levels Perspective. In Eurasian Business and Economics Perspectives: Proceedings of the 33rd Eurasia Business and Economics Society Conference (pp. 193-211). Springer International Publishing.

9) Palamidovska-Sterjadovska, **Levkov, N.**, Ciunova-shuleska, A., 2020. Service quality, customer satisfaction and loyalty: An empirical analysis of the Macedonian retail banking sector, 33rd EBES CONFERENCE 2020, 1180-1195
10) **Levkov, N.,** Santa, M., Hamit Turan, A. 2020 “The Moderating Role of Help-Seeking Behavior of It Professionals–a Guest for Looking at Independent Variables”, 19th Global Information Technology Management Association (GITMA) World Conference 2020 - Digital Entrepreneurship, Innovation and Transformation At: Virtual Conference
11) **Levkov, N.**, Santa, M., Jacks, T., Turan, A.H., 2020. Information technology issues in Republic of Macedonia. In The world IT project: Global issues in information technology (pp. 249-265).

Д-р Никола Левков е раководител и на еден национален научноистражувачки проект насловен „Влијанието на промените во меѓународната економија врз синџирите на снабдување и конкурентноста на македонските компании“, бр.02-858/47 од 20.9.2022, Скопје, а бил учесник во еден меѓународен научноистражувачки проект под наслов: „The world IT project: Global issues in information technology“. Она што е од особена важност да се истакне за научноистражувачката работа на д-р Никола Левков во изминатиот петгодишен период е што станува активен член на престижната меѓународна асоцијација за информациони системи AIS – Association for Information Systems и учествува со сопствени статии на три конференции, и тоа на 30. и 31. Европска конференција за информациони системи (ECIS – European Conference for Information Systems) и 42. Меѓународна конференција за информациони системи (ICIS – International Conference for Information Systems), со што дава сопствен придонес кон развој на научната мисла во оваа академска заедница. Својот придонес кон развој на научната мисла во рамките на академската заедница за информациони системи ја дава и преку правење рецензии на трудови кои се поднесуваат на конференциите организирани од Асоцијацијата за информациони системи. Па така, во изминатиот петгодишен период има направено вкупно 5 рецензии, од кои 2 за конференциите за информациони системи, организирани од Асоцијацијата за информациони системи.

Доказ дека резултатите во научноистражувачката работа на д-р Никола Левков се плод на континуирана работа од повеќе години и дека тие ќе продолжат и во иднина и по неговиот избор е токму дванаесеттиот по ред објавен труд (трет со импакт-фактор) кој е прифатен за објавување во август 2024 година, само месец дена по објавување на конкурсот насловен како „Exploring Opportunities and Challenges in Promoting Interethnic Tolerance as a Social Good through Virtual Influencers“ во списанието „Global Knowledge, Memory and Communication“. Затоа слободно може да кажеме дека ние како комисија и во иднина очекуваме од д-р Никола Левков голем број на квалитетни статии кои ќе бидат објавени во престижни списанија и зборници на конференции.

Сите други поважни активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, а се релевантни за изборот (називите на трудовите, проектите и сл.), наведени се во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Кандидатот д-р Никола Левков, покрај наставно-научната работа, активно бил вклучен и во извршување на повеќе експертски и консултантски услуги во вид на изработка на студии, анализи и стратешки документи за потребите на повеќе компании и институции. Па така, д-р Никола Левков во две последователни години (2021 – 2022) како експерт учествувал во евалуација на проектните апликации во рамките на програмата Еразмус за потребите на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Во 2024 година учествувал во изработка на анализа „Мапирање на работните процеси на Бирото за Регионален Развој (БРР), а во 2020 година работел на изработката на Стратегијата за развој на Североисточен Плански Регион. Во 2020 година, кандидатот д-р Никола Левков успешно изработил и бизнис-план во вид на проектна апликација за компанијата ЗОНА 1 ДООЕЛ насловена „Безбедно, продуктивно и зелено – Технолошка модернизација на процесот на производство”, која била прифатена и финансирана од Фондот за иновации и технолошки развој преку мерката „Инструмент за поддршка: Кофинансирани грантови за технолошки развој за надминување на последиците од Ковид-19”. Во 2021 година, за потребите на Меѓународната фондација за изборни системи, има изработено план со насоки за развој на комуникациско видео за зголемување на јавната свест за улогата на државната комисија за спречување на корупција во финансирањето на политичките

партии и избори, а за истиот субјект има и подготвено стручна анализа на трошоците од спроведените претседателски избори во 2019 и парламентарните избори во 2020 година.

Дополнително, кандидатот д-р Никола Левков активно е вклучен во работата на бројни активности за развој на Економскиот факултет во Скопје преку членство во многу комисии и тела како: Комисија за подготовка и реализација на GAP-анализа за AACSB-акредитација (стандард 8: Intellectual Contribution), член на Совет за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје, член на изборна комисија на Економски факултет – Скопје за избор на ректор во 2020 година, член на избирачки одбор за спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетско студентско собрание на Економскиот факултет во Скопје во 2020, член на собрание на Универзитетски спортски сојуз на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, учество во две рецензентски комисии за избор на соработник, во соработничко звање – асистент, во научната област менаџмент и бизнис во 2022 и 2024 година. Исто така, д-р Никола Левков е секретар на студиската програма од втор циклус – Стратегиски менаџмент на човечки ресурси во периодот 2021 – 2024 година, а учествувал и во промотивните активности на Факултетот, на прв и втор циклус студии.

Д-р Никола Левков е и член на организацискиот одбор на International Scientific Conference "Economic and Business Trends Shaping the Future – EBTSF во периодот од 2020 до 2024 година. Во изборниот период, д-р Никола Левков учествувала во изготвување и пријавување на еден национален и еден меѓународен научен проект.

Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот, наведени се во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и неговата севкупна работа и ангажман, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Никола Левков.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот (вкупно пресметани 251,25 поени, од кои во наставно-образовна дејност – 138,15 поени, во научноистражувачка дејност – 85,1 и во стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес – 28 поени) од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Никола Левков поседува научни и стручни квалитети според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во научната област менаџмент и бизнис, по предметите: Менаџмент-информациони системи и Бизнис-комуникации.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Благоја Ѓорѓијовски, с.р.**
**Проф. д-р Виолета Цветкоска, с.р.**
**Проф. д-р Николина Паламидовска-Стерјадовска, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Никола Панче Левков
(име, татково име и презиме)
Институција: Економски факултет – Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: менаџмент и бизнис

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР

| Ред. Број | Општи услови | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,03<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,89<br>Просечниот успех изнесува 9,46 за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: менаџмент и бизнис (5.02.00.03).<br>Поле: организациони науки и управување.<br>Подрачје: општествени науки. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Journal of Health Management and Organization, Vol. 38 No. 3, pp. 389-413.<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Scopus, Emerald.<br>3. Наслов на трудот: “A narrative review of e-health systems' evolution–evidence from a regional study”<br>4. Година на објава: 2024 | ДА |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: The Electronic Journal of Information Systems in Developing Countries, 89(1), p.e12244. | ДА |

| | | |
|---|---|---|
3. Elenov, R., Postolov, K., Nacka, M., Kitanovikj, b., 2024. Motivating generation Y: What millennials need for enhancing workplace satisfaction and productivity. *Agriculture & Forestry*, 70(1). (индексиран во Web of science и Scopus, со Cite Score 1.6 за 2023)
4. Eftimov, L., Cvetkoska, V., Kitanovikj, B., 2024. The yesterday, today and tomorrow of employee autonomy: A bibliometric review and research agenda. *Dynamic Relationships Management Journal*, Vol. 13, No. 1, pp. 53-70, May 2024. (Индексиран во Scopus)
5. Janeska-Iliev, A., Kitanovikj, B., 2024. Millennials changing the game: The new generations challenging the workplace. *Poslovna izvrsnost*, Vol. 18 No.1, pp.11-34.
6. Levkov, N. and Kitanovikj, B., 2024. The importance of digital skills for the Western Balkans-comparative analysis between the Western Balkans and the European Union. *Economy, Business and Development: An International Journal*, Vol. *5*, No.1, pp.28-43.
7. Eftimov, L. and Kitanovikj, B., 2024. What makes human resource professionals use artificial intelligence for redesigning jobs: A UTAUT2 study. In *Conference Proceedings from 106th International Scientific Conference on Economic and Social Development*, Varazdin Development and Entrepreneurship Agency, Varazdin, Croatia. pp.56-63, ISSN 1849-7535
8. Cvetkoska, V., Kitanovikj, B., Vlaisavljevikj, M.J., Stojkovski, D., Mitrevska, B. & Dimishkova, T., 2024. Unraveling air pollution dynamics under the influence of fossil fuel subsidies: The cases of Slovenia and North Macedonia in *Proceedings of the 8$^{th}$ FEB International Scientific Conference: Challenges in the Turbulent Economic Environment and Organizations' Sustainable Development,* pp.283-294, ISBN 978-961-286-867-3.
9. Cvetkoska, V., Eftimov, L., Kitanovikj, B., 2023. Enchanting performance measurement and management with data envelopment analysis: Insights from

bibliometric data visualization and analysis. *Decision Analytics Journal*, Vol. 9, p.100367. (Индексиран во Scopus, Cite Score 3.9 за 2023).

10. Eftimov, L., Kitanovic, B., 2023. Unlocking the path to AI adoption: antecedents to behavioral intentions in utilizing AI for effective job (re) design. *Journal of Human Resource Management-HR Advances and Developments*, vol. 26, No. 2/2023, 123-134.
11. Kitanovikj, B., 2023. Employment Practices Using Artificial Intelligence in Healthcare: A Systematic Literature Review, In *Proceedings of the 12th UBT Annual International Conference,* University for Business and Technology (UBT) in Kosovo. ISBN 978-9951-550-95-6
12. Levkov, N., Santa, M., Kitanovikj, B., 2023. Exploring Virtual Influencers'Potential to Reduce Interethnic Intolerance in Online Youth Communication, In *Proceedings of European Conference in Information Systems (ECIS) 2023*, Kristiansand, Norway. ISBN: 978-1-958200-08-7.
13. Eftimov, L., Kitanovikj, B., 2023. Welcome to the Dawn of the Fourth Industrial Revolution: Are HR Professionals Prepared for the Impact of Future of Work?. In *DIEM: Dubrovnik International Economic Meeting, Sveučilište u Dubrovniku*, Vol. 8, No. 1, pp. 57-64.
14. Eftimov, L., Kitanovikj, B., 2023. Tourism in the Post-Covid-19 World: What is the Role of Human Resources in Tracing the Paths to Recovery. In *Proceedings of the Faculty of Economics in East Sarajevo-Journal of Economics.* Issue 26, pp. 19-28, UDC 338.48: [616.98:578.834.
15. Eftimov, l., Kitanovikj, b., 2023. Exploring opportunities and challenges of green human resource management to advance sustainable tourism in North Macedonia, In *Proceedings of 7th International Scientific Conference ToSEE – Tourism in Southern and Eastern Europe* May 25 – 27, 2023, Opatija, Croatia Vol. 7, 99-113.
16. Eftimov, L., Kitanovikj, B., 2023. Remote Work Revolution in Strategic Human Resource Management: Identifying and Exploring Member Needs of a Geographycally-Dispersed Workforce, In *Proceedings of the 4th International Conference Economic and Business Trends Shaping the Future*, Skopje. pp.199-210, ISSN: 2671-3705
17. Kitanovikj, B. 2023. Towards a framework for democratizing work for sustainable tomorrow, In *Proceedings of 11th International Summit Scientific Research Congress*, Gaziantep, Turkiye. ISBN:978-1-955094-78-8
18. Kitanovikj, B. 2023. Looking into the crystal ball: Assessment of methods and their accuracy for forecasting the capacities and state of tourism in the case of North Macedonia, In *Proceedings of International Topkapi Congress II,* Istanbul, Turkiye, ISBN:978-625-8254-32-7.
19. Kitanovikj, B., Kitanovikj, I., 2023. (Social) Media Literacy Competences in the Workplace: Enhancing the Communication of Young Employees, KAIROS: *Media and Communication Review,* vol 1. No.2.
20. Kitanovikj, B., 2023. Концептуализирање на продуктивноста, економичноста и рентабилноста и методите за нивно мерење: Осврт на досегашните практики и поглед кон идните трендови, *Годишник на Економски факултет – Скопје*, ISSN 0489-0922, 58 С. 1-208.
21. Kitanovic, B., Eftimov, L., 2023. Нов „колега“ во Одделот за човечки ресурси: Како ChatGPT го менува менаџментот на човечките ресурси и човечкиот капитал, *Човечки капитал,* број 16, ISSN 1857-7989.

Дополнително кандидатот м-р Бојан Китановиќ за 7 научни публикации (5 научни трудови и 2 поглавја во меѓународни научни книги) има доставено потврди издадени од едиторите на публикациите дека се прифатени за публикување во блиска иднина.

Податоците за овие публикации кои се прифатени и ќе бидат објавени во иднина се прикажани подолу.

1. Postolov, K., Kitanovikj, B., 2024. Unvealing the impact of employee-related factors on the productivity within Macedonian digital work environments, In *Proceedings of the X International Scientific and Professional Conference „Business Development Conference ЈУ Универзитет во Зеница, Србија, 2024“.*
2. Cvetkoska, V., Fotova Čiković, K. and Kitanovikj, B., 2024. Inception of Human-Machine Teams: A Prisma-Compliant Visualization, Analysis and Review of Bibliometric Data. *In XIX international symposium SymOrg: Unlocking the hidden potentials of organization through merging of humans and digitals* (pp. 338-345), Faculty of organizational sciences, Златибор, Србија. ISBN 978-86-7680-464-1.
3. Cvetkoska, V., Kitanovikj, B., Neshkoska, A., Milenkovska, V., Prodanoski, V. 2024. Ranking funding alternatives for climate change resilience: An analytic hierarchy process model", In *Proceedings of the X International Scientific and Professional Conference „Business Development Conference 2024“, ЈУ Универзитет во Зеница, Србија, 2024.*
4. Jeyanthi, M., Cvetkoska, V., Kitanovikj, B., 2024, Decision Intelligence in Sports Marketing, in *Sports Analytics – Data Driven Sports and Decision Intelligence.*
5. Eftimov, L., Cvetkoska, V., Kitanovikj, B., 2024 Exploring the factors influencing productivity in the digital workplace, in *Humanizing the Digital Work (place), Springer Nature Q4 2024.*
6. Eftimov, L., Kitanovikj, B., 2023. Artificial intelligence-driven HR practices in SMEs: a PRISMA-compliant scoping literature review, *In LIMEN 2023 Selected Papers*. ISSN 2683-6149, ISBN 978-86-80194-79-0.
7. Eftimov, L. and Kitanovikj, B., 2024. What can organizations do to boost digital workers' performance? An investigation into facilitating factors. In *Proceedings of XIX International Symposium: Unlocking the hidden potentials of organization through merging of humans and digitals* (pp. 696-705), Faculty of organizational sciences, Златибор, Србија. ISBN: 978-86-7680-464-1.

Кандидатот м-р Бојан Китановиќ како автор или коавтор има објавено  и 4 апстракти на меѓународни конференции за што уредно има доставено примероци од сите апстракти и потврди за прифаќање на истите од организаторите на конференциите .

1. Kitanovikj, B., Eftimov, L., Cvetkoska, V., 2023. The era of artificial intelligence in recruitment: A bibliometric analysis, In Book of abstracts of the *International May Conference on Strategic Management* (IMCSM23), University of Belgrade, Technical Faculty in Bor. ISBN 978-86-6305-135-5
2. Postolov, K., Elenov, R., Kitanovikj, B. 2023. Agriculture 4.0: An Operations management perspective of the use of drones in contemporary agricultural enterprises, In *book of abstracts of BILSEL International Turabdin Scientific Researches and Innovation*, Bilsel, Turkiye. ISBN:978-625-98991-9-0
3. Kitanovikj, B., Cvetkoska, V., Eftimov,L., 2023. Putting a smile on employee faces: A Bibliometric analysis of the Relationship between corporate social responsibility (CSR) and employee satisfaction, *Conference proceedings of the 2nd Conference in Business Research and Management*, Unvevrsity of New York, Tirana, Albania. ISBN 979-12-218-0878-0, pp.297-302.
4. Santa, M., Kitanovikj, B. 2023. Hidden costs, visible challenges: Diagnosing the dysfunctions that lead to the hidden costs in hybrid work models of ICT companies, in *Proceedings of the 4th International Conference Economic and Business Trends Shaping the Future,* Skopje, Republic of North Macedonia.

Дополнително, кандидатот Бојан Китановиќ има доставено потврда дека еден проширен апстракт е прифатен за објавување во зборник на конференција.

1. Eftimov, L., Cvetkoska, V., Kitanovikj, B. 2024. Exploring employee autonomy: Tracing the roots and charting future steps through bibliometric data analysis and

review, 7th *International Conference on Management and Organization: Managing Paradoxes in and Across Organizations*, Belgrade, Serbia.

Во перидот помеѓу 2023 – 2024 година, до распишување на конкурсот, кандидатот м-р Бојан Китановиќ има учествувано на петнаесет конференции. На десет конференции кандидатот учествувал со презентација на труд, а на пет конференции кандидатот учествувал со презентација на апстракт или проширен апстракт.

Бојан Китановиќ е активен учесник како истражувач и член во истражувачките тимови во четири меѓународни проекти и еден национален проект. За сите негови учества во проектите кандидатот има доставено уредна документација во вид на одлуки за состав во тимовите или сертификати за учество. Меѓународните проекти во кои кандидатот м-р Бојан Китановиќ има учество се:

1. „Skills Partnership for Sustainable and Just Migration Patterns“ (SKILLS4JUSTICE) (HORIZON-CL2-2023-TRANSFORMATIONS-01-03 No.101132435) (2023 – 2026)
2. „Global Entrepreneurial Talent Management 4“ (GETM4), Horizon Marie Sklodowska – Curie Actions (MSCA) – HORIZON-TMA-MSCA-SE No.101130572 (2023 – 2027)
3. „Upskilling researchers for sustainable entrepreneurship based on innovation process management – USE IPM“ - HORIZON-WIDERA-2022-TALENTS-03, No. 101120390 (2023 – 2027)
4. „Blended Learning and Evaluation Practices for Inclusive Digital Higher Education“, Agreement number 2022-1-MK01-KA202 HED-000087530, 2023 година.

Дополнително м-р Бојан Китановиќ е активен учесник и во еден национален проект насловен како „Влијанието на промените во меѓународната економија врз синџирите на снабдување и конкурентноста на македонските компании (МАК СИН КОН)“, Одлука бр. 02-2037/6; 30.11.2022 година.

Бидејќи двајцата кандидати пријавени на конкурсот во изминатиот период се ангажирани на Економски факултет во Скопје, едниот како асистент, а другиот како демонстратор, Комисијата на 26.8.2024 година, достави барање за добивање на информација од Економски факултет во Скопје за тоа дали Економскиот факултет во Скопје, како институција има евентуално изречени решенија или дисциплински мерки поврзани со професионалниот однос во извршување на работата од страна на двајцата пријавени кандидати. На 29.8.2024 година, добивме одговор од Економскиот факултет – Скопје, со кој сме информирани дека за кандидатот Бојан Китановиќ не се изречени никакви решенија или дисциплински мерки поврзани со неправилности при професионално извршување на работните обврски.

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ-ИСТРАЖУВАЧ**

**Институција: Економски факултет – Скопје**
**Научна област: бизнис-менаџмент**
**Кандидат: Бојан Китановиќ**

| Ред. број | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | Да |
| 2 | Стекнат назив - магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: менаџмент и бизнис | Да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус студии изнесува: 9,81<br>Просечниот успех на втор циклус студии изнесува: 10,00. | Да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик на ниво Ц2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 5.3.2024 г.<br>5. Странски јазик: англиски јазик<br>6. Назив на документот: Сертификат Cambridge English Level 2 Certificate in ESOL International (First) (Level C1)<br>7. Издавач на документот: Cambridge University Press & Assessment<br>8. Датум на издавање на документот: 4.8.2014 г. | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Љупчо Ефтимов, с.р.**
**Проф. д-р Стојан Дебарлиев, с.р.**
**Проф. д-р Никола Левков, с.р.**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на формално-правните аспекти на постапката за избор на еден извршител во соработничко звање – асистент во научната област менаџмент и бизнис, како и сообразно со целокупната доставена документација од страна на пријавените кандидати на јавнообјавениот конкурс, Рецензентската комисија оценува дека двајцата пријавени кандидати ги исполнуваат општите услови предвидени со Законот за високото образование (член 173), како и посебните услови содржани во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (членови 33, 34, 35, 36 и 37).

Рецензентската комисија својата конечна одлука за избор ја донесе врз основа на сеопфатна анализа на доставените документи, согледувајќи ги остварувањата на двајцата кандидати главно преку увид во остварувањата на кандидатите во научната, наставната и проектната активност.

Оттука, Рецензентската комисија оцени дека кандидатот м-р Бојан Китановиќ демонстрира значајно повисок интегрален степен на исполнетост на очекувањата за избор на асистент во научната област менаџмент и бизнис. Тоа, главно, се согледува преку извонредната проактивност и продуктивност на кандидатот која резултира со објавување на голем број квалитетни научни трудови, апстракти на трудови, учество на меѓународни научни конференции, како и учества во меѓународни и национални научноистражувачки проекти.

Во делот на квалитетот на објавените научни публикации, особено е важно да се истакне дека кандидатот м-р Бојан Китановиќ уште како демонстратор има објавено два труда во списанија со импакт-фактор на кои тој е прв автор. Доколку го погледнеме и бројот на објавени трудови, може да се констатира дека кандидатот м-р Бојан Китановиќ има објавено повеќе од двојно научни публикации во однос на другата кандидатка. Дополнително, кандидатот м-р Бојан Китановиќ покажува неколкукратно поголема проектна активност со своето учество во четири меѓународни проекти и еден национален проект како научен истражувач. Неговото претходно искуство и ангажман во невладиниот сектор и работа на повеќе проекти дава значаен придонес кон неговиот плоден развој како истражувач и успешен академски работник.

На крајот, врз основа и на побараните и добиени информации од Економски факултет – Скопје како институција, Комисијата потенцира дека кога е во прашање посветеноста, совесноста и исполнителноста во реализирањето на наставните, педагошките и други обврски поврзани со академската работа, кандидатот м-р Бојан Китановиќ покажува извонредни резултати без неправилности. Во оваа насока, кандидатот м-р Бојан Китановиќ го красат извонредни комуникациски вештини со позитивна социјална интеракција, како со професорскиот и соработничкиот кадар на факултетот, така и со студентите и надворешни соработници на Факултетот. Тој е секогаш подготвен за колаборација со високо ниво на тимски вештини во извршувањето на наставно-образовните, научноистражувачките и стручно-апликативните активности. Постапува проактивно во зададените задачи, со креативни решенија во нивното осмислување и реализација, притоа завршувајќи ги квалитетно и временски ефикасно.

Оттука, врз основа на сеопфатната и објективна евалуација на двајцата кандидати, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје при УКИМ, **м-р Бојан Китановиќ** да биде избран за извршител во соработничко звање – асистент во научната област менаџмент и бизнис.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Љупчо Ефтимов, с.р.**
**Проф. д-р Стојан Дебарлиев, с.р.**
**Проф. д-р Никола Левков, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ТРОЈЦА АСИСТЕНТИ ПО ПРЕДМЕТОТ ПСИХИЈАТРИЈА И МЕДИЦИНСКА ПСИХОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 5.2.2024 година, за избор на тројца асистенти по предметот Психијатрија и медицинска психологија, како и врз основа на Одлуката број 02-3403/37, донесена на VIII редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 10.7.2024 година, се формираше Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Славица Арсова Хаџи-Анѓелковска, проф. д-р Стојан Бајрактаров и доц. д-р Елизабет Мицева Величковска. Како членови на Рецензентската комисија, по разгледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на тројца асистенти по предметот Психијатрија и медицинска психологија се пријавија: д-р Биљана Гагачовска, д-р Викторија Коровеш и д-р Стефанија Митровска.

**Д-р Биљана Гагачовска**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

**Д-р Биљана Гагачовска** е родена на 12.6.1981 година во Битола. Средно образование завршила во Гимназија „Јосип Броз-Тито“ во Битола, со одличен успех.

На 12.10.2005 дипломирала на Медицинскиот факултет при Медицинскиот универзитет во Пловдив, Р Бугарија со просечен успех 8,61.

На специјализација по психијатрија била во периодот 2006 – 2010 година.

На супспецијализација по детска и адолесцентна психијатрија била во периодот 2019 – 2021 година.

Од 2023 година е студент на докторски студии на Медицинскиот факултет во Скопје, студиска програма Клиничка медицина/детска психијатрија.

Работи како доктор супспецијалист по детска и адолесцентна психијатрија во ЈЗУ Универзитетска клиника по психијатрија во Скопје, каде што е вработена од декември 2023 година.

Во периодот од јануари 2020 до јуни 2022 г. ја извршувала функцијата медицински директор на ЈЗУ Клиничка болница Битола.

Од декември 2017 до декември 2023 г. работела во ЈЗУ Клиничка болница Битола како раководител на службата за ментално здравје на деца и млади.

Од јануари 2018 до јануари 2020 г. била надворешен член во Управувачкиот одбор на Заводот за рехабилитација на деца со пречки во развојот „Кочо Рацин“ – Битола.

Во периодот од ноември 2013 г. до декември 2017 година работела во ЈЗУ Клиничка болница Битола каде што била распределена како раководител на Оддел за детска психијатрија во рамките на Психијатриско одделение.

Од септември 2012 до ноември 2013 г. работела како психијатар во ПЗУ „Хармонија Медика“ – психијатриска ординација – Битола.

Била дел од обуките за функционална проценка на децата со попреченост (МКФ) од самиот почеток од 2015 година до денес, како и дел од тимот на телото на МКФ за Пелагонискиот Регион.

Во периодот од 2014 до 2023 година учествувала во водење и унапредување на комисиите за проценка на попреченост кај децата со пречки во психичкиот и физичкиот развој во Пелагонискиот Регион сè до нивното укинување.

Има одлично познавање на англискиот јазик на ниво Ц1 што го потврдува со сертификат BULLATS издаден од British Council. Исто така, има добро познавање на бугарскиот јазик.

**Наставно-образовна дејност**

Д-р Билјана Гагачовска од јануари 2024 година е едукатор на специјализанти по психијатрија и детска психијатрија на УК за психијатрија во рамките на Катедрата за психијатрија и медицинска психологија. Активно учествува во организација и едукативниот дел на настани во соработка со Катедрата.

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатката била дел од меѓународното истражување Neuro WES Macedonia genetic diagnoses for complex syndromic cases with neurodevelopmental disorders, во периодот од 2017 до 2019 година кое беше презентирано на American Society of Human Genetics virtual meeting in October 2021, како и на XXIV Congresso nazionale SIGU virtual edition in November 2021

Кандидатката, заедно со менторката од УКЦ Черепаша, Истанбул, Rahime Hülya Bingöl, во 2014 работела на истражување на ретки генетски синдроми кај невроразвојните растројства и објавен е трудот во Journal of Psychology and Psychotherapy Research, 2014, 1, 43-46 Multidisciplinary or Monotherapy? Effects of Multidisciplinary Approach in Sotos Syndrome.

Кандидатката во периодот од 2008 до 2009 г. учествувала во проспективната студија за кохезија на КБТ групите за едукација која била објавена во Psychomed Periodico quadrimestrale Rivista telematica di psicoterapia, medicina psicosociale, psicologia della salute e preventiva Anno V n. 1-2 Aprile 2010 ISSN: 1828-1516 Monitoring group cohesion in CBT educational groups. A prospective study.

Активно учествувала на бројни семинари и конгреси во земјата и во странство, со орални и постер-презентации.

**Стручно-применувачка дејност:**

Кандидката д-р Билјана Гагачовска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Универзитетската клиника за психијатрија – Скопје, во секојдневните работни активности на стационарниот оддел за детска и адолесцентна психијатрија, како и во амбулантниот дел, дежурства и интерклиничката пракса.

Кандидатката во 2008 година завршила обука за КБТ и исто така била дел од основачите на Македонското здружение за КБТ.

Кандидатката има завршено обука во дијадна психотерапија, реализирана во два модула од Dyadic Developmental Psychotherapy Institute Washington.

Посетувала обуки за психодрама, еклектичка психотерапија, интегративна психотерапија, партнерска терапија.

Била на стручно усовршување во странство од областа на детската психијатрија во Истанбул на Универзитетот Черепаша, на Клиниката за детска психијатрија, во Истанбул, Турција, во периодот 1 март до 1 јуни 2014 година.

Во периодот од ноември до декември 2015 година престојувала на обука за детска психијатрија и аутизам на Детска клиника, Оддел за детска психијатрија во Клиничкиот центар во Љубљана, Р Словенија.

Член е на Македонското психијатриско здружение, основач е на Македонското здружение по детска и адолесцентна психијатрија, член е на IACAPAP.

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Билјана Гагачовска
**Институција:** ЈЗУ УК за психијатрија
**Научна област:** психијатрија и медицинска психологија

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
### За факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| Ред. Број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 8,61. | ДА |
| 3 | Имапознавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Уверение/ниво С1<br>3.Издавач на документот: British council<br>4. Датум на издавање на документот: 19.7.2017 година | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Славица Арсова Хаџи-Анѓелковска, с.р.**
**Проф. д-р Стојан Бајрактаров, с.р.**
**Доц. д-р Елизабет Мицева Величковска, с.р.**

**Д-р Викторија Коровеш**
**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Д-р Викторија Коровеш е родена на 13.3.1995 година во Охрид. Средно образование завршила во ОСУ „Св. Климент Охридски“ во Охрид, со одличен успех. На 23.8.2019 г. дипломирала на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со просечен успех 8,46. Од 1.9.2019 г. се вклучува во волонтерска работа во ЈЗУ Градска општа болница „8ми Септември“ – Скопје како доктор по медицина во период од 6 месеци. Од 1.6.2020 – 1.12.2020 г. е во работен однос со ЈЗУ Здравствен дом на Скопје, како доктор по медицина во дежурна служба. Од 28.12.2020 година е во редовен работен однос со ЈЗУ УК за психијатрија – Скопје, каде што во 2021 г. ја започнува специјализацијата по детска и адолесцентна психијатрија. За време на Covid-19 пандемијата, активно работеше во ковид-центрите. Кандидантката активно се служи со англиски јазик, што го потврдува со Уверението за познавање на Ц1 ниво издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Кандидатката во моментот е едукант во Институт „Алтернатива“, Школа за семејна и системска психотерапија. Од 1.9.2022 г. е претседател на Секција на специјализанти по психијатрија, како и член на Здружение за детска и адолесцентна психијатрија.

**Стручно-применувачка дејност:**

Д-р Викторија Коровеш активно учествува во организација и едукативниот дел на настани во соработка со Катедрата, како и дел од Организациски одбор на 7. Македонски психијатриски конгрес и 2. Тематска конференција за деменција и невродегенерација во Охрид 2023 година. Кандидатката има завршено обука во дијадна психотерапија, реализирана во два модула од Dyadic Developmental Psychotherapy Institute. На 30. EFPT (European Federation of Psychiatric Trainees) форум, зеде активно учество со орална презентација и беше дел од делегацијата на РСМ. Има учествувано на бројни симпозиуми, конгреси, форуми, школи и други едукативни собири.

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатката д-р Викторија Коровеш, во текот на 2022 – 2023 година беше дел од истражувачкиот тим во проектот „Менталното здравје на адолесцентите и нивните старатели за време на пандемијата со Ковид-19“, каде што главен истражувач е проф. д-р Стојан Бајрактаров во соработка со UNICEF.

Учествувала на повеќе семинари и конгреси во земјата и во странство, со орални и постер-презентации:

- The association between perinatal depression and mother-infant bonding 5th Congress of Psychiatry of Bosnia and Herzegovina (4.11 – 6.11.2022) – Book of Abstracts;
- Digital well-being for children and adolescents: Balancing screen time (Poster presentation) 7th Macedonian Psychiatric Congress – Book of Abstracts;
- Major Self-Mutilation in Long-standing Schizophrenia Patient (poster presentation) 7th Macedonian Psychiatric Congress – Book of Abstracts.

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Викторија Коровеш
**Институција:** ЈЗУ УК за психијатрија
**Научна област:** психијатрија и медицинска психологија

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**За факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. Број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 8,46. | ДА |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Уверение/ниво С1<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „БлажеКонески“ – Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 6.2.2024 г. | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Славица Арсова Хаџи-Анѓелковска, с.р.**
**Проф. д-р Стојан Бајрактаров, с.р.**
**Доц. д-р Елизабет Мицева Величковска, с.р.**

**Д-р Стефанија Митровска**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката д-р Стефанија Митровска е родена на 12.5.1995 г. во Скопје. Средно образование завршила во Меѓународното училиште „НОВА“ каде што била студентка во програмата International Baccalaureate (IB), стекнувајќи се со IB-диплома, а воедно била и повеќекратно одликувана со признанија за академски постигнувања („President's Award for Educational Achievement“). Високото образование го започна во 2013 година на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а по комплетирањето на првата студиска година, високото образование го продолжила на Медицинскиот факултет Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, каде што дипломирала со просечен успех 8,91. Од октомври 2021 година започнала со волонтерска работа на Универзитетската клиника за психијатрија – Скопје, каде што од декември 2023 година е во редовен работен однос. Специјализацијата по детска и адолесцентна психијатрија ја започнала во март 2024 година, и во тек на истата, како и во тек на волонтирањето на Универзитетската клиника за психијатрија, редовно учествува во едукативни активности, вклучувајќи предавања, конгреси, симпозиуми, семинари и психијатриски секции. Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, потврдено со уверение за познавање на јазикот, на Ц1 ниво. Кандидатката е едукант од втора година во психотераписка едукација за системска и семејна психотерапија при Институт „Алтернатива“ – Скопје.

**Наставно-образовна дејност**

Едукативната дејност на кандидатката вклучува водење работилници фокусирани на подигнување на свеста за менталното здравје кај децата и адолесцентите, како дел од U.S. Department of State's Kennedy-Lugar Youth Exchange and Study (YES) програмата.

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатката д-р Стефанија Митровска има искуство како асистент-истражувач, дел од авторски тим и координатор на теренски истражувачи во истражувачки проект во соработка со UNICEF „Влијанието на пандемијата со Ковид-19 врз перинаталното ментално здравје кај жените во Северна Македонија.

- „Влијанието на пандемијата со Ковид-19 врз перинаталното ментално здравје кај жените во Северна Македонија“
  Главен истражувач: проф. д-р Стојан Бајрактаров (2022 – 2023 година).

Кандидатката учествувала на следните национални и меѓународни конгреси од полето на психијатријата:

- EFPT Forum, 7 – 10 јули 2022 г., Малта;
- 35th ECNP Congress, 15 – 18 октомври 2022 г., Виена, Австрија;
- 5th Congress of Psychiatry of Bosnia and Herzegovina, 3 – 6 ноември 2022 г., Мостар – Босна и Херцеговина;
- 31st European Congress of Psychiatry, 25 – 28 март 2023, Париз, Франција;
- SIMPI 2023 – I nacionalni simpozijum sa medjunarodnim učešćem o poremećajima ishrane i gojaznosti, април 2023 г., Белград, Србија;
- 7th Macedonian Psychiatric Congress, 26 – 29 октомври 2023 г., Охрид;
- ECNP New Frontiers Meeting 2024, 17 – 18 март 2024, Ница, Франција;
- SIMPI 2024 - II nacionalni simpozijum sa medjunarodnim učešćem o poremećajima ishrane i gojaznosti, 11 – 12 април 2024, Белград, Србија.

Кандидатката ги приложи следниве трудови за рецензија:

- Arsova, S., Haxhihamza, K., Bajraktarov, S., Milutinovic, M., Kocoska, S., Nikolic, F., Isjanovski, V., **Mitrovska, S**. (2022) Covid-19 pandemic and postnatal depression, risk factors for postnatal depression. *RAS Medical Science 2(3)*, doi: 10.51520/2766-5240-28

- Bajraktarov, S., Arsova, S., Milutinovic, M., **Mitrovska, S**., Papestiev, I. A., Markova, A. D., Jovanovska, V., Filipce, A., Novotni, L., Ivanovska, B. Z., Stoilkovska, B. B., Fritzhand, A., & Jovanovic, N. (2023). Subjective Quality of Life of Women in the Perinatal Period: A Post Covid-19 Pandemic Exploration in North Macedonia. *Prilozi (Makedonska akademija na naukite I umetnostite. Oddelenie za medicinski nauki)*, *44*(1), 57–69. https://doi.org/10.2478/prilozi-2023-0007
- Skeparovska, K., Ilkoski, A., Biljan, A., Drogrishki, M., Simonovska, B., & Mitrovska, S. (2023). Depression and Anxiety Following Early Pregnancy Loss – Occurrence and Risk Factors. *Journal Of Morphological Sciences, 6*(2), 165-171. https://jms.mk/jms/article/view/vol6no2-22
- Bajraktarov, S., Arsova, S., Daneva Markova, A., **Mitrovska, S.**, Milutinovic, M., Aleksioska Papestiev, I., Filipce, A., Jovanovska, V. (2023) The Influence of the Covid-19 Pandemic on the Perinatal Mental Health of Women in North Macedonia – публикација од студијата е достапна на официјалната страна на УНИЦЕФ – https://www.unicef.org/northmacedonia/mk/

Има активно учествувано на повеќе конгреси со орални и постер-презентации.

**ОРАЛНИ ПРЕЗЕНТАЦИИ**

- Ефектите на мултидисциплинарниот пристап во третман на постнатална депресија – (Case Report Conference, Skopje, North Macedonia – December 2019);
- „The association of perinatal depression and mother-infant bonding/Povezanost perinatalne depresije i vezanosti majke i novorođenčeta“ (5th Congress of Psychiatry of Bosnia and Herzegovina, Mostar, Bosnia and Herzegovina – November 2022);
- „Предизвици на третман на биполарно растројство во тек на бременост“ – (7th Macedonian Psychiatric Congress, Ohrid, North Macedonia – October 2023);
- „Акутно психотично растројство кај адолесценти и млади возрасни, ризик-фактори" - 7th Macedonian Psychiatric Congress, Ohrid, North Macedonia – October 2023);
- „Complex Care of Complex Cases: Treatment Challenges of Co-occuring Gender Identity Disorder and Borderline Personality Disorder in Adolescence“ (International Case Report Congress, Skopje, North Macedonia – April 2024).

**ПОСТЕР-ПРЕЗЕНТАЦИИ**

- „Postnatal depression and COVID-19, risk factors“
  S. Arsova, S. Bajraktarov, S. Kocovska, **S. Mitrovska** (October 2022, 35$^{th}$ ECNP Congress, Vienna, Austria);
- „The impact of perinatal depression and anxiety on impaired mother-infant bonding“
  S. Arsova, **S. Mitrovska**, S. Bajraktarov, M. Milutinovic
  (October 2023, 36$^{th}$ ECNP Congress, Barcelona, Spain);
- „The influence of the COVID-19 pandemic on the perinatal and postnatal mental health of women in North Macedonia“
  *S. Bajraktarov, S. Arsova, M. Milutinovic,* ***S. Mitrovska***
  (March 2023, EPA European Congress of Psychiatry, Paris, France);
- „Diagnostic Crossover from Anorexia Nervosa – Restrictive Type to Anorexia Nervosa – Binge/ Purge Type; Risk Factors and Treatment Challenges“
  **S. Mitrovska**, O. Lazarovski, S. Arsova
  (International Case Report Congress, Skopje, North Macedonia – April 2024).

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Кандидатката д-р Стефанија Митровска е активно вклучена, во рамките на специјализацијата по детска и адолесцентна психијатрија, во стручно-апликативната дејност на Универзитетската клиника за психијатрија – Скопје, во работните активности на дневно-болничкиот оддел, амбулантниот дел и интерклиничката пракса.

Од 2021 година активно учествува во научноистражувачките, како и во стручно-апликативните активности на Кабинетот за третман на жени во бременост и по породување при ЈЗУ Клиника за психијатрија – Скопје, предводен од проф. д-р Славица Арсова, како дел од стручниот тим кој ја води групата за психосоцијална поддршка на

бремени жени и мајки во дневната болница. Членува во Секцијата на специјализанти по психијатрија, како дел од Психијатриското здружение на Македонија. Кандидатката дава свој придонес во пишувањето на новиот учебник по психијатрија за студенти по медицина, кој сѐ уште е во подготовка.

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Стефанија Митровска
**Институција:** УКИМ, Медицински факултет – Катедра за психијатрија
**Научна област:** психијатрија и медицинска психологија

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

**За факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. Број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: **8,91.** | **да** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Уверение на ниво Ц1<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 30.4.2024 година | **да** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Славица Арсова Хаџи-Анѓелковска, с.р.**
**Проф. д-р Стојан Бајрактаров, с.р.**
**Доц. д-р Елизабет Мицева Величковска, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатките, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Билјана Гагачовска, д-р Викторија Коровеш и д-р Стефанија Митровска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатките, Комисијата заклучи дека д-р Билјана Гагачовска, д-р Викторија Коровеш и д-р Стефанија Митровска поседуваат научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во звањето асистент по предметот Психијатрија и медицинска психологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Билјана Гагачовска, д-р Викторија Коровеш и д-р Стефанија Митровска да бидат избрани во звањето асистент по предметот Психијатрија и медицинска психологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Славица Арсова Хаџи-Анѓелковска, с.р.**
**Проф. д-р Стојан Бајрактаров, с.р.**
**Доц. д-р Елизабет Мицева Величковска, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ИНТЕРНА МЕДИЦИНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 5.2.2024 година, за избор на еден (1) асистент по предметот Интерна медицина, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-3403/35, донесена на 10.7.2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Бети Тодоровска, вонреден професор на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Борјанка Танева, научен советник на Медицинскиот факултет во Скопје и д-р Маја Бојаџиоска, доцент на Медицинскиот факултет во Скопје

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден асистент по предметот Интерна медицина, во предвидениот рок се пријавија: д-р Стефан Филиповски, д-р Моника Тушевска Митковска, д-р Ана Челиќиќ, д-р Филип Николов и д-р Ивана Младеновска Стојкоска.

**Д-р Стефан Филиповски**

**Биографски податоци и образование**

Д-р Стефан Филиповски е роден на 12 јуни 1993 година во Битола. Основно образование завршил во ОУ „Браќа Миладиновци”, с. Жван, со континуирано одличен успех и примерно поведение. Средното образование го продолжил во гимназијата СОУ „Крсте Петков Мисирков“ во Демир Хисар, каде што матурирал во 2012 година, исто така со одличен успех и примерно поведение.

На Медицинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се запишал во 2012 година. Дипломирал на 22.6.2018 година со просечен успех 8,54.

Во јануари 2019 година положил стручен испит и се стекнал со лиценца за работа. Прво вработување му е како матичен лекар при ПЗУ, а потоа како општ лекар при ИМП – Демир Хисар. На Клиника за нефрологија – Скопје се вработил на 18 јануари 2022 година. Специјализацијата по интерна медицина ја започнал во септември 2019 година, а по две години пред специјалниот дел се префрла на специјализација по нефрологија.

Одлично го владее англискиот јазик (ниво Б2) и има основно познавање од германскиот јазик (ниво А1).

**Наставно-образовна дејност**

Кандидатот во текот на професионалниот ангажман се стекнал со лиценца за едукатор при Медицински симулациски центар – Скопје од 2019 до 2022 година, при што стручно обучувал кандидати за БЛС, АЛС, ТЛС и ПЛС. Член е на Црвен крст – Демир Хисар од 1.9.2019 година, при што се стекнал со лиценца за предавач и држел обуки за прва помош.

**Научноистражувачка и стручна дејност**

За овој избор, кандидатот ги приложува следниве трудови, објавени во списанија со меѓународен уредувачки одбор и трудови објавени во зборници на научни собири:

1. **Stefan Filipovski**, Irena Rambabova Bushljetik, Igor Nikolov, Galina Severova, Zaklina Sterjova, Adrijana Spasovska, Vlatko Karanfilovski, Aleksandra Canevska, Mimoza Milienkova, Sabir Sulejman, Biljana Zafirova, Saso Dohcev, Jakimovska Dimitrovska Maja, Aleksandar Trifunovski, Lada Trajceska and Goce Spasovski. Renal vascular variations, split renal function and donor preferences: challenge and crossroads towards right kidney choice; BANTAO Journal 2022;20(1):1-5.
2. Adrijana Spasovska Vasilova, Irena Rambabova Bushljetikj, Mimoza Milenkova, Aleksandra Canevska Taneska, Nikola Gjorgjievski, Vladimir Pushevski, Zaklina

Shterjova Markovska, Vlatko Karanfilovski, **Stefan Filipovski**, Galina Severova, Igor Nikolov, Svetlana Pavleska Kuzmanoska, Anche Volkanovska, Vladimir Avramovski, Lada Trajceska and Goce Spasovski. Challenging Case of Multisystem Inflammatory Syndrome in a 19- Year Old Female: A Case Report. BANTAO Journal 2022; 20(1): 17-20

3. **Filipovski S**., Trajceska L., Rambabova-Bushletikj I., Spasovski G., Severova G., Nikolov I., Sterjova Z., Milenkova M. Split renal function, renal vascular variations and donor preferences: challenge and crossroads towards right kidney choice. 49$^{th}$ ESA-IFAO Annual Congress, Italy, 2023.
4. Trajceska L., Rambabova Bushljetik I., Severova G., Nikolov I., Sterjova Z., **Filipovski S**., Canevska A., Karanflovski V., Sabir S., Spasovski G. Two years kidney function decline predicting factors in living kidney transplantation donors. 49th ESA-IFAO Annual Congress, Italy, 2023.
5. Vlatko Karanfilovski, Irena Rambabova-Bushljetik, Pavlina Dzekova-Vidimliski, Nikola Gjorgjievski, **Stefan Filipovski**, Zvezdana Petronijevic, Gjulsen Selim, Biljana Gerasimovska, Igor G. Nikolov. Acute pancreatitis and spontaneous intracerebral hemorrhage in a patient with lupus nephritis on maintenance hemodialysis. Bulgarian Society of Nephrology. 2023 Nov.Vol.29(1):11
6. Zaklina Sterjova, Lada Trajceska, Irena Rambabova Bushljetikj, Goce Spasovski, **Stefan Filipovski**, Galina Severova-Andreevska, Igor Nikolov, Mimoza Milenkova, Aleksandra Canevska Taneska, Adrijana Spasovska. KIDNEY FUNCTION DECLINE PREDICTING FACTORS IN LIVING KIDNEY TRANSPLANTATION DONORS. Abstracts of the 21st Biennial European Society for Organ Transplantation (ESOT) Congress, Athens, Greece, 17 – 20 September 2023. Page 178.
7. **Stefan Filipovski**, Lada Trajceska, Irena Rambabova Bushljetikj, Goce Spasovski, Galina Severova-Andreevska, Igor Nikolov, Mimoza Milenkova, Adrijana Spasovska, Zaklina Sterjova. SPLIT RENAL FUNCTION, RENAL VASCULAR VARIATIONS AND DONOR PREFERENCES: CHALLENGE AND CROSSROADS TOWARDS RIGHT KIDNEY CHOICE. Abstracts of the 21st Biennial European Society for Organ Transplantation (ESOT) Congress, Athens, Greece, 17 – 20 September 2023. Page 389.

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Стефан Филиповски
**Институција:** Медицински факултет – Скопје
**Научна област:** интерна медицина

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 8,54. | ДА |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за проверка на знаење на англиски јазик Б2<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески” – Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 26.9.2023 | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Бети Тодоровска, с.р.**
**Н. сов. д-р Борјанка Танева, с.р.**
**Доц. д-р Маја Бојаџиоска, с.р.**

**Д-р Моника Тушевска Митковска**

**Биографски податоци и образование**

Кандидатката д-р Моника Тушевска Митковска е родена 24.10.1987 година во Куманово. Средно училиште завршила во СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ во Скопје, во 2006 година. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што дипломирала на 15.5.2012 со просек 9,22.

Кандидатката активно се служи со англиски јазик, што одговара на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа.

**Научноистражувачка дејност:**

Д-р Моника Тушевска Митковска има објавено вкупно 2 научни труда од областа на пулмологијата во меѓународни научни списанија и трудови во зборници на научни собири, кои ги приложува за рецензија:

1. Dimitrievska, D., Zdraveska, M., Todevski, D., Tushevska Mitkovska, M., Chamurovski, N. Inflammatory markers in peripheral blood in patients with asthma, 7th Slovenian Pneumology /Allergy/ Immunology Congress, Dec 2023.
2. Monika Tushevska Mitkovska, Deska Dimitrievska, Marija Zdraveska, Nikola Chamurovski, Ana Lazarevska. Continuous effect of migrant crisis on smoking status among migrants. European Respiratory Journal Sep 2020, 56 (suppl 64) 1376; DOI: 10.1183/13993003.congress-2020.1376.
3. Dimitrievska, Deska; Zdraveska, Marija; Dejan Todevski; Monika Tushevska Mitkovska; Nikola Chamurovski. Total Eosinophyls, ECP and IL-5 in Peripheral Blood During Treatment with Inhaled Cortikosteroids in Patients with Asthma. 20(-1):275-275. DOI:10.5152 /TurkThoracJ.2019.275.
4. Dimitrievska, Deska; Zdraveska, Marija; Dejan Todevski; Suzana Arbutina; Monika Tushevska Mitkovska; Nikola Chamurovski. Management of tobacco dependence. Osmi stručno naučni skup Pulmološki dani u Tešnju, Opća bolnica Tešanj, 27 oktobar 2018.
5. Dimitrievska, Deska; Spasovski, Mome; Arben Rexhepi; Arsovski, Zoran; Linda Kaljee; Alexander Plum; Amanda Holm; Magdalena Pop Trajkova Lazarevska; Monika Tushevska; Branka Pavloska; Nikola Chamurovski; Ana Naceva Rafajlovska; Irena Horvat; Bojana Badzakova; Michael Simoff. Strategy for Developing a Smoking Cessation Program in Macedonia”. EC Pulmonology and Respiratory Medicine. 9.8 (2020): 83-91.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Моника Тушевска Митковска активно е вклучена во стручно-применувачката работа при Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза.

Таа е член на: Македонско респираторно здружение, Здружение на пневмофтизиолози на РСМ, Europian Respiratory Society и EAACI.

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Моника Тушевска Митковска
**Институција:** Медицински факултет – Скопје
**Научна област:** интерна медицина

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 9,22. | ДА |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик, ниво Ц1<br>2. Назив на документот: BULATS<br>3. Издавач на документот: British Council Macedonia<br>4. Датум на издавање на документот: 12.3.2018 | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Бети Тодоровска, с.р.**
**Н. сов. д-р Борјанка Танева, с.р.**
**Доц. д-р Маја Бојаџиоска, с.р.**

**Д-р Ана Челикиќ**

**Биографски податоци и образование**

Д-р Ана Челикиќ е родена на 4.3.1993 година во Скопје. Средното образование со одличен успех го завршила во приватнотно средно гимназиско училиште “International High School”. На Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје се запишала во 2011 година и го завршила во 2017 година со просечен среден успех 9,6. По изведувањето на лекарскиот стаж, со успех го положила стручниот испит и се здобила со лиценца за работа.

Во 2018 година ја започнала својата специјализација по кардиологија. Во 2022 година, д-р Челикиќ се запишала на трет циклус – докторски студии по клиничка медицина. Во мај 2024 година ја завршила специјализацијата, со што се стекнува со титулата специјалист кардиолог.

Д-р Данче Ристова-Колар е родена 1985 година во Скопје, каде што завршила основно и средно стручно образование со континуирано одличен успех. Дипломирала на Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во јуни 2011 година, со просечен успех 9,29. По завршувањето на лекарскиот стаж, во декември 2011 година со успех го положила стручниот испит. Специјализацијата по специјалноста гастроентерохепатологија ја започнала во ноември 2013 година, а специјалистичкиот испит го положила во февруари 2020 година и се стекнала со звањето специјалист гастроентерохепатолог. Во октомври 2016 година ги започнала докторските студии по клиничка медицина на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

По завршувањето на додипломските студии работела во Алкалоид АД – Скопје во Секторот за глобална регистрација, безбедност на лекови и интелектуална сопственост. Од март 2014 година продолжува со работа на Универзитетската клиника за хируршки болести во Скопје, на Одделот за интерна медицина, а од април 2016 година е редовно вработена на Универзитетската клиника за гастроентерохепатологија во Скопје. Во текот на специјалистичките студии се стекнува со стипендија од Фондацијата „Илија Камчев“ и е дел од програмата за стручна едукација на Одделот за гастроентерологија во Клиничката болница „Аџибадем Систина“.

Активно се служи со англискиот, словенечкиот, српскиот и хрватскиот јазик, а има познавање од германскиот и францускиот јазик.

На 17.2.2021 година за првпат е избрана во соработничко звање – асистент на Медицинскиот факултет во Скопје по предметот Интерна медицина, а рефератот за избор е објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1228, од 15.12.2020 година. Согласно со погоре наведеното, во моментов работи како асистент на Медицинскиот факултет во Скопје по предметот Интерна медицина, во областа на гастроентерохепатологијата.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1128/2020, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатката д-р Данче Ристова-Колар активно е вклучена во изведувањето на практичната настава за студентите по општа медицина, стоматологија и тригодишните стручни студии по предметите Интерна медицина и Клиничко испитување. Воедно е и едукатор на дипломираните доктори по медицина во однос на задолжителниот лекарски стаж.

Се јавува како предавач во неколку национални стручни собири, а учествува и во едукација на матичните лекари од програмата за дисперзирана медицина во организација на Министерството за здравство.

**Научноистражувачка дејност**

Ас. д-р Данче Ристова-Колар, како млад истражувач, учествува во 2 национални и 1 меѓународен научен проект:

1. Национален проект под наслов: „Мерки за рана детекција и дијагноза на хепатоцелуларниот карцином – една од иницијативите за реализација на Европскиот план за борба против ракот”, под раководство на проф. д-р Б. Тодоровска при Универзитетската клиника за гастроентерохепатологија во Скопје (започнат 2022 година – сè уште во тек).

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Данче Ристова-Колар учествувала на голем број симпозиуми, семинари, конгреси и работилници од областа на гастроентерологијата и хепатологијата. Во септември 2017 година е дел од младински кампус во НР Кина за позитивни придонеси во соработката меѓу младите од различни држави. Во ноември 2017 година е активно вклучена во Работилница за гастроинтестинална ендоскопија и ендоскопски ултразвук во организација на УКЦ – Загреб. Во период од 2 месеца (ноември 2018 – јануари 2019 година) остварила стручно усовршување на Одделот за гастроентерологија во УКЦ – Љубљана, каде што е активно вклучена во ендоскопската гастроинтестинална дијагностика. Во март 2019 година присуствувала на Школата за млади гастроентерохепатолози, во организација на Српското здружение на гастроентеролози. Во април 2019 година партиципирала на Курсот за клиничка нутриција во организација на ACCN, а во мај 2023 година и на конгресната Работилница за ентерална исхрана кај гастроентерохепатолошките заболувања, во организација на MSG.

Член е на Лекарската комора на Р. Северна Македонија, Македонското здружение за гастроентерохепатологија (MSG), Македонското здружение за парентерална и ентерална исхрана (MSPEN), Европското здружение на гастроентеролози (UEG), како и на Европското здружение за гастроинтестинална ендоскопија (ESGE).

# ОБРАЗЕЦ1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Данче Стојан Ристова-Колар
**Институција:** Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
**Научна област:** интерна медицина

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br><br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 9,29. | **ДА** |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво C1 (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ – Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: април 2024 година. | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Бети Тодоровска, с.р.**
**Н. сов. д-р Борјанка Танева, с.р.**
**Доц. д-р Маја Бојаџиоска, с.р.**

**Ас. д-р Билјана Попоска Ѓоршевска**

**Биографски податоци и образование**

Д-р Билјана Попоска Ѓоршевска е родена 4.11.1984 година во Охрид. Основно образование завршила во ОУ „Григор Прличев” во Охрид, а средно образование завршила во економското училиште „Климент Охридски” во Охрид, Р Македонија, во 2003 година. На Медицинскиот факултет при Тракискиот универзитет во Бугарија, дипломирала во 2009 година со просечен успех (мн. добар) 8,54. Специјализацијата по интерна медицина ја започнала во септември 2014 година, каде што во 2019 година се префрла на специјализација по пулмологија и алергологија, а специјалистичкиот испит го положила во март 2024 година.

Во периодот од 2009 до 2012 година, д-р Билјана Попоска Ѓоршевска волонтирала како лекар во Општа болница – Охрид, на Одделот за интерна медицина. Од 2013 до 2019 работела како општ лекар во Општата болница во Охрид, а од јули 2019 година е вработена на Универзитетската клиника за пулмологија и алергологија во Скопје.

Активно учествувала во работата во привремените ковид-центри: во период од 11.10.2020 до 2.2.2022 година во ковид-центрите при интерните клиники.

Кандидатката активно го владее англискиот јазик. Приложен е сертификат за познавање на англиски јазик – уверение од Филолошки факултет „Св. Кирил и Методиј” за познавање на англискиот јазик, ниво B2 според CEFR. Исто така, располага и со солидни компјутерски познавања MS Office (Word, Excel, PowerPoint, Internet Explorer).

Од 2020 година, д-р Билјана Попоска Ѓоршевска е избрана за асистент по предметот Интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје (реферат за избор објавен во Билтен бр. 1228, од 15.12.2020).

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1228/2020 г., како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на Катедрата за интерна медицина при Медицинскиот факултет, УКИМ во Скопје, кандидатката д-р Билјана Попоска Ѓоршевска активно е вклучена во реализација на практичната настава (вежби) по предметите кои ги координира Катедрата за интерна медицина.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Билјана Попоска Ѓоршевска учествувала на бројни домашни и странски медицински симпозиуми и конгреси од областа на интерната медицина.
Кандидатката д-р Билјана Попоска Ѓоршевска учествува како подистражувач (Sub-Investigator) во следниве клинички испитувања:

1. Студија за ефикасноста на антимфламаторен лек против Sars Cov -2,,Participated in the international study GLS27-005, which was conducted at the PHI University clinic for Pulmology and Alergology- Skopje, April 2024
2. Студија за ефикасноста на моноклоналната терапија против Sars Cov-2
,, A Phase 2/3 Randomized Parallel group, Placebo – controlled, Double blind study to evaluate the efficacy and saf in the international study of CT-P59 in combination with standard of care in outpatients with Severe Acute Respiratory Syndrome Coronavirus ( Sars Cov-2) infection“.

Д-р Билјана Попоска Ѓоршевска го доставува следниов труд за рецензија објавен во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание):

Valbon Limani. Benefits of early screening and proper treatment in patient with significant risk factors for gestational diabetes mellitus (case report). Georgian Medical News ISSN 1512-0112 No 4(277) April 2018.

**Но, кандидатката ја достави следната верзија за рецензија, каде што се допишала бесправно по името на авторот на трудот:** Valbon Limani, Biljana Poposka. Benefits of early screening and proper treatment in patient with significant risk factors for gestational diabetes mellitus (case report). Georgian Medical News ISSN 1512-0112 No 4(277) April 2018. **Оваа верзија се разликува од оригиналот достапен онлајн, односно анализата на Рецензентската комисија утврди дека е направен фалсификат на посочениот труд за рецензија, со што е повредена оригиналноста на трудот и авторството, и направена е повреда на едно од начелата на Етичкиот кодекс како член на универзитетската заедница.**

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Стручната дејност на д-р Билјана Попоска Ѓоршевска е особено насочена во областа на алергологија во пулмологијата и активно работи на Одделот за алерголошка пулмологија. Учесник била во организациониот тим на повеќе интернационални студентски конгреси.

Член е на: Лекарско друштво на Македонија, Македонско респираторно здружение, Здружение на пулмолози на РМ, Македонска лекарска комора, Македонско здружение за алергологија и клиничка имунологија, Европско респираторно здружение (ERS), Европска академија за алергологија и клиничка имунологија (EAACI), Светска асоцијација за бронхологија и интервентна пулмологија (WABIP).

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Билјана Љубе Попоска Ѓоршевска
Институција: Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Скопје
Научна област: интерна медицина

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. Број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br><br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: **8,54.**<br><br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: ___________ | ДА |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање англиски јазик, ниво Б2 според европска јазична рамка на CEFR<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески”, Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 16.4.2024 година. | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Бети Тодоровска с.р**
**Н. Сов. д-р Борјанка Танева с.р.**
**Доц. д-р Маја Бојаџиоска с.р.**

**Ас. д-р Адријана Спасовска Василова**

**Биографски податоци и образование**

Д-р Адријана Спасовска Василова е родена на 11.8.1987 година, во Скопје. Средно образование завршила во ДСУ Гимназија „Орце Николов“ во 2006 година. Со високо образование се стекнала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, во 2012 година. Дипломирала на 26.6.2012 година, со просечен успех 8,76. Специјалистичкиот испит го положила на 22.2.2022 г. и се стекнала со звањето специјалист нефролог.

Работно искуство: од октомври 2013 до декември 2018 година била вработена во ПЗУ „Аџибадем Систина“ како доктор по општа медицина, а од декември 2018 година е вработена на ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија, па сѐ до денес.

Кандидатката активно се служи со македонскиот и англискиот јазик. Поседува сертификат за познавање на англискиот јазик (ниво Ц2), според Cambridge English Language Assessment, издадено на British Council во РС Македонија – BULATS (Business Language Testing Service).

Од 15.12.2020 година е избрана за асистент на предметот Интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје.

Во моментот е асистент на Катедрата по предметот Интерна медицина. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1228 од 15.12.2020 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1228 од 15.12.2020 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатката д-р Адријана Спасовска Василова изведува практична настава – вежби на прв циклус студии на студиската програма на Медицинскиот факултет.

**Научноистражувачка дејност**

Ас. д-р Адријана Спасовска Василова досега се јавува како автор и коавтор на 3 научно-стручни труда, објавени во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание) и во списанија со меѓународен уредувачки одбор, кои се рецензирани во Билтен бр. 1228 од 15.12.2020 година.

За овој реизбор, кандидатката го приложува следниот труд за рецензија, објавени во списание со меѓународен уредувачки одбор:

1. Vasilova, A. S., Bushletik, I. R., Milenkova, M., Taneska A. C., Gjorgjievski, N., Pushevski, V., Markovska, Z. S., Karanfilovski, V., Filipovski, S., Severova, G., Nikolov, I., Kuzmanoska, S. P., Volkanovska, A., Avramovski, V., Trajceska, L., Spasovski, G. Challenging Case of Multisystem Inflammatory Syndrome in a 19- Year Old Female: A Case Report BANTAO Journal 2022; 20(1):17-20.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Адријана Спасовска Василова е активен член на Лекарската комора на РСМ и Европската ренална асоцијација.

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Адријана Димитрија Спасовска Василова
Институција: Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Научна област: интерна медицина

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 8,76. | ДА |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br><br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: BULATS<br>3. Издавач на документот: British Council<br>4. Датум на издавање на документот: 18.12.2017 | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Бети Тодоровска, с.р.**
**Н. сов. д-р Борјанка Танева, с.р.**
**Доц. д-р Маја Бојаџиоска, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатките, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на ас. д-р Симона Стојановска Јакимовска, ас. д-р Данче Ристова Колар и ас. д-р Адријана Спасовска Василова, додека, пак, за ас. д-р Билјана Попоска Ѓоршевска, Комисијата утврди дека е направена повреда на едно од начелата на Етичкиот кодекс. Имено, анализата на Рецензентската комисија утврди дека е направен фалсификат на посочениот труд за рецензија, односно е повредена оригиналноста на трудот и авторството од страна на член на универзитетската заедница.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатите од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека кандидатките ас. д-р Симона Стојановска Јакимовска, ас. д-р Данче Ристова Колар и ас. д-р Адријана Спасовска Василова поседуваат научни и стручни квалитети според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во звањето асистент по предметот Интерна медицина, додека, пак, ас. д-р Билјана Попоска Ѓоршевска само ги исполнува условите според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, но не поседува високо морални и етички принципи кои се особено важни во научноистражувачката работа.

Според гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, кандидатките: ас. д-р Симона Стојановска Јакимовска, ас. д-р Данче Ристова Колар, ас. д-р Билјана Попоска Ѓоршевска и ас. д-р Адријана Спасовска Василова повторно да бидат избрани во звањето асистент по предметот Интерна медицина.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Бети Тодоровска, с.р.**
**Н. сов. д-р Борјанка Танева, с.р.**
**Доц. д-р Маја Бојаџиоска, с.р.**

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ПРАКТИКУМ ЗА КЛИНИЧКА РАДИОЛОГИЈА 2 ( ЗА СТУДЕНТИ ПО ОПШТА МЕДИЦИНА И СТОМАТОЛОГИЈА)“ ОД ГРУПА АВТОРИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на својата VIII редовна седница одржана на 10.7.2024 година, бр. 02-3403/118, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Практикум за клиничка радиологија 2“ од авторите: Виолета Василевска Никодиновска, Билјана Пргова Велјанова, Горан Спиров, Смилјана Бундовска Коцев и коавторот Андреа Нанчева, наменет за студентите по медицина и стоматологија (назив на единицата), за предметот Радиологија, избрани се: проф. д-р Надица Митреска и проф. д-р Маја Јакимовска Димитровска.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. ОПШТ ДЕЛ

**Основни податоци за ракописот**

| | | |
|---|---|---|
| **Назив на ракописот:** | | **Практикум за Клиничка радиологија 2** |
| **Назив на предметната програма:** | | Радиологија |
| **Назив на студиската програма:** | | Општа медицина |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | | Општа медицина, предмет: Радиологија, 60 часа и 3 ЕКТС-кредити<br>Стоматологија, предмет: Клиничка радиологија, 15 часа и 2 ЕКТС-кредита |
| Предметот Радиологија на Медицинскиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови – 60, број на ЕКТС-кредити – 3 и се слуша во V семестар. На Стоматолошки факултетот, задолжителен предмет: Клиничка радиологија, 15 часа и 2 ЕКТС-кредита. | | |
| **Реден број на изданието:** | | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 120 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со фонтот Times New Roman 11 pts, со проред 13. Текстот е поделен во 5 поглавја, вклучувајќи ја литературата, која е наведена на крајот на секое поглавје и содржи 165 слики и 4 табели. | |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Надица Митреска, с.р.**
**Проф. д-р Маја Јакимовска Димитровска, с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот: Проф. д-р Маја Јакимовска Димитровска

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Во првото поглавје со наслов: „Принцип на работа на ултразвук, компјутеризирана томографија и магнетна резонанца“ има објаснување за принципи на работа на ултрзвукот и видови сонди кои се користат. Исто така е објаснета техниката на компјутеризирана томографија и магнетната резонанца. Прикажани се слики на нормални органи и се дадени основни предзнаења за најчестите секвенци кои се користат на магнетна резонанца.<br>Второто поглавје е со наслов: „Радиологија на мускулно-скелетниот систем: радиолошка анатомија, фрактури, воспаленија и тумори“ ни дава опис на анатомските структури и градбата на коската. Исто така, се опишани нормални скелетни варитети, фрактури на коски со приказ на слики на фрактурите. Исто така, во ова поглавје се опфатени воспаленијата на коските, туберкулозата на коска и коскените тумори. На крајот на поглавјето е наведена користена литература (10 референци).<br>Во третото поглавје, „Радиологија на мускулно-скелетниот систем: артрит, артроза и метаболитички заболувања“, авторот ги опишува базичните радиолошки знаци и предизвици во радиолошката дијагностика на артритите, артрозите и метаболитичките заболувања кои го афектираат скелетот.<br>Четвртото поглавје насловено „Радиологија на дигестивниот тракт“ се однесува на радиолошката дијагностика на езогагус, желудник, тенко и дебело црево. Во овој дел се опфатени анатомијата, радиолошката патологија и радиолошките дијагностички процедури, вклучувајќи компјутерска томографија и магнетна резонанца на секој дел од дигестивниот тракт.<br>Петтото поглавје, „Ургентна радиологија”, содржи вовед во ургентните состојби (трауматски и нетрауматски ургентни состојби), употреба на радиолошките методи во ургентните патолошки состоби на пациентите и најчесто користени радиолошки методи. Наведена е користена литература во ова поглавје (8 референци). |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Целосна усогласеност. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Минорни корекции во смисла на печатни грешки. |
| **Оцена на ракописот:** | Одличен. Лесно разбирлив стручен текст, со јасно објаснета проблематика преку примери и слики. |

| | |
|---|---|
| **Категоризација:** | учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 120 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11 . Текстот е поделен во 5 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 165 слики и 4 шеми. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало – практикум по предметот Радиологија, примарно наменет за студентите на општа медицина на Медицинскиот факултет и студентите по стоматологија.

Во Скопје, 5.9.2024 година

**Рецензент**
Проф. д-р Маја Јакимовска Димитровска, с.р.

## II. Посебен дел од рецензентот: проф д-р Надица Митреска

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Во првото поглавје, „Принцип на работа на ултразвук, компјутеризирана томографија и магнетна резонанца“, објаснет е принципот на работа на ултразвучниот апарат, начинот на добивање на ултразвулниот сноп, фреквенцијата која се емитува за да се добие слика и можностите и недостатоците при прегледот и при добивањето на квалитетна слика. Истото се однесува и во текстот кој ја објаснува работата и основните физички принципи за функционирање и добивање на слика со компјутеризирана томографија и магнетна резонанца.<br>Второто поглавје носи наслов: „Радиологија на мускулно-скелетниот систем: радиолошка анатомија, фрактури, воспаленија и тумори“. Започнува со сликовито, шематско и текстуално објаснување на градбата на коската, рендгенската анатомија и правилното позиционирање при снимањето. Во делот за фрактури се објаснуваат дефиницијата и типовите на фрактури на долгите коски, на зглобовите, фрактурите кај деца, начинот на нивното зараснување и можните компликации. Опишани се фрактурите на плоски коски, карлицата и прешленските тела по должина на ’рбетниот столб. Од воспалителните промени на коската, посебно внимание е посветено на остеомиелитот и туберкулозата на коските. Последниот дел од ова поглавје е посветено на коскените и мекоткивните тумори со нивна локализација, класификација и радиолошка презентација. На крајот е наведена препорачана литература.<br>Во третото поглавје, со наслов „Радиологија на мускулно-скелетниот систем: артрит, артроза и метаболни заболувања“, сликовито и текстуално се објаснети ревматоидниот артрит, анкилозирачкиот спондилит, артрозата, а потоа и метаболитичките заболувања на коските, како што се: остеопороза, остеомалација, хиперпаратиреоидизам, рахитис, хиповитаминози, акромегалија, хипо- и хиперпаратиреоидизам.<br>Четвртото поглавје носи наслов: „Радиологија на дигестивниот систем“. Ова поглавје започнува со анатомија и радиолошки методи за испитување на езофагусот. Потоа е објаснета најчестата патологија на езофагусот, која завршува со тумори на езофагусот. Истиот концепт е сочуван и при објаснување и анализа на останатите органи на дигестивниот систем како: анатомија и радиолошка дијагностика и најчести патолошки промени на желудникот, тенкото црево, дебелото црево, црниот дроб, билијарните патишта, панкреасот и слезенката. |

| | |
|---|---|
| | Петтото поглавје, „Ургентна радиологија“, започнува со дефинирање на ургентните состојби, нивната поделба и групирање, како и радиолошките методи кои се користат за брза дијагностика на овие состојби. Објаснети се нетрауматските ургентни состојби, вклучувајќи ги градната болка и акутната абдоминална болка. Другиот дел од ова поглавје се однесува на трауматските ургентни состојби на разни органи и системи, како и дијагностичките процедури кои при тоа се користат. На крај е наведена користената литература. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Целосна усогласеност. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Минорни корекции во смисла на печатни грешки. |
| **Оцена на ракописот:** | Одличен, читлив, лесно разбирлив, стручен текст, со јасно објаснета проблематика со слики и примери од праксата. |
| **Категоризација:** | учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 120 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 11. Текстот е поделен во 5 поглавја, а литературата е наведена на крајот на секое поглавје и содржи 165 слики и 4 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало по предметот Радиологија, примарно наменет за студентите по општа медицина на Медицинскиот факултет и за студентите по стоматологија.

Во Скопје, 5.9.2024 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Надица Митреска, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИНТЕГРИРАН ПРИСТАП ВО ПРОЦЕНКАТА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ФАКТОРИТЕ ОД РАБОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ ВОЗАЧИ ВРЗ БЕЗБЕДНОТО УПРАВУВАЊЕ СО МОТОРНО ВОЗИЛО“ ОД Д-Р АНЕТА АТАНАСОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 73 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 458/2019 и број 458/2021 – Анекс), член 275 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (бр. 425 од 28.6.2019 г.), член 91 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020) и член 61 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 245/2013). Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата VIII редовна седница одржана на 10.7.2024 година, по предлог на Советот на студиската програма на трет циклус студии – докторски студии – Клиничка медицина, донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката д-р Анета Атанасовска, м-р сци., со наслов: „Интегриран пристап во проценка на влијанието на факторите од работната средина и здравствената состојба на професионалните возачи врз безбедното управување со моторно возило“, во следниот состав: проф. д-р Јордан Минов (претседател), проф. д-р Јованка Караџинска Бислимовска (ментор), проф. д-р Фимка Тозија (член), проф. д-р Сашо Столески (член) и проф. д-р Весна Велиќ Стефановска (член).

Комисијата внимателно ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**<u>Анализа на трудот</u>**

Докторската дисертација на кандидатката д-р Анета Атанасовска, со наслов: „Интегриран пристап во проценката на влијанието на факторите од работната средина и здравствената состојба на професионалните возачи врз безбедното управување со моторно возило“, содржи 178 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со проред 1,5 и големина на буквите 12, со 312 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, релевантни стручни извештаи, национални прописи и интернет-ресурси.

Трудот содржи апстракт на македонски и англиски јазик и е структуриран во 10 поглавја, и тоа: Вовед, Мотив, Цели, Материјал и методи, Статистичка обработка, Резултати, Дискусија, Заклучоци, Предлог-мерки и Литература. Во докторскиот труд резултатите се прикажани во табели и графикони соодветно поврзани во текстот. Поглавјата се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, што овозможува лесно следење и разбирање на обработената содржина.

Докторската дисертација започнува со **Вовед** каде што е прикажан обемен преглед на релевантна литература и детално е разгледан предметот на истражувањето. Поглавјето е добро структурирано, започнувајќи со дефинирање на основните поими кои се тема на истражувањето, какви што се: безбедност во сообраќајот, професионален возач и неговата психофизичка способност за безбедно управување со моторно возило, ноќна апнеа, замор кај професионалните возачи, стрес на работно место, како и нивното динамичко влијание врз безбедноста во сообраќајот. Во истражувањето кандидатката

прикажува податоци од студии спроведени во различни временски периоди истакнувајќи ја значајноста на безбедоста во сообраќајот како високоприоритетен глобален јавноздравствен проблем и имајќи предвид дека сообраќајните несреќи предизвикуваат многу смртни случаи и повреди секоја година во светот и кај нас. Со ваквиот пристап, кандидатката ја потенцира глобалната природа на безбедноста во сообраќајот, за што зборуваат податоците дека сообраќајните несреќи претставуваат осма причина за смрт на глобално ниво и предизвикуваат повеќе од 1,35 милиони смртни случаи годишно и се прва причина за смрт кај популацијата на возраст од 5 – 29 години (Светска здравствена организација, 2018 год.). Кандидатката во Воведот истакнува дека безбедноста во сообраќајот се темели врз три компоненти: условите на патот, техничката исправност на возилото и човечкиот фактор. Во натамошниот дел од Воведот, кандидатката ги анализира професионалните штетности на работното место професионален возач, и тоа штетностите што се јавуваат во процесот на работата, штетностите што се поврзани со психофизичките оптоварувања на работата и штетностите поврзани со организацијата на работата. Понатаму во Воведот, кандидатката се осврнува на појавата на замор кај професионалните возачи со нарушување на когнитивните и психомоторните функции, што може да доведе до сообраќајни несреќи. Во последно време многу актуелна е појавата на замор кај професионалните возачи поради проблеми со спиењето предизвикани од ноќната апнеа која доведува до дневна поспаност, намалена концентрација и внимание, продолжено време на реакција и намалена вигилност на возачот, со што ја загрозува безбедноста во сообраќајот. Во понатамошниот текст се дефинира ноќната апнеа како сериозно нарушување на спиењето во кое дишењето постојано запира и започнува поради што управувањето со моторно возило од страна на возач кој е заморен или поспан претставува сериозен ризик не само за сопственото здравје и безбедност туку и за безбедноста на другите учесници во сообраќајот. Промената на здравствената состојба на возачите може да има влијание врз нивната способност безбедно да ја извршуваат својата работа, но исто така и возењето може да има негативно влијание врз здравјето на возачот. Кандидатката во Воведот нè запознава и со два вида однесување на возачите во сообраќајот: непристојно и ризично однесување. Во докторскиот труд, сите овие тврдења се поткрепени со епидемиолошки податоци и информации добиени од достапната домашна и странска литература. Кандидатката го завршува Воведот со потенцирање на важноста од изнаоѓање пристап со кој ќе се анализираат многубројните факторите што влијаат врз безбедното управување со моторно возило.

**Мотивот за реализација на студијата** произлегува од значењето на безбедноста на сообраќајот и улогата на професиналните возачи во нејзиното одржување, тема што е ретко работена кај нас, а била предмет на истражување на бројни студии во светот. Дополнителен мотив е долгогодишната работа на кандидатката во оваа област, односно во проценката на здравствената состојба и работната способност на професионалните и другите возачи. Мотивот за изработка на ваква студија, секако, е и потребата од нов сеопфатен пристап за анализа на динамичкото влијание на повеќе фактори за настанување на сообраќајни несреќи во кои значајно место има возачот и неговата здравствена состојба, појавата на замор, ноќна апнеа, стрес на работното место и факторите од работното место и креирање превентивни мерки за унапредување на здравјето на возачите и подобрување на условите за работа како значаен придонес во системот на безбедност во сообраќајот.

Во **третата глава** кандидатката прецизно ги изложува **Целите на истражувањето**, главната и петте специфични цели, директно поврзани со добиените резултати и заклучоците изнесени во завршните делови на дисертацијата. Како главна цел на истражувањето кандидатката ја посочува потребата од дефинирање интегриран

пристап во проценката на динамичкото влијание на одделните фактори од работната средина (психофизичките оптоварувања на работа и организацијата на работа) и здравствената состојба на професионалните возачи врз безбедното управување со моторно возило со цел да се предложат специфични мерки и активности за подобрување на безбедноста во сообраќајот. Кандидатката ги дефинира и специфичните цели кои се однесуваат на идентификување на одделните професионални штетности поврзани со психофизичките оптоварувања и организацијата на работата, дефинирање и анализа на најчестите здравствени проблеми, анализа на стресот на работното место, идентификување на професионалните возачи со ризик за ноќна апнеа и замор и анализа на нивното влијание врз однесувањето на возачите во сообраќајот.

Во **четвртата глава** кандидатката ги претставува **Методите и материјалите** на истражувањето, обезбедувајќи детален увид во процесот и пристапот за изведување на оваа дескриптивно-аналитичка студија на пресек (cross-sectional study) спроведена кај 210 професионални возачи во Институтот за медицина на трудот на Република Северна Македонија во периодот од 2020 – 2021 година. Кандидатката, понатаму дава детален опис на постапката за оценка на психофизичката способност за управување на моторно возило кај испитаниците во рамките на која биле спроведени здравствени прегледи и клинички испитувања од страна на специјалистите во состав на Комисијата за оценка на способноста за управување со моторно возило при Институтот за медицина на трудот на РСМ. Со цел да добие покомплексна слика за условите на работа, психофизичките оптоварувања, организационите професионални штетности, стресот на работно место, заморот, ризикот од ноќна апнеа и однесувањето на возачите во сообраќајот, кандидатката во истражувањето користи пет стандардизирани прашалници, и тоа: Прашалник за услови на работа и работното место, Прашалник за стрес на работното место, Прашалник за хроничен замор (Чек листа за индивидуална сила), Прашалник за оценка на ризикот за ноќна апнеа (Берлински прашалник) и Прашалник за однесување на возачите во сообраќајот. На крајот на ова поглавје кандидатката го опишува процесот на статистичка обработка на собраните податоци преку користење статистички програми: SPSS software package, version 20.0 for Windows (SPSS, Chicago, IL, USA) за детална анализа и интерпретација на податоците. Базите на податоците се формирани со примена на специфични компјутерски програми за таа намена. Атрибутивните статистички серии се анализирани со одредување на коефициент на односи, пропорции и стапки, а се прикажани како апсолутни и релативни броеви. Нумеричките серии се анализирани со мерки на централна тенденција (просек, медијана, минимални вредности, максимални вредности) и со мерки на дисперзија на податоците (стандардна девијација, стандардна грешка). Shapiro-Wilk W-тестот е користен за утврдување на правилноста на дистрибуцијата на фреквенцијата на испитуваните варијабли. Pearson Chi square test, Fisher exact test и Fisher Feeman Halton test се користени за утврдување на асоцијацијата меѓу одредени атрибутивни дихотомни белези. Person correlation и Spearman rang correlation се употребувани за утврдување на поврзаноста помеѓу нумеричките варијабли со правилна односно неправилна дистрибуција на фреквенциите. За тестирање на значајноста на разликата меѓу повеќе независни нумерички параметри со правилна дистрибуција користена е One-way analysis of variance (ANOVA), а кај неправилната дистрибуција на фреквенции користени се непараметарски тестови за два независни примероци (Mann Whitney U тест) и за повеќе независни примероци (Kruskal-Wallis H test). Факторите на ризик се квантифицирани преку користење на однос на веројатности (Odd ratio – OR) и интервалите на доверба (confidence intervals – CI). За споредба на пропорциите користен е Difference test.

Во **петтата глава**, кандидатката ги прикажува **Резултатите од истражувањето**, добиени преку темелна анализа на податоците добиени од 210 професионални возачи.

На почетокот, прикажани се демографските податоци од кои можеме да дознаеме дека примерокот на истражувањето го сочинуваат 210 (100 %) професионални возачи од машки пол, најголемиот дел со средно образование, со просечна возраст од 46,31±9,45 години. Од испитуваните професионални возачи, таксисти биле 51 (24,28 %), возачи на камиони/шлепери 133 (63,33 %) и возачи на автобуси 26 (12,38 %). Дополнително, се наведува дека нема сигнификантна разлика помеѓу трите вида професионални возачи во однос на должината на работниот стаж, работните часови во тек на неделата и извозената километража во изминатата година. Кандидатката истакнува дека од добиените резултати во однос на организацијата на работата, сигнификантно поголем број од испитуваните професионални возачи возеле ноќна смена, работеле во смени и за време на викенди/празници. Стресот на работнотото место во истражувањето се идентификува во рамките на одредуваните барања и ресурси на работното место. Од барањата на работното место се издвојува потребата многу работни задачи да се завршат за нереално кратко време, а, пак, како најголем ресурс се издвојува техничката исправност на возилото кое го управувале испитуваните професионални возачи. Според добиените податоци, стресот од зголемените барања на работното место, сигнификантно се зголемува со подолготрајното возење, т.е. со зголемувањето на бројот на работни часови неделно (>40 часа неделно). Следните резултати се однесуваат на условите на работа, при што статистички значајно поголем број од испитуваните возачи изјавиле дека никогаш немале или ретко имале пристап до задоволителни објекти за одмор/пауза и хигиенски тоалети. Најголем број од испитуваните професионални возачи боледуваат од мускулоскелетни болести (19, односно 9,0 %), следено со шеќерна болест (18, односно 8,6 %), хипертензија (17, односно 8,1 %), хиперлипидемија (11, односно 5,2 %) и кардиоваскуларни болести (9, односно 8,3 %). Следствено се прикажани и резултатите коишто се однесуваат на ухранетоста на испитуваните професионални возачи преку одредувањето на индексот на телесна маса (Body Mass Index – БМИ), при што сигнификантно значајно поголем број од испитуваните професионални возачи, според одредениот БМИ се натхранети во споредба со нормално ухранетите. Добиените резултати од анализираните лабораториски параметри и клинички испитувања, покажуваат патолошки промени за триглицеридите кај најголем број испитаници 70 (33,3 %), ЕКГ-промени се утврдени кај 9 (4,3 %), додека висок крвен притисок имаат 28 (13,3 %). Од оние кои примаат терапија (43), впечатливо најголем дел (40, односно 90,9 %) примаат терапија препишана од интернист. Кандидатката, понатаму ја прикажува поврзаноста на здравствените параметри со работата при што со зголемување на извозените километри годишно односно со зголемувањето на бројот на работни часови неделно, несигнификантно се влошува здравствената состојба, односно се зголемувал бројот испитаници со одредени заболувања и вредноста на БМИ. Резултатите што се однесуваат на ризикот за ноќна апнеа се добиени согласно бодовната шема на Берлинскиот прашалник, според којашто 36, односно 17,14 %, од испитуваните професионални возачи имаат ризик за ноќна апнеа. Од испитуваните домени што го дефинираат хроничниот замор, доминира влошена концентрација, потоа проблеми со мотивацијата и субјективното чувство на замор. Кај професионалните возачи кои работеле ноќна смена, возеле 40 часа неделно, работеле во смени и за викенди/празници и кај професионалните возачи со промени во здравствената состојба (ризик од ноќна апнеа и/или присутно заболување) се влошуваат сите испитувани домени на хроничниот замор. Исто така, и ресурсите на работното место имаат влијание врз појавата на замор, па така со намалување на ресурсите на работното место сигнификантно се зголемувало чувството на замор. Во однос на однесувањето во сообраќајот, испитуваните професионални возачи сигнификантно почесто прават агресивни прекршоци, споредено со обични прекршоци, пропусти и грешки. Во појавата на направените агресивни

прекршоци, организационите фактори од работата (работата во смени и работните часови неделно), како независни предиктори сигнификантно делуваат врз нивната зголемената појава. Професионалните возачи со ризик за ноќна апнеа статистички значајно почесто, односно два и пол пати почесто, имале сообраќајна несреќа во последните две години за разлика од професионалните возачи без ризик за ноќна апнеа. Исто така, професионалните возачи кои работеле повеќе од 40 часа неделно споредено со оние кои работеле помалку од 40 часа неделно во последните 2 години два пати почесто имале сообраќајна несреќа.

**Шестата глава** е посветена на продлабочена **Дискусија**, каде што кандидатката ги коментира резултатите од своето истражување, правејќи компарации со релевантни студии на оваа тема стремејќи се кон непристрасен и објективен научен дискурс базиран врз докази. Дискусијата ја започнува со анализа на структурата на примерокот, демографските карактеристики на примерокот, какви што се полот, возраста и образованието на испитуваните професионални возачи, за понатаму да ја продолжи со елаборирање на организацијата на нивната работа возачи. Во своето истражување кандидатката го идентификува просечниот број работни часови неделно за целиот примерок испитаници и дискутира за регулативата со која се ограничува работното време, одморот и паузите за време на возењето. Таа истакнува дека работниците во сообраќајот имаат проблем и со организацијата на исхраната, снабдувањето со хигиенски исправна вода за пиење и обавувањето на физиолошките потреби што се потврдува и во актуелното истражување каде што статистички значајно поголем број професионални возачи изјавиле дека немале никогаш, односно ретко имале пристап до задоволителни објекти за одмор/пауза. Природата на работата на професионалните возачи не им дозволува да одржат баланс помеѓу работата и приватниот живот, многу често мораат да возат и за време на викенди и празници што се потврдува и во актуелната студија, па така статистички значајно поголем процент 146 (69,52 %) од испитуваните професионални возачи возеле за време на викенд/празници. Анализата покажува дека утврдените организациски фактори (работата во смени, ноќната работа и работата за време на викенди/празници) влијаат врз проблемите со спиењето кај испитуваните професионални возачи. Кандидатката ја продолжува дискусијата со анализа на здравствената состојба на професионалните возачи. Податоците од актуелната студија го потврдуваат присутвото на медицински состојби кои го зголемуваат ризикот за појава на кардиоваскуларни болести, опишани во достапната литература, какви што се: хипертензијата, хиперлипидемиите, хипергликемијата, зголемената телесна тежина и пушачкиот статус. Следејќи ги препораките за следење на ризик факторите за кардиоваскуларни болести во актуелната студија кандидатката ги издвојува следниве ризик фактори: патолошки промени на ЕКГ се пронајдени кај 9 (4,3 %) испитаници, додека кај 28 (13,3 %) е измерен висок крвен притисок, односно вредности над 140 mmHg столб за систолниот притисок и над 90 mmHg за дијастолниот притисок. Во однос на пушачкиот статус, висок е процентот на активни пушачи, односно дури 44,2 % од испитаниците се активни пушачи. Кандидатката укажува дека хипергликемијата кај професионалните возачи се смета за еден од најзастапените наоди во процесот на оценка на способноста за управување со моторно возило. Во актуелното истражување наодите од лабораториските испитувања покажуваат зголемени вредности над 6,1 mmol/L за шеќерот во крвта кај 28,1 % од испитаниците, додека 8,6 % од испитаниците даваат податок дека боледуваат од шеќерна болест. Резултатите од повеќе истражувања укажуваат дека начинот на исхрана (брза храна), седечкиот начин на работа, физичката неактивност и стресот на работа доведуваат до промени во липидниот статус на професионалните возачи што е случај и во актуелното истражување. Дополнително, од резултатите добиени за пресметаните вредности на Индексот на телесната маса, може да

видиме дека повеќе од половината од испитаниците, односно 70,5 %, се натхранети и имаат вредност на БМИ повисока од 25 кг/м$^2$, а 31,9 % од нив се во категоријата обезни со вредност на БМИ повисока од 30 кг/м$^2$.

Според податоците поврзани со историја на болести и примена на хронична терапија, најзастапени заболувања кај испитуваната група професионални возачи се мускулоскелетните болести, а по нив следат шеќерната болест, хипертензијата, хиперлипидемијата и кардиоваскуларните болести. Слични резултати се добиени и во други студии од оваа област. Кандидатката посочува дека согласно резултатите од повеќе истражувања возачите со поголем број коморбидитети, какви што се кардиоваскуларните и цереброваскуларните заболувања, психијатриските состојби, дијабетесот, употребата на лекови, некорегираните визуелни дефекти и дебелината имаат повисок ризик да учествуваат во сообраќајна несреќа. Анализата со Pearson moment order correlation, укажува дека со зголемување на извозената годишна километража, односно на бројот на работни часови неделно несигнификантно се зголемува и присуството и бројот на заболувањата, како и вредноста на БМИ. Во актуелната студија кандидатката за идентификација на професионалните возачи со висок ризик за појава на ноќна апнеа го користи Берлинскиот прашалник и согласно бодовната шема на Берлинскиот прашалник вкупниот број професионални возачи со ризик за ноќна апнеа во целиот примерок изнесува 36 (17,14 %). И во актуелната студија резултатите ја потврдуваат ноќната апнеа како сериозна состојба која влијае врз способноста за безбедно управување со моторно возило и испитуваните возачи со ризик за ноќна апнеа имале 2,514 пати почесто сообраќајна несреќа во последните две години споредено со оние кои немале ризик за ноќна апнеа. Тешко е да се дефинира состојбата на замор кај професионалните возачи бидејќи неговата манифестација е многу варијабилна и шаренолика. Испитуваните професионални возачи значително повеќе имале проблем со концетрацијата и продуктивноста отколку што субјективно го чувствувале заморот. Резултатите од актуелната студија ги потврдуваат податоците од други студии за намалено ниво на концентрацијата како еден од домените на хроничниот замор. Кандидатката посочува дека резултатите од анализата во студијата укажуваат дека здравствената состојба на професионалните возачи и организациските факторите од работата имаат влијание, т.е. се во несигнификантна линеарна позитивна корелација со субјективното чувство на замор, концентрацијата, продуктивноста и мотивацијата замор. Заморот е сериозна состојба којашто може да доведе до чести грешки при возењето, ја намалува прецизноста на движењата и го продолжува времето на реакција. Кандидатката го идентификува хроничниот замор како независен предиктор кој сигнификантно делува на направените обични прекршоци од страна на испитуваните професионални возачи и тоа во 6 % и на направените пропусти во 1,9 % од случаите. Притисокот на факторот време, т.е. барањето за за определено време да се стигне до потребната дестинација при транспорт на патници или стока во сообраќајниот метеж го чувствуваат и професионалните возачи во актуелната студија и најголем стрес во однос на барањата на работно место претставува потребата да завршат многу работни задачи за нереално кратко време. Во актуелното истражување најзначаен ресурс на работното место за испитуваните професионални возачи претставува техничката исправност на возилото што го управуваат. Кандидатката во студијата ја идентификува и прекувремената работа како ризик-фактор за зголемени барања на работното место и појавата на стрес кај испитуваните професионални возачи. Кај испитуваните професионални возачи кои работат повеќе од 40 часа/неделно сигнификантно расте скорот за барањата на работното место. Анализата на добиените податоци во акуелното истражување ги потврдуваат наодите од други истражувања дека со растењето на стресот предизвикан од барањата на работното место сигнификантно се зголемува и

субјективното чувство на замор, се золемуваат проблемите со концентрација, намалена мотивација, при што е утврдена сигнификантна слаба позитивна корелација со хроничниот замор. Барањата на работно место како независен предиктор сигнификантно делуваат врз направените обични прекршоци од страна на испитуваните професионални возачи во сообраќајот во 2,5 % од случаите. Кандидатката дава осврт на однесувањето на возачите во сообраќајот и потенцира дека постојат два главни вида на несоодветно однесување на возачите во сообраќајот, односно грешки и прекршоци. Според резултатите од актуелното истражување, 75 % од испитуваните професионални возачи често манифестираат нетрпеливост/непријателски гест доколку ги налути друг возач, при што работното време и работата во смени се издвоиле како сигнификантни независни предиктори во настанувањето на агресивните прекршоци во сообраќајот. Од обичните прекршоци, испитуваните професионални возачи најчесто непочитувале ограничување на брзина на автопат, при што хроничниот замор возачи бил причина за 6 % од направените обични прекршоци. Во контекст на професионалното возење, сообраќајните несреќи се дефинираат како непланирани настани на патот, што може да предизвикаат материјални штети, повреди и/или смртни случаи. Во актуелното истражување, 58 (27,62 %) од испитуваните професионални возачи во последните две години имале сообраќајна несреќа со материјална штета/повреда. Како и во останатите студии, и во нашата студија работните часови и ризикот за ноќна апнеа статистички значајно се потврдуваат како варијабли што влијаат врз настанувањето на сообраќајни несреќи и во таа насока треба да се креираат превентивни мерки за поголема безбедност во сообраќајот. Кандидатката ја завршува дискусијата истакнувајќи ја потребата за интегриран пристап во спроведувањето на комплексните превентивни мерки и акции на меѓународно, национално, колективно и индивидуално ниво и интегриран пристап во делувањето на сите чинители во системот за безбедност во сообраќајот, со посебен акцент на специјалистите по медицина на трудот и нивната одговорност во системот за безбедност во сообраќајот да се грижат и континуирано да го подобруваат здравјето на професионалните возачи и подобруваат условите на нивната работа.

**Седмата глава** содржи **Заклучоци** утврдени врз основа на добиените резултати кои се соодветно формулирани и даваат одговори на истражувачките цели.

**Осмата глава** се однесува на детален приказ на **Стратегии и Предлог-мерки,** во која кандидатката предлага комбиниран пристап од стратегии за контрола и подобрување на професионалните штетности од организационен тип преку доследно спроведување и почитување од страна на работодавците и од страна на возачите на работното време, одморот и паузите за време на возењето. Обезбедување на пристап до хигиенски тоалет, на пр. преку навремено планирање на паузите при долги меѓународни релации, додека при градски и меѓуградски сообраќај, обезбедување од страна на работодавачот простории за одмор, исхрана и хигиенски тоалет. Инвестирање во ресурсите на работа, на пр. обезбедување од страна на работодавачите на технички исправно возило и редовно сервисирање на возилото како најважен ресурс кој го идентификуваа испитуваните професионални возачи. Се предлага организирање состаноци со специјалистите по медицина на трудот и дисеминација на резултатите, заклучоците и препораките во однос на рутинска примена на интегрираниот пристап во проценка на влијанието на факторите од работата и здравствената состојба на професионалните возачи врз безбедното управување со моторно возило. Исто така, се предлага интервенција во Правилникот за минимум здравствените критериуми што треба да ги исполнуваат возачите и кандидатите за возачи и внесување на ноќната апнеа како важен критериум за безбедно управување со моторно возило.

Во **деветтата глава** е прикажана **Користената литература** при изработка на докторската дисертација, која е обемна, прегледана и коректно цитирана по прифатените

стандарди. Во оваа глава се наведени 312 библиографски единици од избраното подрачје.

Во **последниот дел – Прилози** на докторскиот труд се прикажани и прашалниците коишто се користени во ова истражување.

**Предмет на истражувањето**

Предмет на истражување во докторската дисертација претставува безбедноста во сообраќајот и потребата да се дефинира интегриран пристап во проценката на динамичкото влијание на одделните фактори од работната средина (психофизичките оптоварувања на работа и организацијата на работа) и здравствената состојба на професионалните возачи врз безбедното управување со моторно возило со цел да се предложат специфични мерки и активности за подобрување на безбедноста во сообраќајот.

**Краток опис на применетите методи**

Истражувањето претставува дескриптивно-аналитичка студија на пресек (cross-sectional study), во која се вклучени 210 професионални возачи, а спроведено е во Институтот за медицина на трудот на Република Северна Македонија во периодот 2020-2021 година. Во актуелното истражување, за прв пат во нашата научна и стручна јавност, применета е методологија на интегриран пристап за анализа на динамичкото влијание на повеќе фактори, какви што се: професионалните штетности од работата (психофизички оптеретувања и организациски фактори), здравствената состојба на возачите, појавата на замор, ризикот од ноќна апнеа врз однесувањето на возачите во сообраќајот и дава податоци за креирање на превентивни мерки што треба да придонесат за поголема безбедност во сообраќајот. Со цел да се добие покомплексна слика за влијанието на факторите од работната средина и здравствената состојба на професионалните возачи врз безбедното управување со моторно возило применети се соодветни прашалници и клинички испитувања, односно Прашалник за услови на работа и работното место, Прашалник за стрес на работното место, Прашалник за хроничен замор (Чеклиста за индивидуална сила), Прашалник за оценка на ризик за ноќна апнеа (Берлински прашалник), Прашалник за однесување на возачите во сообраќајот и Здравствен картон за возач на моторно возило за оценка на психофизичка способност за управување со моторно возило (офталмолошки преглед, преглед од специјалист по уво, нос и грло, психолог, психијатар, преглед од специјалист по медицина на трудот, ЕКГ, лабораториски анализи). Податоците добиени во текот на истражувањето се статистички обработени со користење на SPSS software package, version 20.0 for Windows (SPSS, Chicago, IL, USA), а анализираните податоци се прикажани табеларно и графички.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Примерокот на истражувањето го сочинуваат 210 (100 %) професионални возачи од машки пол, најголемиот дел со средно образование, со просечна возраст од 46,31 ± 9,45 години. Од испитуваните професионални возачи, таксисти се 51 (24,28 %), возачи на камиони/шлепери 133 (63,33 %) и возачи на автобуси 26 (12,38 %). Не е регистрирана сигнификантна разлика помеѓу трите видови професионални возачи во однос на должината на работниот стаж, работните часови неделно и извозената километража во изминатата година. Во однос на организацијата на работата, сигнификантно поголем број од испитуваните професионални возачи возат во ноќна смена, работат во смени и за време на викенди/празници. Во рамките на одредуваните барања на работното место како најстресогено барање се издвојува барањето за многу работни задачи да се завршат за нереално кратко време. Најголем ресурс, пак, со кој располагаат испитуваните професионални возачи е техничката исправност на возилото коешто го управуваат. Според добиените податоци, стресот од зголемените барања на работното место,

сигнификантно се зголемува со подолготрајното возење, т.е. зголемувањето на бројот на работни часови неделно (повеќе од 40 часа неделно). Во однос на условите на работа, статистички значајно поголем број од испитуваните возачи изјавиле дека никогаш немале или ретко имале пристап до задоволителни објекти за одмор/пауза и хигиенски тоалети. Испитуваните професионални возачи во најголем број боледуваат од мускулоскелетни болести 19 (9,0 %), следено со шеќерна болест 18 (8,6 %), хипертензија 17 (8,1 %), хиперлипидемија 11 (5,2 %) и кардиоваскуларни болести 9 (8,3 %). Според вредноста на БМИ, сигнификантно значајно поголем број од испитуваните професионални возачи биле натхранети во споредба со нормално ухранетите. Од анализираните лабораториски параметри и клинички испитувања, патолошки промени се регистрирани најмногу за зголемени серумски вредности на триглицеридите (70, односно 33,3 %), патолошки промени на ЕКГ се регистрирани кај 9 (4,3 %), а висок крвен притисок кај 28 (13,3 %) од испитаниците. Од оние кои примаат терапија најголем дел (40, односно 90,9 %) примаат терапија препишана од интернист. Анализата на поврзаноста на здравствените параметри со работата покажува дека со зголемување на годишниот број извозени километри, односно со зголемувањето на бројот на работни часови неделно, несигнификантно се влошува здравстената состојба на испитуваните професионални возачи. Согласно со бодовната шема за Берлинскиот прашалник, 36, односно 17,14 % од испитуваните професионални возачи имаат ризик за ноќна апнеа. Од испитуваните домени што го дефинираат хроничниот замор, доминира влошената концентрација, потоа проблемите со мотивацијата и субјективното чувство на замор. Кај професионалните возачи кои работат ноќна смена, возат 40 часа неделно, работат во смени и за викенди/празници и кај професионалните возачи со промени во здравствената состојба (ризик од ноќна апнеа и присутно заболување) се влошени сите испитувани домени на хроничниот замор. Ресурсите на работното место имаат влијание врз појавата на замор, па така со намалување на ресурсите на работното место сигнификантно се зголемува чувството на замор. Во однос на однесувањето во сообраќајот, испитуваните професионални возачи сигнификантно почесто прават агресивни прекршоци, споредено со обични прекршоци, пропусти и грешки. Во појавата на направените агресивни прекршоци, организационите фактори од работата (работата во смени и работните часови неделно) како независни предиктори сигнификантно делуваат во зачестената појава на агресивните прекршоци, а влошувањето на испитуваните домени на хроничниот замор и зголемените барања на работното место имаат сигнификантно влијание врз зголемената појава на обичните прекршоци и пропусти во сообраќајот. Професионалните возачи со ризик за ноќна апнеа статистички значајно почесто (два и пол пати почесто) имале сообраќајна несреќа во последните две години за разлика од професионалните возачи без ризик за ноќна апнеа, а професионалните возачи кои во последните две години работеле повеќе од 40 часа неделно споредено со оние кои работеле помалку од 40 часа неделно два пати почесто имале сообраќајна несреќа. Кандидатката со ова истражување преку примена на интегриран пристап обезбедува детален преглед и анализа на факторите од работата, здравствената состојба на професионалните возачи и нивното однесување во сообраќајот.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација со наслов: „Интегриран пристап во проценката на влијанието на факторите од работната средина и здравствената состојба на професионалните возачи врз безбедното управување со моторно возило“, од д-р Анета Атанасовска, м-р сци., претставува оригинален и самостоен научен труд од областа на медицината на трудот и се однесува на проценка на влијанието на факторите од

работната средина и здравствената состојба на професионалните возачи врз безбедното управување со моторно возило односно нивната меѓусебна поврзаност.

Резултатите од истражувањето обезбедуваат солидна основа за креирање и имплементација на превентивни мерки за подобрување на безбедноста во сообраќајот што треба да доведе до намалување на бројот на фатални сообраќајни повреди и многу спасени животи, преку вклучување и тесна соработка на повеќе сектори, вклучувајќи ги и транспортот, здравството, полицијата, индустријата и граѓанското општество.

Докторската дисертација на кандидатката д-р Анета Атанасовска, со наслов: „ИНТЕГРИРАН ПРИСТАП ВО ПРОЦЕНКАТА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ФАКТОРИТЕ ОД РАБОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ ВОЗАЧИ ВРЗ БЕЗБЕДНОТО УПРАВУВАЊЕ СО МОТОРНО ВОЗИЛО“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за оригинален докторски труд.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ


1. Atanasovska, A. Risk factors for cardiovascular diseases in professional drivers. Arch PubHealth 2023; 15 (1). doi.org/10.3889/aph.2023. 6091. Достапно на: https://www.id-press.eu/aph/article/view/6091
2. Atanasovska, Aneta. Methodological approach to assessing the impact of workrelated factors and of health status of professional drivers on safe driving. Acad Med J 2022;2(2):1-8 UDC: 614.1:656.13.052-051 DOI: 10.53582/AMJ2222001a Достапно на: https://amj.mk/index.php/amj/article/view/90

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

**Главни научни придонеси на кандидатката.** Истражувањето претставува единствено интегрирано истражување со јасно дефинирани цели и релевантни резултати кое преку сеопфатен пристап ја проценува поврзаноста помеѓу здравствената состојба (ризик за ноќна апнеа и замор) на професионалните возачи, факторите од работната средина со однесувањето на возачите во сообраќајот и безбедноста во сообраќајот..

**Подрачје на примена.** Заклучоците и препораките согледани врз база на добиените резултати можат да се применат во креирање на политики за примена на интегрираниот пристап во проценката на влијанието на факторите од работата и здравствената состојба на професионалните возачи врз способноста за безбедно управување со моторно возило, треба да стане рутина во секојдневната работа на специјалистите по медицина на трудот што ќе им овозможи целосно согледување на сите фактори кои влијаат врз способноста за безбедно управување со моторно возило и овозможува идентификација и превенција на промените на здравствената состојба на професионалните возачи и факторите од работната средина коишто можат да доведат до аберантно однесување на возачите во сообраќајот и до појава на сообраќајни несреќи.

**Можни понатамошни истражувања.** Ова истражување отвора можности за понатамошно спроведување на лонгитудинални истражувања кои несомнено ќе помогнат во долгорочно следење и подобро проучување на процесите и состојбите, како и во идентификување на причинско-последичните врски. Овој тип истражувања ќе обезбеди продлабочено разбирање на долгорочните ефекти и ќе помогне во креирање на поефективни стратегии за справување со овие предизвици. Исто така, важно е да се спроведуваат меѓународни компаративни студии со цел да се истражат разликите и сличностите помеѓу одделни земји во здравствената состојба на професионалните возачи, факторите од работната средина и нивното меѓусебно влијание врз безбедноста во сообраќајот. Конечно, неопходно е да се спроведуваат истражувања за евалуација на ефективноста од развојот и имплементацијата на различни интервенциски програми.

Врз основа на напред изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да овозможи одбрана на докторската дисертација на кандидатката д-р Анета Атанасовска, м-р сци., со наслов: **„Интегриран пристап во проценката на влијанието на факторите од работната средина и здравствената состојба на професионалните возачи врз безбедното управување со моторно возило“**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јордан Минов, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Јованка Караџинска Бислимовска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Фимка Тозија, член, с.р.**
**Проф. д-р Сашо Столески, член, с.р.**
**Проф. д-р Весна Велиќ Стефановска, член, с.р.**

**До:**
**Наставно-научниот совет на Медицински факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје**

**ПРЕДМЕТ:** ПРИГОВОР кон Реферат за избор на наставник по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија на Медицинскиот факултет – Скопје, објавен на Билтен на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ бр.1313 од 01.09.2024 година
**ВРСКА:** Реферат за избор на наставник по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија на Медицинскиот факултет – Скопје („Билтен на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1313 од 01.09.2024 година)

Почитувани членови на Наставно-научен совет на Медицински факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје,

Во „Билтен на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, бр.1313 од 01.09.2024 година, е објавен Реферат за избор на наставник по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија на Медицинскиот факултет – Скопје.

Составен дел на Реферат за избор на наставник по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија на Медицинскиот факултет – Скопје е и Заклучокот и Предлогот за избор во звање вонреден професор професор во наставно-научните области: интерна медицина и хематологија, донесен од страна на Рецензионата комисија формирана со Одлука на Наставно-научниот совет на Медицински факултет во Скопје, бр.02- 3403/31, донесена на 10.7.2024 година (во состав: проф. д-р Ирина Пановска Ставридис, проф. д-р Злате Стојаноски, проф. д-р Александра Пивкова Велјановска, проф. д-р Андон Чибишев и проф. д-р Христо Пејков), врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 5.2.2024 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија.

Рецензионата комисија му предложи (донесе Предлог – одлука) на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Светлана Крстевска Балканов да биде избрана во звањето вонреден професор во наставно-научните области: интерна медицина и хематологија.

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија, во предвидениот рок се пријавија тројца кандидати: в. н. сор. д-р Светлана Крстевска Балканов, насл. вонр. проф. д-р Газменд Амзаи и насл. вонр. проф. д-р Марица Павковиќ.

Со должна почит кон сите учесници во конкурсната постапка и нивните досегашни постигнати наставно-стручни резултати, како еден од пријавените на објавениот Конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија, (јас насловен вонреден професор д-р Газменд Амзаи) одлучив да поднесам ПРИГОВОР по однос на одлучувањето и спроведената постапка за избор.

Имено:

- Рецензестката комисија, во постапка на прегледување и вреднување на наставно- научни и други постигањата на кандидатите, одлучила да дава предност на

најслабиот кандидат, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија (што може да се види и од самите доставени обрасци за општите услови за избор во наставно – научно звање, во прилог на Рефератот, објавен во наведениот Билтен);

- На самиот реферат и од самата документација и додатните податоци на предложениот кандидат за избор, од страна на Рецензионата комисија, јасно може да се увиди дека има многу креирани податоци, лажирани податоци, бодирање на проекти, каде предложената кандидатка нема доставено никакви уверенија дека на истиве научни настани учествувала, изнесени се научни факти што не соодветствуваат на реалноста (што ке биде предмет на понатамошна постапка пред другите истражни органи во државата);

- Сумарно, лично ценам дека, ние двајцата други кандидати, кои не сме предложени (според мене, а и според доказите и документацијата), **сме одбиени од целосна субјекитвна и тендециозна Одлука на Рецензтескта комисија**, покрај фактот дека имаме далеку поконкуретно и покомпетентно досие од предложена кандидатка (која ке се докаже и по друга постапка која ке ја спроведеме пред надлежните (истражни и стручни) органи).

Останува нејасно, врз основа на кои конкретни критериуми е донесен заклучокот на рецензетската комисија за да достави Предлог – одлука за избор на најнесоодветниот кандидатот во постапката за избор?

Во посебна постапка пред надлежните истражни органи (а го замолувам и Наставно – научниот совет на Медицински факултет во Скопје) ке се бара и испитување на добиените информации дека сопругот на предложената кандидатка за избор, е сопственик на фармацтевска фирма, кој заедно со бившата директорка на ЈЗУ УК за Хематологија, проф.д-р Ирина Пановска Ставридис, а сега претседател на Рецензентска комисија за избор на наставник по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија на Медицинскиот факултет – Скопје, имале добра соработка во областа на тендери и јавни набавки.

Имајќи пред себе и дополнителни факти за несоодветно и противзаконско постапување на Рецензионата комисија, во продолжение на овој приговор ке изнесен факт кој потврдно аргументира дека, предложената кандидатка за избор, не исполнува еден многу важен критериум, критериум кој се коси со критериумот за законски пропишаниот минимум критеиурми за избор (а за кој приговор очекувам, во законски предвиден рок, и во рамките на пропишаните задолженија со закон на Наставно – научниот совет на Медицински факултет во Скопје да одлучи соодветно, да донесе мериторна одлука и да ме информира на време, пред запонување на друга постапка за заштита на моето право).

Согласно Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019):

- Член 72, став (1): Службеното лице во своето работење, е **должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување**;

- став (2): Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.

- Член 74, став (1): **Службеното лице кое учествува или одлучува во постапката за избор, именување или вработување или е вклучено како член на телото што ја спроведува таа постапка е должно да го извести раководното лице во**

**органот**, односно институцијата каде што службеното лице врши јавни овластувања за сите постапки што можат да предизвикаат судир на интереси;

- став (2): По утврдувањето на односот на службеното лице со кандидатот за избор, именување или вработување, раководното лице од ставот (1) на овој член, е должно да ги преземе сите неопходни мерки за спречување на појавата на судир на интереси;

- Член 75, став (1): Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, **е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување;**

- став (2): Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.

Од друга страна, поради незаконско донесено решение за распоредување на работно место, **од моја страна е покрената судска постапка која е во тек** ( Предмет бр.9 РО 569/19, тужба во прилог), против ЈЗУ УК за Хематологија, преку овластено лице, медицински директор Ирина Пановска Ставридис.

Имајќи ги во предвид горенаведените одредби од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, а во врска на веќе наведеното поврзано со веќе покрената судска постапка против лицето проф.д-р Ирина Пановска Ставридис, **Ве молам, под ИТНО да се запре и поништи постапката за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија, на Медицински факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје**, од причина што претстедателот на Рецензиона Комисија, проф.д-р Ирина Пановска Стaрвидис, редовен професор на Медицински факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, како службеното лице кое учествува и одлучува во постапката за избор, а за тоа **не го информирала Деканот на Медицински факултет** при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, како раководното лице во органот, односно институцијата каде што службеното лице врши јавни овластувања за сите постапки што можат да предизвикаат судир на интереси (што е спротивно на член 75 став (1) од од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси).

Проф.д-р Ирина Пановска Ставридис како службено лице на институцијата каде се врши изборот (како во конкретниот случај), као лице која веќе има дознаено за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси, односно потенцијален судир на интереси, **е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување при доставување на Рецензионен извештај за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија** (согласно член 75 став (1) и (2) од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси).

Иако уште при составот на Рецензионата комисија и текот на постапката за избор (од донесување на одлука за објавување на Конкурс за избор, па до донесувањето на реферат за избор, а со тоа и на Предло-одлуката за избор), сумњав во реалноста на спроведување на постапката, од особено важна причина која ја нагласувам дека **мојот научно-стручен статус е повисок од оној на предложена кандидатка**.

Ова укажува на постои **груба злоупотреба на дискреционите овластувања (пред се) на Претстедателот на Рецентзентска комисија,** каде јасно (и во овој

конкурс), се игнорирани и не се бодирани многу мои резултати од плодната моја научно-истражувачка работа и наставнат дејност.

Како оштетен кандидат на овој конкурс, имајќи целосна доверба кон авторитетот на Медицинскиот факултет во Скопје, согласно горенаведеното и изложените аргументи, учтиво ги замолувам членовите на Наставно-научниот совет, со должна одоговрност и непристраност, да пристапат принципиелно, стручно, компетентно, кон разгледување на овој приговор и да донесат соодветна одлука, согласно одредбите на цитираните закони.

Доколку и по одговорот на овој Приговор се смета поинаку, ќе бидам принуден правдата да ја барам во понатамошна правна постапка.

06.09.2024,
Скопје

**Подносител на приговорот:**
**н.вон.Проф д-р Газменд Амзаи**

Врска бр.________/___

**ДО**
**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 2**
**СКОПЈЕ**

**ТУЖИТЕЛ:** **Газменд Амзаи од Гостивар**, со живеалиште на ул. Драге Тодоровски бр. 38, со ЕМБГ 0610983473027 и Л.К. бр. Г1037445, преку полномошник Сања Божиновска, адвокат од Скопје, со седиште на ул. Даме Груев 1 влез 5/1-3, со регистрирано е-сандаче: sanja.bozinovska.advokat@gmail.com.

**ТУЖЕН:** **ЈЗУ Универзитетска клиника за Хематологија – Скопје**, со седиште на ул. Водњанска бр.17 Скопје, со ЕМБС 6259880 и ЕДБ 4030007645555, преку овластени лица Маја Дерменџиев од Скопје и Ирина Пановска Ставридис од Скопје, вршител на должност – медицински директор, со регистрирано електорнско сандаче: ukhematologija@t-home.mk

**ОСНОВ:** Поништување на Решение за распоредување на работно место давател на јавни услуги бр. 09-238/100 од 06.03.2018 год. на ЈЗУ УК за Хематологија-Скопје и поништување на Решение заведено под РО бр. 0904/166 од 24.01.2019 година.

**ВРЕДНОСТ:** 40.000,00 денари.

SONJA & SANJA BOŽINOVSKI
LAW OFFICE

**ТУЖБА**

Тужениот **ЈЗУ Универзитетска клиника за Хематологија – Скопје** со Решение за распоредување на работно место давател на јавни услуги 09-238/100 од 06.03.2018 година тужителот Газменд Амзаи од Гостивар, со статус давател на јавни услуги во јавна установа од област на здравство, вработен во **ЈЗУ УК за Хематологија Скопје ГО РАСПОРЕДУВА на работно место доктор на медицина – асистент на оддел за коагулопатии и тромботични заболувања со звање и шифра Докотор на медицина - асистент ЗДР 03 01 А13 001, во оддел за коагулопатии и тромботични заболувања, а согласно дел даватели на јавни услуги, точка 9, реден број на работно место 70 од Правилникот за систематизација на работни места во ЈЗУ УК за Хематологија Скопје бр. 09-196/2 од 20.02.2018 година**. Вработениот се распоредува на работната позиција сметано од 20.02.2018 година. Платата на вработениот е утврдена со Договорот за вработување/Анекс на договорот. Решението влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Доказ:** Решение за распоредување на работно место давател на јавни услуги 09-238/100 од

Адвокатска канцеларија Соња и Сања Божиновски
... Тел.: +389 (2) 3152 225.

хематологија.

Во оспореното Решение се истакнува дека предметниот акт е донесен согласно одредбите на Законот за вработени во јавниот сектор, Закон за административните службеници и Закон за здравствена заштита на 20.02.2018 година. Врз основа на кои управниот одбор на ЈЗУ УК за Хематологија Скопје донел Правилник за систематизација на работни места во ЈЗУ УК за хематологија бр.09-196/2 од 20.02.2018 година, а за кој била добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација бр. 12/6-1308/2 од 23.02.2018 година.

**Доказ:** Правилник за систематизација на работни места во ЈЗУ УК за хематологија бр.09-196/2 од 20.02.2018 година.

Незадоволен од донесеното решение, тужителот изјавил благовремена жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен на РМ со која покрај Решението се побива и Анекс бр. 4 кон Договорот за вработување заведен под бр. 09-493/5 од 01.07.2018 година, од причина што е водена незаконска постапка од страна на тужениот и не е во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на ЈЗУ УК за хематологија, како и е во спротивност со неговата досегашна едукација. Истовремено со жалбата барал да биде распореден на работно место кое одговара на неговата стручна спрема, бидејќи бил единствен специјалист по интерна медицина – субспецијалист хематолог, па согласно ова да се распореди на работно место и работни задачи кои тужителот најдобро ќе ги извршува на областа од малигно хематолошко заболување – хочкин лимфоми.

BOZINOVSKI
LAW OFFICE

**Доказ:** Жалба од тужителот од 13.08.2018 година.

Постапувајќи по жалбата, Државната комисија на ден 24.01.2019 година донела Решение РО бр. 0904-166 со кое поднесената жалба на доктор Газменд Амзаи од Гостивар е одбиена како неосновано.

**Доказ:** Решение на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен на РМ РО бр. 0904-166 од 24.01.2019 година.
Договор за вработување бр. 04162/12 од 16.05.2011 година. (дополнително ќе биде доставен).

Во образложението на применото Решение се наведува дека согласно одредбите од чл. 158 ст. 5 и чл. 163 од Законот за здравствена заштита, Правилникот за внатрешна систематизација и организација со опис на работни места и задачи, Поединечниот колективен договор, како и Договорот за вработување на тужителот со тужениот, правилно е распореден, по потребата на установата на работно место кое одговара

01.07.2018 година.
Решение за стекнување статус на работно место давател на јавни услуги бр. 237/100 од 06.03.2018 година.

Следствено на тоа, предлагаме Основниот суд Скопје 2 - Скопје по одржување на главна, јавна и усна расправа и изведување на предложените докази да ја донесе следната:

**ПРЕСУДА**

**СЕ УСВОЈУВА** тужбеното барање на тужителот Газменд Амзаи од Скопје.

**СЕ ПОНИШТУВААТ КАКО НЕЗАКОНИТИ** Решение за распоредување на работно место давател на јавни услуги 09-238/100 од 06.03.2018 година на Директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија, Анекс бр. 4 кон Договорот за вработување заведен под бр. 09-493/5 од 01.07.2018 година и Решение на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен на РМ РО бр. 0904-166 од 24.01.2019 година.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот Јавна здравствена установа **УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА – СКОПЈЕ**, да го врати тужителот Газменд Амзаи од Скопје на работа на работното место соодветно на неговата стручна подготовка во клиничкиот оддел за малигни хемопатии, во рок од осум дена од примеот на оваа одлука.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот на тужителот да му ги надомести парничните трошоци во постапката во рок од 15 дена од приемот на пресудата, а под страв на присилна наплата.

**Прилози:**
Фотокопија од лична карта,
Полномошно.

За тужителот
Газменд Амзаи

АДВОКАТ САЊА БОЖИНОВСКА ул. Славе Деловски бр. 7 моб. 075 462 390 СКОПЈЕ

Сања Божиновска, адвокат

Адвокатска канцеларија Соња и Сања Божиновски
... 1000 Скопје, Тел.: +389 (2) 3152 225,

не неговиот степен на стручна подготовка, односно работно место доктор на медицина, асистент на оддел за коагулопатии и тромботични заболувања со звање и шифра доктор на медицина – асистент, ЗДР 03 01 А13 001 во оддел за коагулопатии и тромботични заболувања, а предвидено со правилникот за систематизација на работни места во установата бр. 09-196/2 од 20.02.2018 година (работно место под ред. бр. 70).

Причините поради кои е извршено распоредувањето биле во согласност, тужениот ги образложил во побиваното решение и истите биле во согласност со чл. 21 од Колективниот договор за здравствена дејност и чл. 20 од поединечниот колективен договор.

**Наводите на ова второстепено Решение се неосновани и не произлегуваат од доказите, ниту пак кореспондираат со решавачките причини за носење на оваа одлука.**

(1) На првостепениот суд сакаме да му укажеме дека тужениот спровел незаконска постапка во врска со носењето на Решение за распоредување на работно место давател на јавни услуги 09-238/100 од 06.03.2018 година на Директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија и Анекс бр. 4 кон Договорот за вработување заведен под бр. 09-493/5 од 01.07.2018 година.

Со увид во содржината на предметното Решение ќе се утврди дека вработениот Амзаи Газменд со статус давател на јавни услуги во јавна установа од областа на здравството, вработен во ЈЗУ УК за Хематологија Скопје се распоредува на работно место доктор на медицина – асистент на оддел за коагулопатии и тромботични заболувања со звање и шифра Доктор на медицина асистент ЗДР 03 01 А13 001, во оддел за коагулопатии и тромботични заболувања, а согласно дел даватели на јавни услуги точка 9, реден бр. на работно место 70 од Правилникот за систематизација на работни места во ЈЗУ УК за хематологија Скопје бр. 09-196/2 од **20.02.2018 година**.

Во точка два тужениот на ова работно место се распоредува сметано од 20.02.2018 година. Доколку се изврши увид во добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација бр. 12/6-13/08/2 од **23.02.2018 година** ќе се утврди дека тужениот направил повреда на постапката од причина што првично требало согласноста да ја прибави од министерството за информатичко општество и администрација, па потоа да врши распоредување на вработените.

Исто така, постои контрадикторност во делот на носење на одлуката која е заведена со датум од 06.03.2018 година, а вработениот согласно точка 2 (два) на истата се распоредува сметано од 20.02.2018 година, нешто што е **спротивно на чл. 52 ст. 4 од Уставот на Република Македонија каде стои дека:**

*„Законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.“*

**ДО**
**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СКОПЈЕ**

**ТУЖИТЕЛ:** **Газменд Амзаи од Гостивар**, со живеалиште на ул. Драге Тодоровски бр. 38, со ЕМБГ 0610983473027 и Л.К. бр. Г1037445, преку полномошник Сања Божиновска, адвокат од Скопје, со седиште на ул. Даме Груев 1 влез 5/1-3, со регистрирано е-сандаче: sanja.bozinovska.advokat@gmail.com.

**ТУЖЕН:** **ЈЗУ Универзитетска клиника за Хематологија – Скопје**, со седиште на ул. Водњанска бр.17 Скопје, со ЕМБС 6259880 и ЕДБ 4030007645555, преку овластени лица Маја Дерменџиев од Скопје и Ирина Пановска Ставридис од Скопје, вршител на должност – медицински директор, со регистрирано електорнско сандаче: ukhematologija@t-home.mk

**ОСНОВ:** Поништување на Решение за распоредување на работно место давател на јавни услуги бр. 09-238/100 од 06.03.2018 год. на ЈЗУ УК за Хематологија-Скопје и поништување на Решение заведено под бр. 0904/166 од 24.01.2019 година.

ПРИМЕНО – PRANUAR
Со № ______ прилози ekzemplarë
09 -10- 2020
ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ
GJYKATA THEMELORE CIVILE SHKUP

**ВРЕДНОСТ:** 40.000,00 денари.

SONJA & SANJA BOŽINOVSKI
LAW OFFICE

**ПОДНЕСОК**

Од тужителот Газменд Амзаи од Гостивар, преку полномошник Сања Божиновска, адвокат од Скопје

Во врска со наводите од поднесокот на тужителот од 22.09.2020 и доставените докази се произнесуваме за следното :

1. **Решението за распоредување на работно место давател на јавни услуги 09-238/100 од 06.03.2018 година** со кое **тужителот Газменд Амзаи од Гостивар**, Е РАСПОРЕДЕН на работно место доктор на медицина – асистент на оддел за коагулопатии и тромботични заболувања со звање и шифра **Докотор на медицина - асистент ЗДР 03 01 А13 001**, **Е НЕЗАКОНИТО**, затоа што согласно звањето кое го имал тужителот во тој момент **доктор на науки -супспецијалист, требало да биде определено ниво А10 !**

Адвокатска канцеларија Соња и Сања Божиновски

Број: 0805-50/150120180014229
Датум и време: 8.3.2018 г. 13:14:27

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА

| ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| ЕМБС: | 6259880 |
| Целосен назив: | Јавна здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - Скопје |
| Кратко име: | ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА Скопје |
| Седиште: | ВОДЊАНСКА бр.17 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР |
| Вид на субјект на упис: | ДРУГО |
| Датум на основање: | 26.6.2007 г. |
| Времетраење: | неограничено |
| Деловен статус: | Активен |
| *Вид на сопственост: | Државна |
| ЕДБ: | 4030007645555 |
| Големина на субјектот: | среден |
| Организационен облик: | 02.2 - здравствена установа |
| Надлежен регистар: | Регистар на други правни лица |

## СОПСТВЕНИЦИ

| | |
|---|---|
| ЕМБГ/ЕМБС: | 4064674 |
| Име и презиме/Назив: | ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |
| Адреса: | БУЛ. ИЛИНДЕН ББ СКОПЈЕ, ЦЕНТАР |
| Тип на сопственик: | Основач/сопственик |

## ДЕЈНОСТИ

| | |
|---|---|
| Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра: | 86.10 - Дејности на болниците |

| | |
|---|---|
| | ... на здравствената заштита. |

**ОВЛАСТУВАЊА**

| Овластени лица |
|---|

| | |
|---|---|
| Име и презиме: | МАЈА ДЕРМЕНЦИЕВ |
| Адреса: | ВАСКО КАРАЈАНОВ бр.2-1/6 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР |
| Овластувања: | Организациски директор, дипл. економист |
| Овластено лице: | Овластено лице |

| | |
|---|---|
| Име и презиме: | ИРИНА ПАНОВСКА СТАВРИДИС |
| Адреса: | ВОСТАНИЧКА бр.34 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР |
| Овластувања: | Вриштел на должност - медицински директор |
| Овластено лице: | Овластено лице |

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ**

| | |
|---|---|
| КОНТАКТ | |
| E-mail: | ukhematologija@t-home.mk |

**Напомена:**
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Македонија

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

**Изготвил:**

**Овластено лице:**

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**До**
**Наставно-научниот совет на**
**Медицинскиот факултет во Скопје**

Предмет: Одговор на Приговор поднесен од страна на насл. вонр. проф. д-р Газменд Амзаи, во врска со Рефератот за избор на едно лице во наставно-научно звање – вонреден професор по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија на Медицинскиот факултет-Скопје , објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1313 од 1.9.2024 година.

Во врска со Приговорот на Рефератот на Рецензентската комисија доставен од насл. вонр. проф. д-р Газменд Амзаи, членовите на Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Ирина Пановска Ставридис, проф. д-р Злате Стојаноски, проф. д-рАлександра Пивкова Велјановска, проф. д-р Андон Чибишев и проф. д-р Христо Пејков, го разгледаа Приговорот и го даваат следниов

**О Д Г О В О Р**

Кандидатите кои учествуваа на конкурсот се в. н. сор. д-р Светлана Крстевска Балканов, насл. вонр. проф. д-р Газменд Амзаи и насл. вонр. проф. д-р Марица Павковиќ. Во Рефератот објавен во Билтен број 1313 од 1.9.2024 година, во Заклучокот со предлог е наведено дека врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на кандидатите д-р Светлана Крстевска Балканов, д-р Марица Павковиќ и д-р Газменд Амзаи.

Комисијата, по деталното разгледување на приложената документација, како и според личното познавање на кандидатите, нивното залагање во едукативната, научната и медицинската практика и врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на сите кандидати од последниот избор до денес, заклучи дека кандидатката в. н. сор. д-р Светлана Крстевска Балканов ги исполнува сите услови да биде избрана во наставно-научното звање вонреден професор во наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија.

Во поглед на наводот на Приговорот кој се однесува за неправилности во бодувањето на кандидатите, Рецензентската комисија потврдува дека сите пријавени кандидати се бодувани врз основа на доставената документација на Кконкурсот и согласно со Анекс 1 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Професионалниот ангажман на сопругот на предложената кандидатка не се евалуира при изборот во наставно-научно звање и не е параметар на кој може да се приговара. Наведување во Приговорот на податоци кои не се поврзани со процесот на евалуација е обид за дискредитација на работата на Комисијата и самиот кандидат, со цел да се направи сомнеж во исправноста на донесената одлука. При тоан одговорно тврдиме дека одлуката во заклучокот е донесена

едногласно од сите пет члена на Комисијата, кои притоа се водеа исклучиво по Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и целосно професионално ја донесоа одлуката, и за избор во наставно-научно звање го предложија најдобриот кандидат.

Останатите наводи во Приговорот се напишани со говор на омраза и омаловажување кон членови на Комисијата, како и самата кандидатка, и Комисијата, со цел да го задржи академскиот пристап, се оградува и нема да ги коментира овие наводи.

Рецензентската комисија уште еднаш би сакала да истакне дека во текот на изготвувањето на Рефератот за избор на едно лице во наставно-научно звање – вонреден професор по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија, во целост се придржуваше до сите одредби предвидени со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Согласно со претходно изнесеното, Рецензентската комисија ГО ПОТВРДУВА ЗАКЛУЧОКОТ во Рефератот објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје број 1313 од 1.9.2024 година, односно на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје му предлага в. н. сор. д-р Светлана Крстевска Балканов да биде избрана во звањето вонреден професор во наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ирина Пановска Ставридис, с.р.**
**Проф. д-р Злате Стојаноски, с.р.**
**Проф. д-р Александра Пивкова Велјановска, с.р.**
**Проф. д-р Андон Чибишев, с.р.**
**Проф. д-р Христо Пејков, с.р.**

**1. До Деканот на Медицински факултет во Скопје, Проф. Др. Светозар Антоновиќ**
**2. До Продеканот за настава на Медицински факултет во Скопје, Проф. Др. Јулија Живадиновиќ Богдановска**
**3. До Државен просветен инспекторат**
**4. До Министерката за Образование**
**5. До Државната комисија за спречување на корупцијата**

# ПРИГОВОР

Од д-р Марица Павковиќ, насловен вонреден професор по интерна медицина и хематологија вработена во ЈЗУУ Клиника за Хематологија, на Одлуката за избор на наставник по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија на Медицинскиот факултет во Скопје објавена во Билтен на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” во Скопје бр.1313 од 1.09.2024.
Во овој Приговор би сакала да укажам на повеќе пропусти и прекршоци во работата и одлуката на Рецензентската комисија во состав проф. д-р Ирина Пановска-Ставридис, проф. д-р Злате Стојановски, проф. д-р Александра Пивкова-Вељановска, проф. д-р Христо Пејков, проф. д-р Андон Чибишев формирана со Одлука на Наставно-научниот совет, бр.02/3403-31, донесена на 10.07.2024 година.
На Конкурсот за Избор на наставник по интерна медицина и хематологија објавен во весниците Нова Македонија и Коха од 05.02.2024 се пријавија три кандидати: насл.вонр.проф. д-р Марица Павковиќ, в.н.науч. сор. д-р Светлана Крстевска Балканов и насл.вонр.проф. д-р Газменд Амзаи.
Сметам дека постои сериозно прекршување во работата на горе наведената Комисија и особено во работата на нејзиниот Претседател проф. д-р Ирина Пановска-Ставридис, која спротивно на сите правила и принципи, а на моја штета, ги споделила моите лични податоци и реферат со противкандидатката за која во подоцнежната постапка ќе донесат позитивна рецензија в.н.науч. сор. д-р Светлана Крстевска Балканов.
Имено Претседателката на комисијата, проф. д-р Ирина Пановска-Ставридис на 16.07.2024 година побара по маил од тројцата кандидати да и ги доставиме потребните Образци за избор и евалуација со рок до 01.08.2024 (препис од маил во прилог). Согласно барањето од Преседателката на комисијата проф. д-р Ирина Пановска-Ставридис, својот Реферат со потребните Образци и податоци го доставив по маил на 31 Јули 2024 година за да неполни 24 часа подоцна, на 01.08.2024 година истиот маил биде препратен до в.н.науч. сор. д-р Светлана Крстевска Балканов (преписи од маил комуникација во прилог). Сметам дека испраќањето на моите лични податоци и табели од бодирање до противкандидатот за кој подоцна се донесува позитивна одлука е сериозно прекршување на правилата и истото е направено со цел да се овозможи местење на поените. Со оваа постапка овозможено е да противкандидатката в.н.науч. сор. Д-р Светлана Крстевска Балканов има увид во моите лични податоци, бодови и согласно истите да ја крои и формира својата бодовна листа.
Сметам дека оваа постапка претставува сериозно кршење на процедурата и правилата на работата на Комисијата особено на претседателката проф. д-р Ирина Пановска Ставридис, а зад која веројатно стојат и бизнис интереси за што дополнително ќе се жалам и до Државната комисија за спречување на корупција и до Државниот просветен инспекторат. Зарем не постои конфликт на интереси ако претседателот на Комисијата во време додека е Директор на Клиниката за Хематологија интензивно тргува и набавува лекови од фирмата на сопругот на противкандидатката за која се носи позитивно мислење?
Комисијата направила и низа други намерни или ненамерни пропусти во постапката на бодирање на противкандидатката како:

1) Бодувани се дури 15 проекти по 5 бодови (вкупно 75 бода) кој се надвор од областа на Хематологијата и се фармаколошки студии во кој веројатно учествувал сопругот на противкандидатката,
2) Комисијата не бодирала повеќе лабораториски методи за кој многу добро знае дека во изминатиот период на повеќе платформи сум ги вовела и работела на Клиниката како (детекција на мутации во CALR, MPL, JAK2 и др.)

3) Противкандидатката има само 12 бодови повеќе од мене (767 наспроти 755) што не би било проблематично кога не би се зеле во предвид нашите последни рецензии излезени во Билтен бр.1279 од 1.03.2023. Во тој Билтен, пред неполна година од објавувањето на тековниот конкурс, јас имам 652 бода додека д-р Светлана Крстевска Балканов има 450 бода, со што се поставува логично прашање како за 1 година може да се обезбедат повеќе од 300 бодови.
4) Комисијата наведува во заклучокот дека одлуката ја базира на детално разгледаната документација и личното познавање на кандидатите, тогаш зошто не е земена во предвид разликата во просечната оценка од студии помеѓу мене и кандидатката (9.4 наспроти 8.21) и податокот дека просекот од 8.21 што го има кандидатката д-р Светланат Крстевска Балканов е обезбеден по дополнително преполагање на одредени испити по вработувањето на Клиниката за Хематологија. Членовите на Комисијата од Клиниката за хематологија добро знаат дека кандидатката во моментот на вработување на Клиниката не ги исполнувала условите за отпочнување на постдипломски или докторски студии поради просечна оценка помала од 8.0 и само благодарение на во тој момент постоечката законската можност да се поништат и преполагаат одредени испити кандидатката продолжила со својата академска кариера, истото веројатно не би било возможно во било кој подобро уреден образовен систем.

Сметам дека поради сериозните прекршоци, пристрасноста и видливот конфликт на интереси во работата на Комисијата, а пред се и поради квалитативната разлика помеѓу мене и предложената кандидатка, Советот треба да ја преиспита и поништи одлуката на споменатата Комисија.

Со почит

Насл.вонр.проф д-р Марица Павковиќ

06.09.2024, Скопје

06/09/2024, 13:17 Yahoo Mail - Рецензентска комисија- одлука

# Рецензентска комисија- одлука

From: Irina Panovska (dr_irina@yahoo.com)

To: svetlanakrstevskaa@yahoo.com; dr.gazmend_amzai@hotmail.com; pavkovicm@yahoo.com; aleksandrapivkova@yahoo.com; sanjatrajkovamd@yahoo.com; pejkovh@yahoo.com; acibisev@gmail.com

Date: Tuesday, July 16, 2024 at 01:54 PM GMT+2

Почитувани колеги,

Во прилог Ви ја доставувам одуката за формирање на рецензентска комисија и образец 1& 2 и

А Н Е К С 1 за ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ.

Ве молам до 01.08.2024 да ги вратите пополнети образец 1& 2 со што добивате можност најпрво сами да го евалуирате вашиот досегашен труд, за да може потоа комисијата да го провери и верификува вашето бодување и донесе одлука за избор во наставно звање на најсоодветниот кандидат, согласно потигнатото досега.

Поздрав,

Проф. Д-р Ирина Пановска-Ставридис
Медицински Директор
ЈЗУ Универзитетска Клиника за Хематологија-Скопје
Мајка Тереза 17, Скопје, Република Северна Македонија
тел/факс.+389 2 3111749; +38970221089

Prof Irina Panovska-Stavridis,MD
Medical Director
University Clinic of Hematology-Skopje
Majka Tereza 17, Skopje, Republic of North Macedonia
phone/fax.+389 2 3111749; +38970221089

Рецензентска комисија -Одлука.pdf
367.6kB

Obrazec 1.doc
196kB

Obrazec 2.doc
99.5kB

Анекс 1.pdf
685.6kB

about:blank 1/1

## referat za izbor

From: Marica Pavkovic (pavkovicm@yahoo.com)

To: dr_irina@yahoo.com

Date: Wednesday, July 31, 2024 at 05:56 PM GMT+2

Pocituvani

Vo prilog Vi isprakam referat vo vrska so posledniot konkurs.

So pocit
n.v.Prof. Dr. Marica Pavkovic

Referat izbor 2024 finalen.docx
86.6kB

# Fw: referat za izbor

From: Irina Panovska (dr_irina@yahoo.com)

To: svetlanakrstevskaa@yahoo.com; pavkovicm@yahoo.com

Date: Thursday, August 1, 2024 at 10:21 AM GMT+2

Проф. Д-р Ирина Пановска-Ставридис
Медицински Директор
ЈЗУ Универзитетска Клиника за Хематологија-Скопје
Мајка Тереза 17, Скопје, Република Северна Македонија
тел/факс.+389 2 3111749; +38970221089

Prof Irina Panovska-Stavridis,MD
Medical Director
University Clinic of Hematology-Skopje
Majka Tereza 17, Skopje, Republic of North Macedonia
phone/fax.+389 2 3111749: +38970221089

----- Forwarded Message -----
**From:** Marica Pavkovic <pavkovicm@yahoo.com>
**To:** Irina Panovska Stavridis <dr_irina@yahoo.com>
**Sent:** Wednesday, July 31, 2024 at 08:58:49 AM PDT
**Subject:** referat za izbor

Pocituvani

Vo prilog Vi isprakam referat vo vrska so posledniot konkurs.

So pocit
n.v.Prof. Dr. Marica Pavkovic

Referat izbor 2024 finalen.docx
86.6kB

**До**
**Наставно-научниот совет на**
**Медицинскиот факултет во Скопје**

Предмет: Одговор на Приговор поднесен од страна на насл. вонр. проф. д-р Марица Павковиќ, во врска со Рефератот за избор на едно лице во наставно-научно звање – вонреден професор по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија на Медицинскиот факултет во Скопје , објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1313 од 1.9.2024 година.

Во врска со Приговорот на Рефератот на Рецензентската комисија доставен од насл. вонр. проф. д-р Марица Павковиќ, членовите на Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Ирина Пановска Ставридис, проф. д-р Злате Стојаноски, проф. д-р Александра Пивкова Велјановска, проф. д-р Андон Чибишев и проф. д-р Христо Пејков, го разгледаа Приговорот и го даваат следниов

**О Д Г О В О Р**

Кандидатите кои учествуваа на конкурсот се в. н. сор. д-р Светлана Крстевска Балканов, насл. вонр. проф. д-р Газменд Амзаи и насл. вонр. проф. д-р Марица Павковиќ. Во Рефератот објавен во Билтен број 1313 од 1.9.2024 година во Заклучокот со предлогот е наведено дека врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на кандидатите д-р Светлана Крстевска Балканов, д-р Марица Павковиќ и д-р Газменд Амзаи.

Комисијата по деталното разгледување на приложената документација, како и според личното познавање на кандидатите, нивното залагање во едукативната, научната и медицинската практика и врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на сите кандидати од последниот избор со денес заклучи дека кандидатката в. н. сор. д-р Светлана Крстевска Балканов ги исполнува сите услови да биде избрана во наставно-научното звање вонреден професор во наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија.

Во поглед на наводот на Приговорот кој се однесува за неправилности во бодувањето на кандидатите, Рецензентската комисија потврдува дека сите пријавени кандидати се бодувани врз основа на доставената документација на конкурсот и согласно со Анекс 1 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Професионалниот ангажман на сопругот на предложената кандидатка не се евалуира при изборот во наставно-научно звање и не е параметар на кој може да се приговара. Наведување на податоци во Приговорот кои не се поврзани со

процесот на евалуација е обид за дискредитација на работата на Комисијата и самиот кандидат, со цел да се направи сомнеж во исправноста на донесената одлука. При тоа, одговорно тврдиме дека одлуката во заклучокот е донесена едногласно од сите пет члена на Комисијата кои притоа се водеа исклучиво по Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и целесно професионално ја донесоа одлуката, и за избор во наставно-научно звање да се предложи најдобриот кандидат.

Останатите наводи во Приговорот се напишани со говор на омраза и омаловажување кон членови на Комисијата, како и самата кандидатка, и Комисијата, со цел да го задржи академскиот пристап, се оградува и нема да ги коментира овие наводи.

Рецензентската комисија уште еднаш би сакала да истакне дека во текот на изготвувањето на Рефератот за избор на едно лице во наставно-научно звање – вонреден професор по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија, во целост се придржуваше до сите одредби предвидени со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Согласно со претходно изнесеното, Рецензентската комисија ГО ПОТВРДУВА ЗАКЛУЧОКОТ во Рефератот објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје број 1313 од 1.9.2024 година, односно на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје му предлага в. н. сор. д-р Светлана Крстевска Балканов да биде избрана во звањето вонреден професор во наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ирина Пановска Ставридис, с.р.**
**Проф. д-р Злате Стојаноски, с.р.**
**Проф. д-р Александра Пивкова Велјановска, с.р.**
**Проф. д-р Андон Чибишев, с.р.**
**Проф. д-р Христо Пејков, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област меѓународно јавно право, објавен на 8.8.2024 година, во весниците „Вечер“ и „Коха“, како и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, бр.02-906/4, донесена на 3.9.2024 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област меѓународно јавно право, во состав: проф. д-р Сашо Георгиевски, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, проф. д-р Елена Михајлова Стратилати, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје и проф. д-р Дејан Маролов, вонреден професор на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област меѓународно јавно право, во предвидениот рок се пријави само еден кандидат, д-р Љупчо Стојковски, досегашен доцент по група предмети во рамките на научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Љупчо Стојковски е роден на 29.3.1986 година, во Скопје. Дипломирал на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во 2008 година, со просечен успех 9,29, при што се стекнал со стручен назив – дипломиран правник. Кандидатот магистрирал на постдипломските по Меѓународно право и меѓународна политика при Правниот факултет „Јустинијан Први“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со просечен успех 9,86, и се стекнал со стручниот назив магистер на правни науки (MSc), насока: меѓународно право. Во 2013 година, кандидатот се запишал на докторските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на насоката меѓународно право. На 9.7.2019, кандидатот ја одбрани својата докторска дисертација под наслов „Реформа на Советот за безбедност на ОН во ера на ‘Одговорноста да се заштити’“ и се стекна со научниот степен доктор на правни науки по меѓународно право. Во септември 2022 година, кандидатот се стекнува и со диплома магистер (MA) по филозофија (magna cum laude) од Универзитетот KU Leuven, Белгија. Кандидатот активно се служи со англискиот јазик (Ц1 ниво) и со францускиот јазик (Б2 ниво).

Од учебната 2007/2008 година, па до денес, со исклучок на периодот март 2016 – февруари 2017, кандидатот д-р Љупчо Стојковски континуирано е ангажиран како демонстратор, соработник, асистент докторанд и доцент на Институтот за меѓународно право и меѓународни односи при Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје. На 3.3.2020 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” бр. 02-271/7, избран е во звањето доцент на научната област меѓународно јавно право за време од пет години. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр.1209, од 15.2.2020 година. Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

### 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

#### 2.1. Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатот д-р Љупчо Стојковски изведувал настава на Правниот факултет „Јустинијан Први” на предмети од прв и втор циклус студии од областа на

меѓународното јавно право и меѓународните односи. Поконкретно, на прв циклус студии, кандидатот учествувал во наставата од предметите: Меѓународно јавно право, Меѓународни политички односи (на македонски и англиски јазик) и Меѓународно право во граѓанска војна (македонски и англиски јазик). На втор циклус студии, кандидатот изведувал настава на предметите: Меѓународно јавно право – применета програма; Меѓународни односи; Меѓународно воено и хуманитарно право; Меѓународно хуманитарно право; Меѓународно договорно право; Дипломатско и конзуларно право; Дипломатско и конзуларно работње; Меѓународни организации; Меѓународни судови и трибунали; Меѓународен тероризам и Меѓународно-правни аспекти на борбата против тероризмот Транснационален криминал и меѓународен тероризам; и Малцински и други колективни права.

Кандидатот учествувал како член во Комисија за оцена или одбрана на дваесет магистерски трудови, а има учествувано и на пет работилници, семинари и онлајн курсеви.

### 2.2. Научноистражувачка дејност

Во рамките на научноистражувачката дејност, кандидатот д-р Љупчо Стојковски има објавено единаесет трудови од областа на меѓународното јавно право, и тоа: четири труда во научни списанија кои подлежат на рецензија и имаат меѓународен уредувачки одбор, едно поглавје во книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија (Словенија), еден труд во научно списание кое подлежи на рецензија и е објавено во земја членка на ОЕЦД (Јапонија), еден труд во научно списание без импакт-фактор кое подложи на рецензија и кое е индексирано во најмалку една релевантна електронска база (Ebsco), и четири труда во стручно/научно-популарни списанија. Д-р Љупчо Стојковски учествувал во два национални и еден меѓународен научен проект и бил ментор на четири магистерски труда. Кандидатот има објавено свои апстракти во зборници на три меѓународни конференции, а одржал и пет секциски предавања на научни/стручни собири со меѓународно учество.

### 2.3. Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Од активностите во стручно-применувачката дејност, кандидатот д-р Љупчо Стојковски бил во два наврата ангажиран како рецензент на научен труд во списанието „Iustinianus Primus Law Review“, учествувал во промотивните активности на Правниот факултет „Јустинијан Први”, бил координатор во подготовка на елаборатот по едногодишните студии на втор циклус по Меѓународно јавно право, право на ЕУ и дипломатија, а имал и ангажмани како предавач и експерт на теми поврзани со вештачката интелигенција и правдата околу животната средина.

Што се однесува до дејностите од поширок интерес, кандидатот бил активен како член на вкупно девет комисии и тела на Правниот факултет „Јустинијан Први”; секретар на Колегиумот на студиската програма на втор циклус студии – меѓународно јавно право, меѓународно приватно право, меѓународни односи и право на ЕУ, и меѓународно право, право на ЕУ и дипломатија, на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје во последните три години, секретар на Институтот за меѓународно право и меѓународни односи при Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, почнувајќи од 2024 година, како и раководител на на Центарот за правна клиничка едукација – Центар за меѓународно јавно право и меѓународни човекови права. Д-р Љупчо Стојковски бил член на програмскиот одбор на два меѓународни научни/стручни собира, а остварил и студиски престој во странство заради научно и стручно усовршување на мастер студии по филозофија на Универзитетот KU Leuven, Белгија, во траење од девет месеци. За истакнување е неговото активно ангажирање во изминатите седум години како тренер на студентските тимови од Правниот факултет „Јустинијан Први” кои учествуваат на престижниот и најголем меѓународен студентски натпревар по меѓународно јавно право „Philip C. Jessup“, каде што во 2020 година, тимот на Правниот факултет „Јустинијан Први” ја освои наградата „Alona E. Evans“ за најдобри комбинирани меморандуми на меѓународните рунди (26. место во светот севкупно), а тимот во 2021 година ја освои Hardy C. Dillard наградата за најдобри комбинирани меморандуми на глобалните рунди (2. место во светот севкупно и 3. место за најдобри меморандуми во својство на тужител), што придонесува кон подигнување на рејтингот на Правниот факулет „Јустинијан Први” и на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ на светските ранг-листи.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Љупчо Стојковски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека д-р Љупчо Стојковски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во научната област меѓународно јавно.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Љупчо Стојковски да биде избран во звањето вонреден професор во научната област меѓународно јавно.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Сашо Георгиевски, с.р.**
**Проф. д-р Елена Михајлова Стратилати, с.р.**
**Проф. д-р Дејан Маролов, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Љупчо Киро Стојковски
**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први” – Скопје
**Научна област:** меѓународно јавно право

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,29.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,86. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: меѓународно јавно право; поле: правни науки; подрачје: општествени науки. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: *Iustinianus Primus Law Review*<br>2. Назив на електронската база на списанија: *Ebsco*<br>3. Наслов на трудот: „Some Perspectives on the UN Security Council Reform Proposals”<br>4. Година на објава: 2022 | ДА |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1.Назив на научното списание: *Contemporary Macedonian Defence,* vol. 46.<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 25 членови вкупно; 14 Северна Македонија, | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2 Словенија, 2 Хрватска, 2 Србија, 1 Босна и Херцеговина, 1 Бугарија, 1 Црна Гора, 1 Германија, 1 Индонезија.<br>3. Наслов на трудот: "Climate change as a security issue in the Western Balkans"<br>4. Година на објава: 2024<br>________________<br><br>1.Назив на научното списание: *Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на проф. д-р Димитар Бајалџиев, Том 60*.<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 7 членови вкупно; 2 Северна Македонија, 1 Србија, 1 Хрватска, 1 Црна Гора, 1 Босна и Херцеговина, 1 Бугарија.<br>3. Наслов на трудот: Доброто против злото?: Војната против тероризмот и ИСИС"<br>4. Година на објава: 2022<br>__________________<br><br>1.Назив на научното списание: *Годишник на Правниот Факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на проф. д-р Гале Галев, Том 59*.<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): ): 7 членови вкупно; 2 Северна Македонија, 1 Србија, 1 Хрватска, 1 Црна Гора, 1 Босна и Херцеговина, 1 Бугарија.<br>3. Наслов на трудот: „Принципот на пропорционалност во меѓународното хуманитарно право и операцијата "Заштитена граница"";<br>4. Година на објава: 2021<br>________________<br><br>1.Назив на научното списание: *Journal of Law and Politics vol.2, iss.1.*<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 8 членови вкупно; 4 Северна Македонија, 2 Полска, 1 Словенија, 1 Србија.<br>3. Наслов на трудот: "Sovereignty under Threat? Responsibility to Protect and the Understanding of Sovereignty".<br>4. Година на објава: 2021 | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1.Назив на научното списание: *The HESTIA Review*<br>2.Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Јапонија<br>3. Наслов на трудот: "Stuck again? Does the 'New Cold War' Impact the Functioning of the UN Security Council?"<br>4. Година на објава: 2024 | ДА |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Наслов на книгата: *The Limits of Responsibility to Protect* (Vasilka Sancin, Maša Kovič Dine (eds.)), Глава 1 (стр.21-39) "Non-UN Sanctions and the 'Responsibility to Protect': Legality, Legitimacy and their Significance for R2P".<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Словенија<br>3.Издавач, година и место на издавање/објавување: Правен факултет, Универзитет Љубљана, 2023 година, Словенија | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1.Назив на зборникот: _______<br>2.Назив на меѓународниот собир: ____________<br>3.Имиња на земјите: _________<br>4. Наслов на трудот: _____________<br>5. Година на објава: _____________ | НЕ |
| | | |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>1. Наслов на преведеното капитално дело: _______<br>2. Година на објава __________<br>3. Издавач, место на издавање и година ______________ | НЕ |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: бр.1209, од 15.2.2020 година | ДА |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Сашо Георгиевски, с.р.**
**Проф. д-р Елена Михајлова Стратилати, с.р.**
**Проф. д-р Дејан Маролов, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Љупчо Киро Стојковски
**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први” – Скопје
**Научна област:** меѓународно јавно право

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава од прв циклус студии:**[2]<br><br>1) Предмет: Меѓународно јавно право (правни студии)<br>- 2019-2020: 40 часа<br>- 2020-2021: 40 часа<br>- 2022-2023: 40 часа<br>- 2023-2024: 40 часа<br>________________________<br>160 x 0,04 = 6,4<br><br>2) Предмет: Меѓународни политички односи (политички студии, македонски јазик)<br>- 2019-2020: 15 часа<br>- 2020-2021: 15 часа<br>- 2022-2023: 15 часа<br>- 2023-2024: 15 часа<br>________________________<br>60 x 0,04 = 2,4<br><br>3) Предмет: Меѓународни политички односи (политички студии, англиски јазик)<br>- 2019-2020: 15 часа<br>- 2020-2021: 15 часа<br>- 2022-2023: 15 часа<br>- 2023-2024: 15 часа<br>________________________<br>60 x 0,04 = 2,4<br><br>4) Предмет: Меѓународно право во граѓанска војна (политички студии, македонски јазик)<br>- 2019-2020: 15 часа<br>- 2020-2021: 15 часа<br>- 2022-2023: 15 часа | 16 |

[2]Часовите за учебната 2021/2022 година, определени со Решение на Правниот факултет „Јустинијан Први” бр. 03-1-173 од 16.8.2021 година, не се засметани во вкупниот збир на часови заради студиски престој на кандидатот во странство заради научно и стручно усовршување во периодот 1.10.2021 – 30.6.2022 година (согласно со Одлука бр. 02-927/10 на Правниот факултет „Јустинијан Први” од 6.9.2021 година).

| | | |
|---|---|---|
| | - 2023-2024: 15 часа<br>_________________________<br>60 x 0,04 = 2,4<br><br>5) Предмет: Меѓународно право во граѓанска војна (политички студии, англиски јазик)<br>- 2019-2020: 15 часа<br>- 2020-2021: 15 часа<br>- 2022-2023: 15 часа<br>- 2023-2024: 15 часа<br>_________________________<br>60 x 0,04 = 2,4 | |
| 2. | **Одржување на настава од втор циклус студии:** [3]<br><br>1) Предмет: Меѓународни политички односи<br>- 2019-2020: 25 часа<br>- 2020-2021: 25 часа<br>_________________________<br>50 x 0,05 = 2,5<br><br>2) Предмет: Меѓународно јавно право – применета програма<br>- 2019-2020: 15 часа<br>- 2020-2021: 31,5 часа<br>- 2022-2023: 16,5 часа<br>- 2023-2024: 22,5 часа<br>______________________<br>85,5 x 0,05 = 4,275<br><br>3) Предмет: Меѓународно јавно право<br>- 2020-2021: 16,5 часа<br>- 2022-2023: 16,5 часа<br>_______________________<br>33 x 0,05 = 1,65<br><br>4) Предмет: Меѓународно договорно право<br>- 2019-2020: 26 часа<br>- 2020-2021: 48,5 часа<br>- 2022-2023: 22,5 часа<br><br>_________________________ | 70,475 |

[3]Часовите за учебната 2021/2022 година, определени со Решение на Правниот факултет „Јустинијан Први“ бр. 03-1-173 од 16.8.2021 година, не се засметани во вкупниот збир на часови заради студискиот престој на кандидатот во странство заради научно и стручно усовршување во периодот 1.10.2021 – 30.6.2022 година (согласно со Одлука бр. 02-927/10 на Правниот факултет „Јустинијан Први“ од 6.9.2021 година).

| | | |
|---|---|---|
| | 97 x 0,05 = 4,85<br><br>5) Предмет: Меѓународно воено и хуманитарно право<br>- 2019-2020: 26 часа<br>____________________________<br>26 x 0,05 = 1,3<br><br>6) Предмет: Меѓународно хуманитарно право<br><br>- 2020-2021: 59,5 часа<br>- 2022-2023: 33,5 часа<br>- 2023-2024: 33,5 часа<br>____________________________<br>126,5 x 0,05 = 6,325<br><br>7) Предмет: Меѓународен тероризам<br>- 2019-2020: 23 часа<br>- 2020-2021: 30 часа<br>____________________________<br>53 x 0,05 = 2,65<br><br>8) Предмет: Меѓународно-правни аспекти на борбата против тероризмот<br>- 2019-2020: 28 часа<br>- 2020-2021: 28 часа<br>____________________________<br>56 x 0,05 = 2,8<br><br>9) Предмет: Транснационален криминал и меѓународен тероризам (политички студии, македонски јазик)<br>- 2019-2020: 15 часа<br>- 2020-2021: 20 часа<br>- 2022-2023: 20 часа<br>- 2023-2024: 20 часа<br>____________________________<br>75 x 0,05 = 3,75<br><br>10) Предмет: Транснационален криминал и меѓународен тероризам (политички студии, англиски јазик)<br><br>- 2019-2020: 15 часа<br>- 2020-2021: 20 часа<br>- 2022-2023: 20 часа | |

| | | |
|---|---|---|
| | - 2023-2024: 20 часа<br><br>________________________<br>75 x 0,05 = 3,75<br><br>11) Предмет: Меѓународни односи<br>- 2020-2021: 33,5 часа<br>- 2022-2023: 33,5 часа<br>- 2023-2024: 33,5 часа<br>________________________<br>100,5 x 0,05 = 5,025<br><br>12) Предмет: Дипломатско и конзуларно право<br>- 2020-2021: 63,5 часа<br>- 2022-2023: 33,5 часа<br>- 2023-2024: 33,5 часа<br>________________________<br>130,5 x 0,05 = 6,525<br><br>13) Предмет: Дипломатско и конзуларно работење (политички студии, македонски јазик)<br>- 2023-2024: 22,5 часа<br>________________________<br>22,5 x 0,05 = 1,125<br><br>14) Предмет: Дипломатско и конзуларно работење (политички студии, англиски јазик)<br>- 2023-2024: 22,5 часа<br>________________________<br>22,5 x 0,05 = 1,125<br><br>15) Предмет: Меѓународни организации (правни студии)<br>- 2020-2021: 56 часа<br>- 2022-2023: 33,5 часа<br>- 2023-2024: 67 часа<br>________________________<br>156,5 x 0,05 = 7,825<br><br>16) Предмет: Меѓународни организации (студии по новинарство)<br>- 2022-2023: 26 часа<br>________________________<br>26 x 0,05 = 1,3 | |

| | | |
|---|---|---|
| | 17) Предмет: Меѓународни организации (студии Односи со јавност)<br>- 2022-2023: 26 часа<br>________________________<br>26 x 0,05 = 1,3<br><br>18) Предмет: Меѓународни судови и трибунали<br>- 2020-2021: 56 часа<br>- 2022-2023: 33,5 часа<br>- 2023-2024: 67 часа<br>________________________<br>156,5 x 0,05 = 7,825<br><br>19) Предмет: Малцински и други колективни права<br>- 2022-2023: 67,5 часа<br>________________________<br>67,5 x 0,05 = 3,375<br><br>20) Предмет: Меѓународни и национални организации (Филолошки факултет „Блаже Конески”)<br>- 2020-2021: 24 часа<br>________________________<br>24 x 0,05 = 1.2 | |
| 3. | **Учесник во школи и работилници**:<br><br>3.1. Летна школа „Наука и технологија: вистината и другите вредности”, организирана од Универзитетот во Ценова, Италија, септември 2023 година; [1 x 1]<br>3.2. “AI and Law”, Лунд-универзитет, онлајн курс (сертификат, април 2023 година); [1 x 1]<br>3.3. Работилница „Правото и војната – феноменолошки перспективи”, организирана онлајн од Одделот за филозофија при Техничкиот универзитет „Дармстад“, Германија; февруари 2023 година; [1 x 1]<br>3.4. “Artificial Intelligence: Ethics & Societal Challenges”, Лунд-универзитет, онлајн курс (сертификат, февруари 2023 година); [1 x 1]<br>3.5. Работилница „Моралната одговорност и употребата на (полу)автономни оружја”, организирана онлајн од Одделот за филозофија при Универзитет KU Leuven и Кралската воена академија, Белгија, јануари 2023 година [1 x 1] | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | **Консултации со студенти:**<br>- 2019-2020: 250 x 0,002 = 0,5<br>- 2020-2021: 250 x 0,002 = 0,5<br>- 2022-2023: 250 x 0,002 = 0,5<br>- 2023-2024: 250 x 0,002 = 0,5 | 2 |
| 5. | **Член на комисија за оценка или одбрана на магистерски труд:**<br><br>5.1. Кандидатка Миа Георгиевска [1 x 0,3]<br>5.2. Кандидат Енвер Саљихи [1 x 0,3]<br>5.3. Кандидатка Софија Поповска [1 x 0,3]<br>5.4. Кандидат Предраг Каранфилоски [1 x 0,3]<br>5.5. Кандидат Никола Голубов [1 x 0,3]<br>5.6. Кандидат Горјан Грнчаровски [1 x 0,3]<br>5.7. Кандидатка Соња Анастасова [1 x 0,3]<br>5.8. Кандидат Виктор Кочински [1 x 0,3]<br>5.9. Кандидат Илир Исени [1 x 0,3]<br>5.10. Кандидатка Марија Зеленковска [1 x 0,3]<br>5.11. Кандидатка Ева Цветковска [1 x 0,3]<br>5.12. Кандидатка Бети Милошоска [1 x 0,3]<br>5.13. Кандидатка Светлана Наумовска [1 x 0,3]<br>5.14. Кандидатка Ана Јанчева [1 x 0,3]<br>5.15. Кандидатка Елена Велинова [1 x 0,3]<br>5.16. Кандидат Стефан Коцевски [1 x 0,3]<br>5.17. Кандидат Борис Лазов [1 x 0,3]<br>5.18. Кандидат Јовица Јанковиќ [1 x 0,3]<br>5.19. Кандидат Мартин Шунтов [1 x 0,3]<br>5.20. Кандидатка Јулија Луческа [1 x 0,3] | 6 |
| | **Вкупно** | **99,475** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Ментор на магистерски труд:**<br><br>1.1. Кандидат Виктор Кочински [1 x 2]<br>1.2. Кандидатка Соња Анастасова [1 x 2]<br>1.3. Кандидатка Ружица Ѓеоргиева [1 x 2]<br>1.4. Кандидатка Симеона Стефаноска [1 x 2] | 8 |
| 2. | **Учесник во национален научен проект:**<br><br>2.1. „Мегапроект: Евроинтеграцијата на општествениот, правниот и политичкиот систем на Република Македонија“, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје [1x3]<br>2.2. „Климатски промени и имплементација на меѓународните и европските стандарди во Република Северна Македонија”, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје [1x3] | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | **Учесник во меѓународен научен проект:**<br>3.1. Modernizing European Legal Education (MELE), an Erasmus+ проект, Centre for South East European Law School Network (SEELS) (публикација: „Guidebook on Moot Courts”) [1x5] | 5 |
| 4. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование:**<br>4.1. “Some Perspectives on the UN Security Council Reform Proposals”, *Iustinianus Primus Law Review*, vol.13, is.2, 2022; Електронска база: Ebsco [1 x 5] | 5 |
| 5. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови:**<br>5.1. “Climate change as a security issue in the Western Balkans”; *Contemporary Macedonian Defence,* vol. 46, June 2024, стр. 11-22 (коавтор; со Јулија Брсакоска Базеркоска);<br>Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 25 членови вкупно; 14 Северна Македонија, 2 Словенија, 2 Хрватска, 2 Србија, 1 Босна и Херцеговина, 1 Бугарија, 1 Црна Гора, 1 Германија, 1 Индонезија. [1 x 4,5]<br><br>5.2. „Доброто против злото?: Војната против тероризмот и ИСИС”; *Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, во чест на проф. д-р Димитар Бајалџиев, Том 60,* 2022, стр. 537-552;<br>Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 7 членови вкупно; 2 Северна Македонија, 1 Србија, 1 Хрватска, 1 Црна Гора, 1 Босна и Херцеговина, 1 Бугарија. [1 x 5]<br><br>5.3. „Принципот на пропорционалност во меѓународното хуманитарно право и операцијата *Заштитена граница*”; *Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, во чест на проф. д-р Гале Галев, Том 59,* 2021, стр. 1067-1082;<br>Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 7 членови вкупно; 2 Северна | 19,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Македонија, 1 Србија, 1 Хрватска, 1 Црна Гора, 1 Босна и Херцеговина, 1 Бугарија. [1 x 5]<br><br>5.4. “Sovereignty under Threat? Responsibility to Protect and the Understanding of Sovereignty”; *Journal of Law and Politics vol.2, iss.1*, 2021, стр. 13-22;<br>Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 8 членови вкупно; 4 Северна Македонија, 2 Полска, 1 Словенија, 1 Србија. [1 x 5] | |
| 6. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД:**<br>6.1. “Stuck again? Does the ‘New Cold War’ Impact the Functioning of the UN Security Council?”, *The HESTIA Review*, vol.2, 2024, Јапонија [1 x 5] | 5 |
| 7. | **Автор на дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД:**<br><br>7.1. “Non-UN Sanctions and the ‘Responsibility to Protect’: Legality, Legitimacy and their Significance for R2P”, Глава 1 (стр.21-39), кај Vasilka Sancin, Maša Kovič Dine (eds).; “*The Limits of Responsibility to Protect”*,Универзитет Љубљана, 1st ed., 2023, Словенија [1 x 8] | 8 |
| 8. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание:**<br><br>8.1. “Critical Perspectives on Climate Action in the Republic of North Macedonia”; во *“The Sustainable Development Goals: How do We Use Innovation, Digitalization and Financing to Accelerate the SDGs in North Macedonia and Leave no one Behind*”, Публикација на Институт за човекови права & UNDP во Северна Македонија, февруари 2024, стр.125-133 (коавтор; со Јулија Брсакоска Базеркоска); [1 x 1,8]<br>8.2. „Приказ и коментар на пресудата Ел-Масри против Република Македонија” (“European Court of Human Rights’ Judgment: *El-Masri vs. Macedonia:* review and commentary”), онлајн публикација на Justice Observers. [1 x 2]<br>8.3. “What are the Benefits of Moot Court in Teaching?”, Поглавје 4 во „*Guidebook on Moot Courts*”, Modernizing European Legal Education (MELE), Erasmus+ проект и онлајн публикација на Centre for South East European Law School Network (SEELS). [1 x 2]<br>8.4. “Selection Process”; Поглавје 7 во *„Guidebook on Moot Courts”*, Modernizing European Legal Education (MELE), Erasmus+ проект и онлајн публикација на Centre for South East European Law School Network (SEELS). [1 x 2] | 7,8 |
| 9. | **Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција:**<br>9.1. „Global Strategy Conference 2023: Securitized World | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Order and New Security Spaces”, Меѓународна Конференција организирана од Istnye University Istanbul, Hungarian National University of Public Service & DIPAM (Centre for Diplomatic Affairs and Political Studies); Истанбул, Турција, Март 2023 година (апстракт: *“Collective Security, Selective Security, Concert or Something Else? What kind of Institution is the UN Security Council?”*); [1 x 1]<br>9.2. „Frontiers of Artificial Intelligence – Philosophical Explorations”, Меѓународна Конференција организирана од The Commission for the Philosophy of Science, Polish Academy of Arts and Sciences, Краков, Полска, Декември 2022 година (апстракт: “*AI Companionship: A Step Forward or Backwards in Addressing Loneliness?”*) [1 x 1]<br>9.3. “70 Years of the European Convention on Human Rights”, Меѓународна Конференција организирана од Правниот факултет „Јустинијан Први” Скопје, Ноември 2020 година (апстракт: *“Contesting the Liberal Human Rights Narrative through the Use of Artificial Intelligence*”) [1 x 1] | |
| 10. | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество:**<br><br>10.1.„16th EISA Pan-European Conference on International Relations”, Меѓународна Конференција организирана од European International Studies Association, Универзитет Потсдам, Германија, Септември 2023 година (презентација на трудот: *“Constructivist Aspects of the UN Security Council’s Permanent Members’ Conduct: The Case of the China”*); [1 x 2]<br><br>10.2. “6th Responsibility to Protect in Theory and Practice Conference”, Меѓународна конференција организирана од Правен факултет, Универзитет во Љубљана, Словенија, мај 2023 година (презентација на трудот: *“Non-UN Sanctions: and the ‘Responsibility to Protect’: Legality, Legitimacy and their Significance for R2P”)*; [1 x 2]<br><br>10.3. “Grave Breaches, War Crimes and Universal Jurisdiction”, Воведувачка презентација во рамки на Supplementary Human Dimension Meeting (SHDM) on the Topic of *Torture and Other Grave Breaches of International Humanitarian Law and Gross Violations of International Human Rights Law* при OSCE (Working session I: Grave Breaches of International Humanitarian Law and Related Obligations), ОБСЕ, Виена, Австрија, април 2023 година; [1 x 2]<br><br>10.4. „HESTIA 2023 Global Governance and Human Security Conference: Challenges to Authority, Liberty and Human Rights in the New Cold War”, Меѓународна конференција организирана од Thammasat University, Банког, Тајланд, март 2023 година (презентација на трудот: *“Stuck again? How much does the “New Cold War” (going to) Impact the Functioning of the UN Security Council?”)* [1 x 2] | 10 |

| | | |
|---|---|---|
| | 10.5. “5th Responsibility to Protect in Theory and Practice Conference: 20 Years: Idea, Inaction and Implementation”, Меѓународна конференција организирана од Edge Hill University и Правен факултет, Унверзитет во Љубљана, јуни 2021 година, Ливерпул, Велика Британија (презентација на трудот: *“Selectivity, Responsibility (to Protect) and the UN Security Council”*) [1 x 2] | |
| | **Вкупно** | **77,3** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија:**<br>1.1. Национален консултант за правна рамка за национална правда за животна средина: зголемување на влијанието на омбудсманот во правдата околу животната средина во Северна Македонија, UNDP Скопје, Северна Македонија, 2024 година; [1 x 1] | 1 |
| 2. | **Учество во промотивни активности на Факултетот:**<br>2.1. Учество на промотивни активности на Правниот факултет ,,Јустинијан Први” за упис на студенти во академската 2021/2022 година [1 x 0,5] | 0,5 |
| 3. | **Координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма:**<br>3.1. Елаборат за акредитација на студиската програма Меѓународно јавно право, право на Европската Унија и дипломатија (едногодишни студии на втор циклус на академски студии); 2023 година [1 x 1] | 1 |
| 4. | **Стручна редакција на трудови на странски/македонски јазик:**<br>4.1. Iustinianus Primus Law Review journal, рецезент на научен труд: „The Effect of Ukranian War on Eurointegration”, Мај 2024 година [1 x 0,25]<br>4.2. Iustinianus Primus Law Review journal, рецезент на научен труд: „COVID-19 and ECHR”, Мај 2021 година [1 x 0,25] | 0,5 |
| 5. | **Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри:**<br>5.1. “AI and Human Rights”, предавање во рамки на проектот „Образование за човекови права” (“Education for Human Rights”), организирано од граѓанското здружение “Ние сите” со поддршка на Владата на Австралија, на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, мај 2024 година; [1 x 0,5] | 0,5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир:** | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | 1.1. Член на програмски одбор на 4. Годишна меѓународна студентска конференција за меѓународни односи, Факултет за општествени науки, Универзитет во Љубљана, Словенија, мај 2024 година [1 x 1]<br>1.2. Член на програмски одбор на 3. Годишна меѓународна студентска конференција за меѓународни односи, Факултет за општествени науки, Универзитет во Љубљана, Словенија, мај 2023 година [1 x 1] | |
| 2. | **Студиски престој во странство повеќе од шест месеци:**<br><br>2.1. Научно и стручно усовршување на мастер студии по филозофија на Универзитетот KU Leuven, Белгија, за период 1.10.2021 – 30.6.2022 година [1 x 2] | 2 |
| 7. | Call: HORIZON-HLTH-2021-ENVHLTH-02 (Environment and health (2021)); Topic: HORIZON-HLTH-2021-ENVHLTH-02-03; Type of Action: HORIZON-RIA; Proposal number: 101057903; Proposal title: Research of the impact of climate change on the occurrence and spread of specific zoonotic infectious diseases and development of preventive models | 1 |
| 8. | Call: HORIZON-CL6-2022-FARM2FORK-01; Type of action: HORIZON-RIA; Proposal number: 101084358; Activity: HORIZON-CL6-2022-FARM2FORK-01-11; Proposal title: Safe, equal and transparent food system | 1 |
| **Член на факултетска комисија** | | |
| 9. | Комисија за јавна набавка на потрошни материјали и китови за Лабораторија за молекуларна микробиологија за Институтот за храна (Одлука на Деканатската управа бр. 0201-227/11-7 од 4.3.2021 година) | 0,5 |
| 10. | Комисија за јавна набавка на материјали за тестирање на ГМО – идентификација и квантификација (Одлука на Деканатската управа бр. 0201-227/11-6 од 4.3.2021 година) | 0,5 |
| 11. | Комисија за јавна набавка за сервис на апарат Rotor – Gene Q, QIAGEN или еквивалент (Одлука на Деканатската управа бр. 0201- 1654/8-8 од 26.11.2021 година) | 0,5 |
| 12. | Комисија за јавна набавка на реагенси и потрошни материјали за Лабораторија за молекуларна анализа на храна и ГМО (Одлука на Деканатската управа бр. 0201-730/7-6 од 29.11.2022 година) | 0,5 |
| 13. | Комисија за јавна набавка на референтни материјали (Одлука на Деканатската управа бр. 0201-425/3-2 од 5.4.2024 година) | 0,5 |
| 14. | Член на Комисија за промотивни активности на Факултетот (Одлука на Деканатската управа бр. 0201- 554/9-11 од 18.6.2022 година) | 0,5 |
| 15. | Член на работна група EAEBE за меѓународна акредитација на Факултетот (Одлука на Деканатската управа бр. 0201-358/5 од 28.3.2023 година) | 0,5 |
| 16. | Член на Етичката комисија за научни истражувања и експериментални животни (Одлука на Деканатската управа бр. 0202-616/6 од 4.6.2024 година) | 0,5 |
| **Член на комисија за избор во звање** | | |
| 17. | Член на Комисија за избор на наставник во сите научни звања во наставно-научната област (дисциплина) исхрана – диетика (Одлука на Деканатска управа бр. 0202-1263/3 од 30.9.2020 година) | 0,2 |
| 18. | Член на Комисија за избор на наставник во сите научни звања во наставно-научната област (дисциплина) исхрана – диетика (Одлука на Деканатска управа бр. 0202-1264/6 од 30.9.2020 година) | 0,2 |

| | | |
|---|---|---|
| **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | | |
| | Член во Комисијата за ГМО при Министерство за животна средина и просторно планирање | 1 |
| **Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)** | | |
| | Член во Работната група за Законот за изменување и дополнување на Законот за генетски модифицирани организми | 2 |
| | **Вкупно** | **16,9** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **0,7** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **130,17** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **16,9** |
| **Вкупно** | **147,77** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Радмила Марковиќ, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Белград, Србија, с.р.

2. Проф. д-р Драган Шефер, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Белград, Србија, с.р.

3. Д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „РАЗВОЈ НА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРЕОСТАНАТИОТ ЖИВОТЕН ВЕК НА ТРАНСФОРМАТОРИ ВО МАСЛЕНА ИЗВЕДБА“ ОД М-Р КЈАНИ ГУРИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на седницата одржана на 21.8.2024 година, со Одлука број 02-1265/7, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Кјани Гури со наслов:

,,Развој на методологија за определување на преостанатиот животен век на трансформатори во маслена изведба“,

во состав: проф. д-р Влатко Стоилков, претседател, проф. д-р Крсте Најденкоски, ментор, проф. д-р Михаил Дигаловски, член, проф. д-р Горан Рафајловски, член и проф. д-р Јордан Шикоски, член.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација, и на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје му го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

### 1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Докторската дисертација на кандидатот м-р Кјани Гури, со наслов: „Развој на методологија за определување на преостанатиот животен век на трансформатори во маслена изведба“, содржи 139 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со единечен проред и големина на букви 12, со 93 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, патенти и интернет-ресурси. Во докторатот има 58 слики и 32 табели.

Согласно со законската процедура, од страна на менторот, докторската дисертација е поставена на страницата plagijati.mon.gov.mk на 21.8.2024 година, за проверка на оригиналноста на трудот. Според генерираните резултати од проверката на 22.8.2024 година врз основа на добиениот извештај, а и врз основа на нашите сознанија, утврдено е дека докторската дисертација не претставува плагијат.

### 2. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Предмет на истражувањето во рамките на оваа дисертација е развој и тестирање на алгоритми за проценка на животниот век на трансформатори во маслена изведба.

Главните цели на истражувањето во оваа докторска дисертација се:

- Изработка на модифициран температурен модел (во однос на постојните модели од IEC и IEEE стандардите) со кој ќе може да се процени преостанатиот животен век на изолациониот систем, а со тоа и на трансформаторот. Овој пристап се базира на фактот дека определувањето на цврстината на изолацијата е главен индикатор за состојба на грешка и за крајот на животниот век на трансформаторот. Моделот вклучува и влијание на амбиенталните услови (температура, ветер и др.) врз животниот век на трансформаторот.

-Развој на метод за пресметка на животниот век на трансформатор врз основа на податоците добиени од испитувањето на трансформаторското масло (фуран, киселински број и содржина на влага) и врз основа на податоците за степенот на полимеризација. Оваа техника претставува мост кој ги поврзува степенот на полимеризација, од една страна, и податоците добиени од анализата на трансформаторското масло, од друга страна. Со овој модел се прави проценка на поминатиот и на преостанатиот животен век од технички аспект на постојниот трансформатор, со цел да се процени неговата состојба и да се определи најпогодното

време од економска гледна точка за негова замена, се разбира, пред да настане дефект на трансформаторот.

## 3. ПОДАТОЦИ ЗА СОСТОЈБАТА НА ПОДРАЧЈЕТО ВО КОЕ Е РАБОТЕНА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Енергетските трансформатори претставуваат значаен елемент од електроенергетскиот систем. Општо земено, енергетските трансформатори се одликуваат со доверливост при работата и имаат животен век што се проценува дека изнесува над 40 години. Искуствата од праксата покажуваат дека во некои случаи трансформаторите може да работат и подолго од 40 години, додека, пак, во други случаи нивниот животен век може да биде и пократок. Токму затоа, од голема важност е правилно да се предвиди и да се процени животниот век на трансформаторот.

Вообичаено се претпоставува дека животниот век на трансформаторот е еднаков со животниот век на изолацискиот систем, токму поради фактот дека дефект на изолациониот систем значи и дефектна состојба на трансформаторот. Изолациониот систем на трансформаторите е од суштинско значење за работата на енергетскиот трансформатор и на неговата состојба во голема мера влијаат: работните услови, оптоварувањата и преоптоварувањата на трансформаторите, работната температура, амбиенталната температура, состојбата на системот за ладење, кусите врски, атмосферските празнења, комутационите пренапони и др. При нормални услови на работа, изолациониот систем е изложен на разни електрични, термички и механички напрегања, кои доведуваат до деградација и стареење на изолацијата. Температурата, водата и кислородот се клучните фактори што предизвикуваат деградација на целулозата, како и оксидација на маслото. Како што е познато, стареењето претставува сложен процес што станува уште поизразен во присуство на кислород, топлина и влага.

Стареењето на изолацијата може да се дефинира како неповратно губење на електричните својства на изолацијата под дејство на еден или повеќе надворешни или внатрешни фактори. Покрај електричните својства, механичките својства на изолационата хартија, исто така, претставуваат многу важен параметар, од причина што тие мора да бидат во состојба да издржат електрични или механички напрегања (во случај на куси врски).

Во последните години, како еден од индикаторите за проценка на деградацијата на изолациската хартија вообичаено се употребува степенот на полимеризација (DP-Degree of Polymerisation). Според некои студии, вредноста на степенот на полимеразција (DP) за нова изолациона хартија се движи во граници од 1000 до 1200. Како што старее хартијата, така вредноста на DP се намалува, а хартијата добива темнокафеава боја и ја губи цврстината на истегнување. Кога степенот на полимеризација на изолационата хартија ќе достигне вредност од 200, може да се каже дека тоа го означува крајот на нејзиниот животен век. Меѓутоа, земањето примерок од изолациската хартија кога трансформаторот е вклучен во работа или, пак, не е во функција, претставува сложен, а понекогаш и невозможен процес (особено кај големите енергетски трансформатори). Во таа насока, развиени се алтернативни методи за индиректна проценка на состојбата, кои практично се базираат на анализата на нуспродуктите од распаѓањето на целулозата што се создаваат за време на термичките или електричните процеси. Концентрацијата и присуството на нуспродуктите што се добиваат од процесот на распаѓањето на изолационата хартија (фурани, гасови, киселини, вода, алкохоли), преставуваат добар индикатор како за проценка на состојбата на изолацијата, така и за проценка на состојбата на самиот трансформатор. Фураните се производ од процесот на распаѓањето на хартијата, и се формираат за време на процесот на пиролиза на температури повисоки од 130 °C. Се смета дека постои нераскинлива врска помеѓу степенот на полимеризација на хартијата и содржината на фурани во маслото. Исто така, анализите и истражувањата покажуваат дека неколку променливи параметри, како што се киселинскиот број на маслото, напонот на пробив, површинскиот напон на маслото, содржината на влага, бојата на маслото, диелектричните загуби и растворените гасови имаат добра поврзаност со сите фурани. Токму поради оваа

поврзаност, во случаи кога не е лесно да се измери степенот на полимеризација, неговата проценка може да биде извршена врз основа на податоците добиени од мерењата на секој од овие параметри.

## 4. КРАТОК ОПИС НА ПРИМЕНЕТИТЕ МЕТОДИ

Методологијата на истражувачката работа се состои од математичка анализа, поставување на хипотези, развивање на алгоритми и на компјутерски симулации за тестирање и проверка на хипотезите. Научните методи применети во истражувачката работа на оваа докторска дисертација се базираат на симулација, на оптимизација и на обработка на статистички податоци. Во научното истражување, користени се неколку методи, вклучувајќи математички апарат, статистичка анализа и софтвер за симулација.

Математичкиот модел е клучна алатка што ќе се применува во текот на научноистражувачката работа во оваа област. Со цел да се примени математичко моделирање во склоп на научното истражување, употребени се широк опсег на техники и методи на опишување, предвидување и разбирање на феномените што се јавуваат во рамките на полето на истражување. Презентацијата на проблемот, поставувањето на диференцијалните равенки, а потоа и нивното решавање со помош на математичкиот апарат, претставува единствен начин да се стигне до резултатите. Тоа е така, бидејќи процесите што се одвиваат во трансформаторите се динамични процеси, а нивното решавање бара примена на соодветен математички апарат.

Примената на статистички методи за проценка на доверливоста и на животниот век на трансформаторите се применува подолг временски период. Чекорите што се вклучени во статистичката анализа обично вклучуваат собирање податоци за животниот век на трансформаторите, избор на модел на дистрибуција, приспособување на податоците за животниот век на трансформаторите и на крајот, испитување на нивната адекватност со поклопување. Во ова истражување се користат статистички податоци за 50 трансформатори, кои содржат релевантни информации и кои се користени за пресметки. За анализа и за интерпретација на статистичките податоци собрани преку анализа или експерименти, користен е математичкиот модел. Ова е реализирано со идентификување на врски помеѓу променливите, како и со примена на различни модели за опишување на податоците.

Во ова научно истражување, со цел да се овозможи симулација на резултатите, нивна анализа и споредба, ќе бидат употребени: MATLAB/Simulink и други софтверски алатки, во зависност од природата на проблемите.

## 5. ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА

Трудот е структуриран во седум глави, заедно со воведот и заклучните согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

**Воведната прва глава** на дисертацијата го дефинира проблемот кој е предмет на обработка во докторската дисертација. Дефинирани се целите на истражувањето, а тоа е да се развие методологија за определување на преостанатиот животен век на енергетските трансформатори. Образложен е проблемот и мотивите за реализирање на ова истражување.

Во **втората глава** е дадено образложение за материјалите кои се користат за изработка на трансформаторите, како и појавите кои имаат влијание на животниот век. Детално е анализиран изолациониот систем на трансформаторот, бидејќи најголем дел од дефектите се токму поради оштетување на изолацијата и поради тоа најчесто животниот век на трансформаторите се поврзува со животниот век на изолациониот систем. Се анализираат и трите најзначајни механизми за стареење на изолациониот систем: хидролиза, оксидација и пролиза, како и нивното влијание врз функционирањето на трансформаторот.

**Третата глава** од докторската дисертација е посветена на температурни модели со кои се проучуваат процесите на загревање во трансформаторите. При изработка на моделите се користи термоелектричната аналогија која постои помеѓу топлинските и електричните параметри. Овие температутни модели се користат за определување на карактеристични температури, и тоа: температура на маслото во горниот слој и температура на најтоплата точка. Анализирани се термичките модели кои се користат во постојните стандарди, а направена и нивна споредба во однос на дефинираните вредности и коефициенти кои се користат при пресметувањето, како за стационарен така и за преоден режим на работа. Покрај моделите дефинирани во IEC и IEEE-стандардите, се обработуваат и моделот на Swift и моделот на Susa, кои се доста користени во литературата.

Во **четвртата глава** се дадени резултатите што се добиени со употреба на термичките модели. Анализирано е термичкото однесување на трансформатор со номинална моќност од 31,5 MVA. Извршена е споредба на пресметаните температури со измерените податоци, со цел да се потврди подобрениот модел, а во споредбената анализа се користат и моделите: Susa’s, Swift’s и IEC и IEEE-стандардите. Термичкото моделирање е извршено со анализа на ефектот што го има брзината на ветрот врз пресметката на температурата во најтоплата точка на трансформаторот. Главните параметри, како што се температурата на надворешната околина и условите на оптоварување, се одредени врз основа на техничките спецификации на трансформаторот. Пресметките се извршени со користење на апликацијата Matlab/Simulink.

Во **петтата глава** е обработен делот кој се однесува на процесите на стареење на трансформаторите, поаѓајќи од првите модели на Монтсингер, се анализираат неколку концепти за определување на животниот век. Животниот век на трансформаторот се смета времето изминато помеѓу почетната состојба при која изолацискиот систем се смета за нов и конечната состојба кога поради термичко стареење, диелектрично напрегање, напрегање поради куси врски, кои може да се појават при нормални услови на работа, резултира со висок ризик од појава на дефект. Искуствата добиени од работата на трансформаторите покажуваат дека повеќето дефекти се должат на стареењето на изолациските материјали во нив. Вообичаено, околу 85 % од енергетските трансформатори откажуваат како резултат на слабеење на цврстата изолација во нивните намотки. Според стандардите на IEEE, крајот на животот на трансформаторот се дефинира како точка кога се губи 75 % од еластичната цврстина на хартијата, што е еквивалентно на степен на полимеризација (DP) чија вредност изнесува DP=250. Во рамките на оваа глава детално е образложена врската која постои меѓу степенот на полимеризација и фураните, кои може да се определат во трансформаторското масло, а се резултат на распаѓањето на хартиената изолација. Врз основа на добиени резултати од испитувања на 50 трансформатори предложени се два модела за пресметка на животниот век на трансформаторите, како врска меѓу степенот на полимеризација и 2-фуралдехид (фуран). Едниот модел користи логаритамска, а другиот полиномна корелација. Пресметките со овие два модели се споредени со неколку модели кои се среќаваат во литературата, и тоа: Pablo, Chendong, Burton, Vaurxhex и Heisler.

Во **шестата глава** е дадено истражувањето за корелацијата на степенот на полимеризација со: влагата, киселинскиот број и фураните, користејќи ги добиените податоци од испитувањето на 50 трансформатори. Се покажува дека постои силна корелација помеѓу степенот на полимеризација и фураните ($R^2$<0,9), додека послаба со киселинскиот број и влагата во маслото. Со предложените изрази за корелација определен е степенот на полимеризација и направена е споредба со податоците добиени со мерењата. Преостанатиот животен век е пресметан со користење на McNutt-формулата која најчесто се користи во истражувањата, и направена е соодветна споредбена анализа. Во оваа глава е извршена и пресметка на животниот век на еден трансформатор за 24-часовно оптоварување и е дадена амбиентална температура со моделите од IEC и IEEE-стандардите, како и со модифицираниот температурниот модел во кој се зема предвид и влијанието на ветрот.

Во **седмата глава** се дадени заклучоците до кои е дојдено при истражувањата реализирани во рамките на докторската дисертација, како и насоките за идните истражувања.

## 6. КРАТОК ОПИС НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Дисертацијата ја следи основната хипотеза за истражувањето, а тоа е како параметрите од испитувањето на трансформаторското масло да се поврзат со определување на животниот век, и дефинирање на математички модел за пресметка на преостанатиот животен век на трансформаторите.

Изработен е модифициран температурен модел со користење на термоелектрична аналогијата на параметрите со кои се дефинираат топлинските процеси во трансформаторот. Моделите кои постојат во IEC и IEEE-стандардите вклучуваат само влијание на амбиенталната температура и оптоварувањето, додека пак во моделот кој е развиен во дисертацијата се вклучува и влијанието на ветрот како параметар кој влијае на загревањето на трансформаторот.

Методот за пресметка на животниот век на трансформатор врз основа на податоците добиени од испитувањето на трансформаторското масло (фуран, киселински број и содржина на влага) и врз основа на податоците за степенот на полимеризација е детално елабориран. Оваа техника претставува мост кој ги поврзува степенот на полимеризација, од една страна, и податоците добиени од анализата на трансформаторското масло, од друга страна. Со овој модел се прави проценка на поминатиот и на преостанатиот животен век од технички аспект на постојниот трансформатор, со цел да се процени неговата состојба и да се определи најпогодното време од економска гледна точка за негова замена, се разбира, пред тој да го надмине животниот век за кој е предвиден да работи.

Добиените резултати ги дефинираат и главните придонеси од докторската дисертација: придонес во подрачјето за пресметка на температурата на најтоплата точка како параметар кој го дефинира и животниот век на трансформаторот, како и развој на методологија за пресметка на преостанатиот животен век врз основа на соодветна корелација на добиени резултати од испитување на трансформаторското масло.

Можните понатамошни истражувања се:

- Развивање и усовршување на термички модели што вклучуваат поширок опсег на променливи на животната средина, како што се: влажност, надморска височина и сезонски варијации. Ова може да ја подобри точноста при пресметувањето на температурата на најтоплата точка.
- Имплементирање напредни системи за следење во реално време со користење на паметна технологија и техники за машинско учење за постојано следење на работните услови на трансформаторот. Овие системи можат да обезбедат рани предупредувања за потенцијални проблеми, овозможувајќи проактивно одржување и намалување на ризикот од дефекти.
- Истражување на употребата на алтернативни материјали за изолација со поголема термичка стабилност и подобрена отпорност на деградација.
- Развој на алгоритми за предвидливо одржување што користат податоци од термички модели и следење во реално време за да го предвидат преостанатиот корисен век на трансформаторите.
- Анализирање на можностите за интегрирање на температурата во најтоплата точки во системот за релејна заштита на трансформаторот за што порационално користење и оптимизирање на оптоварувањето на трансформаторот.

## 7. ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Кјани Гури, со наслов: „Развој на методологија за определување на преостанатиот животен век на трансформатори во маслена изведба“, претставува истражување кое треба да даде одговор за доверливоста

на енергетските трансформатори како значаен уред во рамките на електроенергетскиот систем, односно да даде одговор за преостанатиот животен век на трансформаторите.

Доверливоста на трансформаторите се проверува преку редовни превентивни испитувања, како и со помош на определени методи за анализа на податоци добиени од нивната оперативна состојба. Истражувањата во рамките на оваа дисертација дефинираат пристап за проценка на доверливоста и пресметка на животниот век на трансформаторот врз основа на податоци добиени од испитување на трансформаторското масло. Преку резултати од испитување на маслото, воспоставена е корелација со степенот на полимеризација, кој, пак, е мерка за состојбата на хартиената изолација, а со тоа и мерка за проценка на животниот век на трансформаторот.

Резултатите од истражувањето треба да бидат корисни за оние што се вклучени во енергетскиот сектор (проектанти, вработени во електроенергетските компании, како и производители на трансформатори) и, се разбира, за академската заедница. Уште повеќе, производителите на трансформаторите и вработените во електроенергетските компании ќе бидат во можност да ги проверат техничките перформанси на трансформаторите, како за време на производниот процес, така и за време на пуштањето во работа во фабриката.

Конечно, оваа докторска дисертација треба да биде од голема полза за академската заедница, за истражувачите од оваа област, но и за студентите, од причина што таа ќе обезбеди релевантни информации што ќе им помогнат на нив да ги прошират своите погледи на едно повисоко ниво, така што ќе ја потенцира важноста да разберат повеќе за проценката на преостанатиот и на изминатиот животен век на трансформаторите.

## 8. ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Во прилог се наведени трудовите кои кандидатот пред одбраната на докторскиот труд ги објавил во меѓународни научни списанија или меѓународни научни конференции.

Трудови објавени во списанија со меѓународен уредувачки одбор:

[1]. Kjani Guri, "Correlation between Degree of Polymerization and Data from Transformer Oil Analysis", Electrotechnica&Electronica (E+E), Vol.59(1), 2024, ISSN:0861-4717.

[2]. Kjani Guri, Krste Najdenkoski, "Transformer Remaining Life Calculation Based on Degree of Polymerization (DP)", Journal of Multidisciplinary Engineering Science and Technology (JMEST), ISSN: 2458-9403, Vol. 11 Issue 4, 2024.

[3]. Kjani Guri, Krste Najdenkoski, "Different Thermal Models for Calculating Transformer Hot-Spot Temperature and Comparing with Measurement Data", International Review of Electrical Engineering (I.R.E.E.), ISSN: 1827-6660, Vol.19, No 3, 2024.

Трудови презентирани на домашни научни конференции кои, исто така, се објавени во нивните зборници:

[4]. Kjani Guri, Besim Gërxhaliu, Arben Fejzullahu. “Testing and Diagnostics of TR4 63 MVA in SS Trepça – After Failure“, Proceedings of 1sh Conference of National Committee CIGRE Kosovo, 2019.

[5]. Kjani Guri, Arben Fejzullahu, “System insulation assesment in the power transformer and the factors affecting the aging process”. Proceedings of Second Conference of National Committee CIGRE Kosovo (A2-05), 2023.

**ЗАКЛУЧОК СО ПРЕДЛОГ**

Кандидатот м-р Кјани Гури со изработката на докторската дисертација покажал сеопфатно познавање на проблематиката што е предмет на истражување во дисертацијата.

Развиените модели за пресметка на температурата на најтоплата точка, кои како основа се користат и за пресметка на животниот век на изолациониот систем, а со тоа и животниот век на трансформаторот, можат да се употребуваат како алатка во процесот на анализа на доверливоста на трансформаторите.

Методот за пресметка на преостанатиот животен век на трансформатор, врз основа на податоците од анализата на маслото, покажува соодветна корелација со други методи кои се користат при истражувањата во оваа област. Предложениот метод овозможува на едноставен начин да се изврши пресметка на животниот век на трансформаторот.

Според реализираните истражувања и публикуваните резулати може да се заклучи дека м-р Кјани Гури како истражувач е способен да решава сложени проблеми од областа на енергетските трансформатори, проблеми поврзани како со процесите за нивно проектирање, така и при користењето на трансформаторите во периодот на нивна експлоатација.

Со оглед на наведеното, Комисијата заклучува дека докторската дисертација претставува успешен, оригинален научен труд и му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже јавна усна одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Кјани Гури со наслов: „Развој на методологија за определување на преостанатиот животен век на трансформатори во маслена изведба“.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Влатко Стоилков, претседател, ФЕИТ – УКИМ, с.р.**

**Проф. д-р Крсте Најденкоски, ментор, ФЕИТ – УКИМ, с.р.**

**Проф. д-р Михаил Дигаловски, член, ФЕИТ – УКИМ, с.р.**

**Проф. д-р Горан Рафајловски, член, ФЕИТ – УКИМ, с.р.**

**Проф. д-р Јордан Шикоски, надворешен член од Државниот универзитет во Тетово, с.р.**

***Прилоī бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ПРИМЕНЕТА КИНЕЗИОЛОГИЈА (50401) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ на 29.6.2024 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област применета кинезиологија, на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – 1 (еден) извршител, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 0201-1087/2, донесена на 15.7.2024, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Јошко Миленкоски, редовен професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, претседател, проф. д-р Гино Стрезовски , редовен професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, член и проф. д-р Ленче Алексовска Величковска, редовен професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област применета кинезиологија (50401), во предвидениот рок се пријави вонр. проф. д-р Андријана Раде Мисовски.

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката вонр. проф. д-р Андријана Мисовски е родена на 6.1.1981, во Скопје. Средно образование завршила во Средното државно училиште „Методи Митевски-Брицо“ во Скопје, во 1999 година. Со високо образование се стекнала на Факултетот за физичка култура во Скопје, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на 21.5.2004 година. Дипломирала во 2004 година, со просечен успех 8,72.

Кандидатката активно се служи со англиски јазик.

Во учебната 2006/2007 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Кинезиологија. Студиите ги завршила во 2010 година, со просечен успех 10,00. На 29.1.2010 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Структура на антропометриските карактеристики во зависност од ситуационо-моторното знаење кај одбојкарките од 14 до 18-годишна возраст во Р Македонија”.

Докторска дисертација пријавила на 14.12.2011 година на Факултетот за физичка култура, Универзитет „Св Кирил и Методиј“ во Скопје. Дисертацијата на тема: „Релации и разлики меѓу некои моторички способности, ситуационо-моторичкото знаење и психолошките особини на личноста кај одбојкарките од Првата лига во Република Македонија“ ја одбранила на 25.11.2014 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Јошко Миленкоски, проф. д-р Ленче А. Величковска, проф. д-р Милан Наумовски, проф. д-р Јован Јовановски и проф. д-р Вујица Живковиќ. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област кинезиологија.

На 9.7.2014 година (Билтен бр. 1079) е избрана во звањето насловен доцент на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, во областа применета кинезиологија.

На 10.9.2018 година (Билтен бр. 1174) е избрана во звањето доцент на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, во областа применета кинезиологија.

Во моментот е вонреден професор во областа на фундаменталната кинезиологија. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1187 од 1.3.2019 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1079, Билтен бр. 1174 и Билтен бр. 1187, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на

кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

На 9.7.2014 година (Билтен бр. 1079) е избрана во звањето насловен доцент на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, во областа применета кинезиологија.

На 10.9.2018 година (Билтен бр. 1174) е избрана во звањето доцент на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, во областа применета кинезиологија.

Во моментот е вонреден професор во областа на фундаменталната кинезиологија. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1187 од 1.3.2019 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1079, Билтен бр. 1174 и Билтен бр. 1187, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

На 24.4.2015 година (Билтен бр. 1096) е избрана во звањето насловен доцент на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, во областа применета кинезиологија.

На 10.9.2018 година (Билтен бр. 1174) е избрана во звањето доцент на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, во областа применета кинезиологија.

Во моментот е вонреден професор во областа на фундаменталната кинезиологија. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1203 од 15.11.2019 и Билтен бр. 1205 од 15.12.2019 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1096, Билтен бр. 1174, Билтен бр. 1203 и Билтен бр. 1205, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата.

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатката вонр. проф. д-р Андријана Мисовски изведува теоретска настава и вежби на прв циклус на 4-годишната студиска програма за професор по физичко образование, по предметите: Одбојка и Одбојка на песок; на тригодишната програма за спортски тренери: Теорија и методика на одбојката, Техника и тактика на одбојката, Физичка подготовка во одбојката, Педагошка пракса со изработка на дипломска работа, Одбојка на песок; на втор циклус студии на студиската програма Кинезиологија: Основи на истражувањата во применета кинезиологија и Мерење и тестирање во одбојката. Во периодот од 2020 до 2023 година, кандидатката е избрана за продекан за наука и меѓународна соработка на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје; во моментот ја извршува функцијата продекан за настава од 2023.

Кандидатката била ментор на 9 дипломски, учествувала како член во Комисија за одбрана на 30 дипломски, а учествувала и како член на одбрана на 5 магистерски труда.

**Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот.**

**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Кандидатката вонр. проф. д-р Андријана Мисовски, во периодот од 2019 година, има објавено 10 труда (како автор и коавтор) во референтни научни и стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор, научни публикации и зборници од научни собири.

Вонр. проф. д-р Андријана Мисовски е учесник во меѓународни научни проекти:

≠ Erasmus project: (2017-1-MK01-KA201-035380, "Improving the quality of physical education at primary education level and presenting its relevance and importance for the health and good of coming generations”

- Erasmus project: FOR PERFECT PE TEACHERS,

и како соработник на повеќе национални проекти, што ги организираат Владата на Република Македонија, Агенцијата за млади и спорт, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје.

Во текот на изборниот период, вонр. проф. д-р Андријана Мисовски е коавтор на една рецензирана книга: „Ефекти од иновативните тандем часови по физичко образование (одделенски наставник и наставник по физичко образование) кај децата од одделенска настава Erasmus+, ka2 2017-1-mk01-ka201-035380”.

Член е на уредувачкиот одбор на меѓународното научно списание *Research in physical education, sport and health – PESH (Истражувања во физичко образование, спорт и здравје)* и списанието *Кондиција*. Партиципира и во организација и промоција на Отворени денови на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје.

Кандидатката редовно учествува како предавач на семинари за потребите на спортските здруженија и федерации.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Особена активност кандидатката покажува во стручно-апликативната дејност на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје како тренер на женската и машката одбојкарска екипа на Факултетот, како и тренер на женската и машката екипа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Кандидатката е дел кошаркарските клубови и Кошаркарската федерација на С. Македонија.

Потврда за тоа се многубројните активности надвор од Факултетот, а како позначајни ги издвојуваме: координатор на средноучилишната лига на Град Скопје; делегат на градски и државни натпревари по одбојка организитани од Федерацијата за училишен спорт на РМ; Тренер и спортски директор на ОК Работнички – Скопје со кој има освоено: Куп на ОФМ на РМ 2021/2022, Шампионска титула 2021/2022, Куп на ОФМ на РМ 2022/2023, Шампионска титула 2022/2023, Шампионска титула 2023/2024; претседател на Комисија за избор на најдобри спортисти на Град Скопје, 13 Ноември.

Вонр. проф. д-р Андријана Мисовски била член во повеќе факултетски комисии, односно била член во Комисија за обработка на податоци на пријавени кандидати во врска со реализација на Конкурс за запишување на студенти; претседател во Изборна комисија за спроведување на изборите за членови на Факултетското студентско собрание и избор на претседател; Комисија за утврдување на исполнетост на условите за прием на студиски програми; член на Комисија за самоевалуација на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје.

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Андријана Раде Мисовски**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** ***Факултет за физичко образование, спорт и здравје – Скопје***
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** ***ПРИМЕНЕТА КИНЕЗИОЛОГИЈА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: *8,72*<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: *10,00*<br>Просечниот успех изнесува *9,36* за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: применета кинезиологија; поле: кинезиологија; подрачје: општествени науки. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: **Research in physical education, sport and health**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **EBSCO**<br>5. Наслов на трудот: **EXAMINATION OF ELITE VOLLEYBALL PLAYERS' DOPING KNOWLEDGE LEVELS AND THEIR OPINIONS ON DOPING**, Година на објава: **2020 (*Vol. 9, No. 1, pp.19-28)***<br><br>1. Назив на научното списание: **Research in physical education, sport and health**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **EBSCO**<br>3. Наслов на трудот: **THE EFFECT OF UNCONTROLLED DATAS AND TECHNICAL VARIABLES IN THE LEAGUE MATCHES TO SUCCESS IN ELIT VOLLEYBALL PLAYERS**<br>4. Година на објава: **2020 (*Vol. 9, No. 1, pp.61-72)***<br><br>1. Назив на научното списание: **Research in physical education, sport and health** | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Назив на електронската база на списанија: **EBSCO**<br>3. Наслов на трудот: **MOTOR SKILLS IN FEMALE JUNIOR VOLLEYBALL PLAYERS FROM MACEDONIA AND PLAYERS FROM OTHER COUNTRIES: A COMPARATIVE STUDY.**<br>4. Година на објава: **2021 (*Vol. 10, No. 2, pp.17-22)***<br><br>1. Назив на научното списание: **Research in physical education, sport and health**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **EBSCO**<br>3. Наслов на трудот: **EXPLOSIVE STRENGTH, ARM SWING JUMP CONTRIBUTION AND ECCENTRIC UTILIZATION RATIO IN YOUTH AND JUNIOR FEMALE VOLLEYBALL PLAYERS**<br>4. Година на објава: **2022 (*Vol. 11, No. 1, pp.139-145)***<br><br>1. Назив на научното списание: **Research in physical education, sport and health**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **EBSCO**<br>3. Наслов на трудот: **DIFFERENCES IN THE LEVEL OF KNOWLEDGE OF GROSS MOTOR SKILLS IN CHILDREN OVER 8 YEARS OLD DEPENDING ON ETHNICITY**<br>4. Година на објава: **2022 (*Vol.11, No.1, pp.259-266)***<br><br>1. Назив на научното списание: **Research in physical education, sport and health**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **EBSCO**<br>3. Наслов на трудот: **DIFFERENCES IN THE PRECISION OF PERFORMANCE OF THE TECHNICAL ELEMENT SERVE IN VOLLEYBALL PLAYERS OF DIFFERENT AGES**<br>4. Година на објава: **2024 (*Vol.13, No.1, pp.-)***<br><br>1. Назив на научното списание: **Research in physical education, sport and health**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **EBSCO**<br>3. Наслов на трудот: **Using fitness, spa and wellness services for better customer health! The intersection between health and profit**<br>4. Година на објава: **2024 (*Vol.13, No.1, pp.-)***<br><br>1. Назив на научното списание: **Research in physical education, sport and health**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **EBSCO**<br>3. Наслов на трудот: **Creating an Educational Package for Physical Education Teachers Through International Collaborative Approach: P.E.rfect project**<br>4. Година на објава: **2024 (*Vol.13, No.1, pp.33-36)*** | |
| | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: **Annual of national sports academy “VASSIL LEVSKI”** | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. миња на земјите: Бугарија, Србија, Словенија, Полска.<br>3. Наслов на трудот: DIFFERENCE IN THE OFFENSIVE ATTACK INDICATORS AMONG THE ABA LEAGUE TEAMS<br>4. Година на објава: **2021**<br><br>1. Назив на зборникот: **PHEDSS, Journal for history/philosophy/theory and methodology in PHYSICAL EDUCATION AND SPORT THROUGH THE CENTURIES**<br>2. Имиња на земјите: Србија, Русија, Словачка, Бугарија, Романија, Шпанија.<br>3. Наслов на трудот: THIRD LEVEL BASIC RUNNING TRAINING TOOLS FOR CLASSIC MOUNTAIN RUNNING IN A MODEL OF PREPARATION FOR “UP AND DOWNHILL” VARIANT - MACROSTRUCTURAL DISTRIBUTION<br>4. Година на објава: **2024** | |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира<br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: Ефекти од иновативните тандем часови по физичко образование (одделенски наставник и наставник по физичко образование) кај децата од одделенска настава Erasmus+, ka2 2017-1-mk01-ka201-035380.<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2020 | ДА |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: **Билтен бр. 1203 од 15.11.2019 и Билтен бр. 1205 од 15.12.2019** | ДА |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

## РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Проф. д-р Јошко Миленкоски, с.р.**
**Проф. д-р Гино Стрезовски, с.р.**
**Проф. д-р Ленче Алексовска Величковска, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Андријана Раде Мисовски**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Факултет за физичко образование, спорт и здравје – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **применета кинезиологија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од прв и втор циклус студии** | |
| | *-Одбојка (VIII семестар 2019/20), бр. часови 4 (х 2 групи) / 4 часа седмично (2 групи х 4 часа практично) х 15 седмици х 0.04*<br>*-Одбојка (VIII семестар 2020/21), бр. часови 4 (х 2 групи) / 4 часа седмично (2 групи х 4 часа практично) х 15 седмици х 0.04*<br>*-Одбојка (VIII семестар 2021/22), бр. часови 4 (х 2 групи) / 4 часа седмично (2 групи х 4 часа практично) х 15 седмици х 0.04*<br>*-Одбојка (VIII семестар 2022/23), бр. часови 4 (х 2 групи) / 4 часа седмично (2 групи х 4 часа практично) х 15 седмици х 0.04*<br>*-Одбојка (VIII семестар 2023/2), бр. часови 4 (х 2 групи) / 4 часа седмично (2 групи х 4 часа практично) х 15 седмици х 0.04*<br>*-Теорија и методика на одбојка (I семестар, 2019/20), бр. часови 2 (х1 група) / 2 часа седмично (1 група х 2 часа практично) х 15 седмици х 0.04 поени*<br>*-Теорија и методика на одбојка (I семестар, 2020/21), бр. часови 2 (х1 група) / 2 часа седмично (1 група х 2 часа практично) х 15 седмици х 0.04 поени*<br>*-Теорија и методика на одбојка (I семестар, 2021/22), бр. часови 2 (х1 група) / 2 часа седмично (1 група х 2 часа практично) х 15 седмици х 0.04 поени*<br>*-Теорија и методика на одбојка (I семестар, 2022/23), бр. часови 2 (х1 група) / 2 часа седмично (1 група х 2 часа практично) х 15 седмици х 0.04 поени*<br>*-Теорија и методика на одбојка (I семестар, 2023/24), бр. часови 2 (х1 група) / 2 часа седмично (1 група х 2 часа практично) х 15 седмици х 0.04 поени*<br>*- Техника и тактика на одбојка (II семестар, 2019/20), бр. часови 4 (х1 група) / 4 часа седмично (1 група х 4 часа практично) х 15 седмици х 0.04 поени*<br>*- Техника и тактика на одбојка (II семестар, 2020/21), бр. часови 4 (х1 група) / 4 часа седмично (1 група х 4 часа практично) х 15 седмици х 0.04 поени*<br>*- Техника и тактика на одбојка (II семестар, 2021/22), бр. часови 4 (х1 група) / 4 часа седмично (1 група х 4 часа практично) х 15 седмици х 0.04 поени*<br>*- Техника и тактика на одбојка (II семестар, 2022/23), бр. часови 4 (х1 група) / 4 часа седмично (1 група х 4 часа практично) х 15 седмици х 0.04 поени*<br>*- Техника и тактика на одбојка (II семестар, 2023/24), бр. часови 4 (х1 група) / 4 часа седмично (1 група х 4 часа практично) х 15 седмици х 0.04 поени* | 4.8+4.8+4.8+4.8+4.8+1.2+1.2+1.2+1.2+1.2+2.4+2.4+2.4+2.4+2.4+0.6+0.6+0.6+0.6+0.6+1.2+1.2+1.2+1.2+1.2+0.6+0.6+0.6+0.6+0.6+0.6+0.6+0.6+0.6+0.6+3+3+3+3+3+0.75+0.75+0.75+0.75+0.75=**75,75** |

| | | |
|---|---|---|
На објавениот конкурс за избор на наставници во сите наставно-научни звања во научната област (51127) социологија на спортот, на предметите Спорт и здравје и Организација и рекреација на нематични факултети во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предвидениот рок се пријавија доц. д-р Ристо Стаменов.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот доц. д-р Ристо Ване Стаменов е роден на 5.10.1963 година во Скопје. Со средното образование се стекнал во Училиштето за физичка култура „Методи Митевски Брицо“ во Скопје (дел. бр. 08-243) од 18.6.1982 година. Со високо образование се стекнал на Факултетот за физичка култура во Скопје (6.6.1988 година), каде што и дипломирал на 24.5.1989 година (дел. бр. 318). Кандидатот активно се служи со англискиот јазик. На 12.9.1991 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Универзитетот Индијана Блумингтон – Индијана, САД. Студиите ги завршил во 1993 година, а дипломата е нострифицирана на Факултетот за физичка култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (бр. 0301-328) од 16.9.1994 година. Докторирал на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (4.4.2014 година), со дисертацијата на тема: „Влијанието на физичката и спортската активност и некои социо-демографски фактори врз поведението на децата од 11 до 15-годишна возраст“ пред Комисија во состав: проф. д-р Виолета Чачева, проф. д-р Ружица Цацановска, проф. д-р Славејко Сасајковски, проф. д-р Мирјана Сланинка-Динева и проф. д-р Серјожа Гонтарев. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на социолошки науки; со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област социологија. На 1.9.1997 е избран во звањето предавач на предметот Физичко образование на нематични факултети. Подоцна е избран во звањето виш предавач (реферат за избор е објавен во Билтен бр.1126 од 2016 година). На 12.3.2020 година е избран во звањето доцент (рефератот за избор е објавен во Билтен бр. 1209 од 15.2.2020 година). Во моментот, кандидатот е во звањето доцент.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1126 од 2016 и Билтенот бр. 1209 од 2020 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, кандидатот доц. д-р Ристо Стаменов изведува настава, на прв циклус студии на студиската програма Нематични факултети на УКИМ.

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатот доц. д-р Ристо Стаменов, во периодот од 2020 година, има објавено 22 труда (како автор и коавтор) во референтни научни и стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор, научни публикации и зборници од научни собири. Во изминатиот период е учесник како соработник на неколку проекти, што ги организираат Агенцијата за млади и спорт, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје.

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ***Ристо Ване Стаменов***
*(име, татково име и презиме)*
**Институција:** ***Факултет за физичко образование, спорт и здравје – Скопје***
*(назив на факултетот/институтот)*
**Научна област:** ***социологија на спортот (51127)***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * | * На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: **социологија на спортот;** поле: **кинезиологија;** подрачје: **општествени науки**. | **ДА** |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | **ДА** |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: **Research in physical education, sport and health**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **Ebsco**<br>8. Наслов на трудот: Significance of the differences and the developing trend of the growth of the body at boys age 6-14.<br>9. Година на објава: 2020 | **ДА** |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, | **ДА** |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>2. Назив на научното списание: **Research in physical education, sport and health**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **Ebsco**<br>3. Наслов на трудот: The developing trend of body growth in girls from 6-14 years old.<br>4. Година на објава: 2020 | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>2. Назив на научното списание: **Research in physical education, sport and health**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **Ebsco**<br>3. Наслов на трудот: The impact of demographic factors upon the level of physical activity in female students.<br>4. Година на објава: 2020 | **ДА** |
| 3.4 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: **Research in physical education, sport and health**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **Ebsco**<br>3. Наслов на трудот: The preference of physical and sports activities in students with and without deviant behavior between the age 11 to 15<br>4. Година на објава: 2020 | **ДА** |
| 3.5 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: **Research in physical education, sport and health**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **Ebsco**<br>3. Наслов на трудот: The influence of some anthropometric variables on certain motor variables that define the explosive force of the lower limbs in basketball players aged 14 | **ДА** |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 4. Година на објава: 2020 | |
| 3.6 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>5. Назив на научното списание: **Research in physical education, sport and health**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **Ebsco**<br>3. Наслов на трудот: Discriminatory analysis between male and female in motor tests in students from 11 years of age<br>4. Година на објава: 2022 | ДА |
| 3.7 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: **Research in physical education, sport and health**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **Ebsco**<br>3. Наслов на трудот: Defining and comparing the anthropometric structure whith male and female students at the age of 11 years with different methodological and statistic approaches<br>4. Година на објава: 2021 | ДА |
| 3.8 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: **Research in physical education, sport and health**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **Ebsco**<br>3. Наслов на трудот: Effects of online teaching sport and healt in students from UKIM Univecity during the pandemic 19,covid<br>4. Година на објава: 2022 | ДА |
| 3.9 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: **Research in physical education,** | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | **sport and health**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **Ebsco**<br>3. Наслов на трудот: Differences between students that showed and did not show deviation in behaviour and sport activities and several psychosocial factors<br>4. Година на објава: 2022 | |
| 3.10 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: **Research in physical education, sport and health**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **Ebsco**<br>3. Наслов на трудот: Impact of some anthropometric variables on the specific basketball movements in 14 years old basketball players<br>4. Година на објава: 2022 | **ДА** |
| 3.11 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1.Назив на зборникот: „FIS COMMUNICATIONS 2021" in physical education, sport and recreation, Nis, Serbia<br>2.Назив на меѓународниот собир: XXIII International Scientific Conference "FIS Communications 2021” in physical education, sport and recreation, Nis, Serbia<br>3.Имиња на земјите: Serbia<br>4.Наслов на трудот: The influence of some psychosocial factors on physical and sport activities in students 11 to 15 years of age who showed deviation in behavior.<br>5. Година на објава:2021 | **ДА** |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент,<br>датум и број на Билтен: 15.2.2020 година, бр. 1209 | **ДА** |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | **ДА** |

* На лицата кои имаат засnован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ***Ристо Ване Стаменов***
(име, татково име и презиме)
**Институција:** ***Факултет за физичко образование, спорт и здравје – Скопје***
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** ***социологија на спортот (51127)***

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за физичко образование, спорт и здравје – Скопје<br>Катедра за физичко образование, спорт и спортски менаџмент<br>**Доц. д-р по предметот Спорт и здравје (2020-2024 год.)**<br>***(Одржување на настава од прв циклус студии) (поени од 0,04)***<br>*2023/2024, II семестар (10 x 15 x 0,04)=6*<br>*2023/2024, I семестар (10 x15 x 0,04)=6*<br>*2022/2023, II семестар (10 x 15 x 0,04)=6*<br>*2022/2023, I семестар (10 x 15 x 0,04)=6*<br>*2021/2022, II семестар (10 x 15 x 0,04)=6*<br>*2021/2022, I семестар (10 x 15 x 0,04)=6*<br>*2020/2021, II семестар (10 x 15 x 0,04)=6*<br>*2020/2021, I семестар (10 x 15 x 0,04)=6*<br>*2019/2020, II семестар (10 x 15 x 0,04)=6* | 54 |
| 2. | ***Одржување на теренска настава***<br>*(Одржување на теренска настава) (Поени од 0,04)* | |
| | *Планинарски излети, 2023/2024, II сем. (5 x 2 x 0,04)=0,4*<br>*Планинарски излети, 2023/2024, I сем. (5 x 2 x 0,04)=0,4*<br>*Планинарски излети, 2022/2023, II сем.(5 x 2 x 0,04)=0,4*<br>*Планинарски излети, 2022/2023, I сем. (5 x 2 x 0,04)=0,4*<br>*Стрелање 2023/2024, II семестар (5 x 1 x 0,04)=0,2*<br>*Стрелање 2022/2023, II семестар (5 x 1 x 0,04)=0,2*<br>*Куглање 2023/2024, II семестар (5 x 1 x 0,04)=0,2*<br>*Куглање 2022/2023, II семестар (5 x 1 x 0,04)=0,2* | 2,4 |
| 3. | ***Консултација со студенти (0.002)*** | |
| | *Во просек 250 студенти по семестар (250*0.002=0.50)*<br>*9 семестри (9*0.50=4,50)* | 4,5 |
| 4. | *Пакет материјали за одреден предмет* | |
| | Во периодот на пандемијата со COVID-19, снимени предавања по предметот: Спорт и здравје (2019/2020 и 2020/2021) година | 2 |
| | **Вкупно** | 62,9 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | *(Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно-популарно списание со меѓународен уредувачки одбор 5 поени број на автори=поени: 2=90%, 3=80%, 4+* | |
| 1. | Novačevska, S., Dimitrioska, K.J., & **Stamenov, R.,** (2020). Significance of the differences and the developing trend of the growth of the body at boys age 6-14, Research in Physical Education, Sport and Health, Vol. 9, No. 1, pp.217-224/2020. | 4 |
| 2. | Novačevska, S., **Stamenov, R.**, Dimitrioska, K.J., Krstevski, B., & Todorovski, S. (2020). The developing trend of body growth in girls from 6-14 years old, Research in Physical Education, Sport and Health, Vol. 9, No. 2, pp.135-142. | 3 |
| 3. | Dimitrioska, K.J., Novačevska, S., **Stamenov, R.**, & Todorovski, S. (2020). The impact of demographic factors upon the level of physical activity in female students, Research in Physical Education, Sport and Health, Vol. 9, No. 1, pp.91-96. | 3 |
| 4. | **Stamenov, R.**, Krstevski, B., Novačevska, S., Dimitrioska K.,J., & Todorovski, S. (2020). The preference of physical and sports activities in students with and without deviant behavior between the age 11 to 15, Research in Physical Education, Sport and Health, Vol. 9, No. 2, pp.129-134. | 3 |
| 5. | Krstevski, B., **Stamenov, R.**, Krstevska, M., Krstevska,E., Novačevska, S., Dimitrioska, K.J., & Todorovski, S. (2020). The influence of some anthropometric variables on certain motor variables that define the explosive force of the lower limbs in basketball players aged 14, Research in Physical Education, Sport and Health, Vol. 9, No. 2, pp.125-128. | 3 |
| 6. | Dimitrioska, K.J., Novačevska, S., **Stamenov, R.**, & Todorovski, S. (2021). Defining and comparing the anthropometric structure whit male and female students at the age of 11 years with different methodological and statistic approaches Research in Physical Education, Sport and Health, Vol. 10, No. 2, pp.37-41. | 3 |
| 7. | Novačevska, S., Dimitrioska, K.J., **Stamenov, R.**, Todorovski, S., & Krstevski, B., (2022). Effects of online teaching sport and healt in students from UKIM Univecity during the pandemic 19, covid Research in Physical Education, Sport and Health, Vol. 11, No. 1, pp.219-229. | 3 |
| 8. | Krstevski, B., **Stamenov, R.**, Novačevska, S., Dimitrioska, K.J., Todorovski, S., Krstevska, M., & Krstevska, E. (2022). Impact of some anthropometric variables on the specific basketball movements in 14 years old basketball players Research in Physical Education, Sport and Health, Vol.11, No. 1, pp.121-124. | 3 |
| 9. | **Stamenov, R.**, Krstevski,B., Novačevska, S., Dimitrioska, K.J., & Todorovski, S. (2022). Differences between students that showed and did not show deviation in behavior and sport activities and several psychosocial factors Research in Physical Education, Sport and Health, Vol. 11, No. 1, pp.111-115. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 10 | Dimitrioska, K.J., Novačevska, S., Todorovski, S., **Stamenov, R.**, & Krstevski, B. (2022). Discriminatory analysis between male and female in motor tests in students from 11 years of age, Research in Physical Education, Sport and Health, Vol.11, No. 1, pp.289-292. | 3 |
| | *(Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји) 3 поени* | |
| 11. | **Stamenov, R.**, Krstevski,B., Novačevska, S., Dimitrioska, K.J., & Todorovski, S. (2021).The influence of some psychosocial factors on physical and sport activities in students 11 to 15 years of age who showed deviation in behavior, XXIII International Scientific Conference "FIS Communications 2021" in physical education, sport and recreation, Nis, Serbia 21-23.10.2021 pp.237-241. | 3 |
| | *Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. установа поени 2 број на автори=поени: 2=90%,3=80%, 4+ повеќе=60%)* | |
| 12. | Новачевска, С., Димитриоска, К.Ј., **Стаменов, Р.**, Крстевски,Б., Тодоровски, С., (2020). Аеробик-почетоци, развој и трендови, **Стручно списание за физичко образование, спорт и здравје „Кондиција“, година 7, бр. 13. ISSN: 1857-9620**; стр.53-58. | 1,2 |
| 13. | Крстевски, Б., **Стаменов, Р.**, Новачевска, С., Димитриоска, К.Ј., Тодоровски, С., (2020). Тренерот како генератор за постигнување на високи спортски резултати и систем за спроведување на тренажниот процес и контрола на натпреварувањето, **Стручно списание за физичко образование, спорт и здравје „Кондиција“, година 7, 2020, бр. 13. ISSN: 1857-9620**; **стр**.40-44. | 1,2 |
| 14. | **Стаменов, Р.**, Крстевски, Б., Новачевска, С., Димитриоска, К.Ј., Тодоровски, С., (2020) Голф-историски осврт, **Стручно списание за физичко образование, спорт и здравје „Кондиција“ ; година 7, бр. 13. ISSN: 1857-9620,** стр.76-82. | 1,2 |
| 15. | Димитриоска,К.Ј., Новачевска, С., Тодоровски,С., **Стаменов, Р.**, Крстевски, Б., (2020). Физичката култура низ историјата, **Стручно списание за физичко образование, спорт и здравје „Кондиција“, година 7, бр. 13. ISSN: 1857-9620,** стр. 59-63. | 1,2 |
| 16. | **Стаменов,Р.**, Крстевски, Б., (2020). Динамичко загревање во голф, **Стручно списание за физичко образование, спорт издравје „Кондиција“, година 7, бр. 12. ISSN: 1857-9620,** стр. 76-80. | 1,8 |
| 17. | Новачевска, С., **Стаменов, Р.**, Крстевски, Б., Димитриоска,К.Ј., Тодоровски, С., (2021). Значењето на физичките вежби за правилен психофизички развој на децата во претшколска возраст, **Стручно списание за физичко образование, спорт и здравје** | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | **„Кондиција“**; година 8, бр.14, **ISSN: 1857-9620** стр.57-62 . | |
| 18. | **Стаменов, Р.**, Новачевска, С., Крстевски, Б., Тодоровски, С., Димитриоска, К.Ј., (2021). Основи на голфот, **Стручно списание за физичко образование, спорт и здравје „Кондиција“,** година 8, бр.14, **ISSN: 1857-9620,** стр.5-11. | 1,2 |
| 19. | **Стаменов, Р.,** Новачевска, С., Крстевски, Б., Тодоровски, С., Димитриоска, К.Ј., (2021). Основи на голфот-порамнување и правилна положба на телото **Стручно списание за физичко образование, спорт и здравје „Кондиција“, година 8, бр.15, ISSN : 1857-9620** стр.3-7. | 1,2 |
| 20. | Новачевска, С., Димитриоска, К.Ј., **Стаменов, Р.**, Тодоровски, С.,(2021).Танците како потреба на човековото изразување и нивен развој, **Стручно списание за физичко образование, спорт и здравје „Кондиција“, година 8, бр.15, ISSN:1857-9620, стр**.14-23. | 1,2 |
| 21. | **Крстевски,Б.,** Стаменов, Р., **Димитријевиќ, С., Ристовски, В. (2023) Историски развој на кошарката во количка во светот и кај нас. Стручно списание за физичко образование, спорт и здравје „Кондиција“, година 10, бр.19, бр. ISSN:1857-9620, стр.9-12.** | 1,2 |
| 22. | Новачевска, С., **Стаменов, Р.**, Димитриоска, К.Ј., Стаменов, Р., Тодоровски, С., (2023). Безбедносни аспекти при физичка активност, **Стручно списание за физичко образование, спорт издравје „Кондиција“, година 10,бр.19, ISSN : 1857-9620**; стр.28-33. | 1,2 |
| | *(Учесник во национален научен проект) 3 поени* | |
| 23. | Состојбата на физичкиот и моторниот развој кај децата и адолесцентите од Општина Богданци. Проект финансиран од Општина Богданци, 5.10.2022 | 3 |
| | **Вкупно** | 50,8 |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Главен (основен проект)** | |
| 1 | Учесник во проектот „Скопје вежба“ (мај – август), 2021 година | 2 |
| 2 | Учество во проект за културни и спортски активности и други манифестации на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, проекти: Меѓуфакултетски спортски лиги по спортови и натпревари при УКИМ за 2022/2023 и 2023/2024 година (2x2=4) | 4 |
| | **Учество на промотивни активности на Факултетот** | |
| 1 | Учество на промотивни активности на Факултетот, 2020/2021 | 0,5 |
| 2 | Учество на промотивни активности на Факултетот, 2021/2022 | 0,5 |
| 3 | Учество на промотивни активности на Факултетот, 2022/2023 | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | Учество на промотивни активности на Факултетот, 2023/2024 | 0,5 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | **Член на уредувачкиот одбор на научно/стручно списание** | |
| 1 | Член на уредувачкиот одбор на научно-стручното списание „Кондиција“, 2021, 2022, 2023 и 2024<br>(4x0,5=2) | 2 |
| | **Член на уредувачкиот одбор на меѓународно научно/стручно списание** | |
| 1 | Член на уредувачкиот одбор на меѓународно научно-стручно списание: Истражување во физичкото образование, спортот и здравјето, RPESH Physical Education, Sport and Health, 2022 | 1 |
| 2 | Член на уредувачкиот одбор на меѓународно научно-стручно списание: Истражување во физичкото образование, спортот и здравјето, RPESH Physical Education, Sport and Health, 2023 | 1 |
| 3 | Член на уредувачкиот одбор на меѓународно научно-стручно списание: Истражување во физичкото образование, спортот и здравјето, RPESH Physical Education, Sport and Health, 2024 | 1 |
| | **Член на управен-извршен одбор на здружение поврзано со струката** | |
| 1 | Член на управен – извршен одбор на Интернационален младински центар за спорт и едукација – Водно | 0,3 |
| 2 | Член на управен – извршен одбор на Универзитетската спортска федерација на Македонија | 0,3 |
| 3 | Член на управен – извршен одбор на Универзитетски спортски сојуз на Македонија | 0,3 |
| 4 | Делегат на државните универзитетски спортски натпревари, 2022/2023 | 0,3 |
| 5 | Делегат на државните универзитетски спортски натпревари, 2023/2024 | 0,3 |
| **Спортска дејност** | | |
| | **Тренер** | |
| 1 | Тренер по пливање, Интернационален младински центар за спорт и едукација – Водно, 2022/2023 (1x1=1) | 1 |
| 2 | Тренер по пливање, Интернационален младински центар за спорт и едукација-Водно, 2023-2024 (1x1=1) | 1 |
| 3 | Тренер по скијање, Интернационален младински центар за спорт и едукација – Водно, 2022-2023 (1x1=1) | 1 |
| 4 | Тренер по скијање, Интернационален младински центар за спорт и едукација – Водно, 2023-2024 (1x1=1) | 1 |
| 5 | Тренер (стручен соработник) по голф, Пунто Верде, 2022/2023 (1x1=1) | 1 |
| 6 | Тренер (стручен соработник) по голф, Пунто Верде, 2023/2024 (1x1=1) | 1 |
| | **Претседател на спортско натпреварувачко здружение** | |
| 1 | Претседател на спортско натпреварувачко здружение, Интернационален младински центар за спорт и едукација – Водно | 2 |
| | **Вкупно** | 22,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 62,9 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 50,8 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 22,5 |
| **Вкупно** | 136,2 |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Иван Анастасовски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Ленче Алексовска Величковска, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Влатко Неделковски, член, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на доц. д-р Ристо Стаменов.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата едногласно заклучи дека доц. д-р Ристо Стаменов поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето **вонреден професор** во научната област социологија на спортот.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, доц. д-р Ристо Стаменов да биде избран во звањето вонреден професор во научната област (дисциплина) социологија на спортот (51127), на предметите: Спорт и здравје и Организација и рекреација на нематични факултети, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“во Скопје.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Иван Анастасовски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Ленче Алексовска Величковска, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Влатко Неделковски, член, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ) 6.02.01.01 – МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И 6.02.01.23 – СТАРОСЛОВЕНСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/факултетот/институтот, објавен во весниците ,,Слободен печат“ и ,,Коха“ од 18.5.2024 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини) 6.02.01.01 – македонски јазик и 6.02.01.23 – старословенски јазик, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот/Научниот совет, бр. 04-759/10, донесена на 26.6.2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Емилија Црвенковска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, д-р Димитар Пандев, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и д-р Славица Велева, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини) 6.02.01.01 – македонски јазик и 6.02.01.23 – старословенски јазик, во предвидениот рок се пријави д-р Марија Паунова.

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Марија Паунова е родена во Скопје, каде што завршила основно и средно образование. Во учебната 1997/98 година се запишала на Филолошкиот факултет во Скопје на групата Македонски јазик и јужнословенски јазици (наставна насока, со книжевност). По завршувањето на студиите, од ноември 2002 година работи како демонстратор на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици на Филолошкиот факултет во Скопје, а од ноември 2003 год. како помлад асистент на истата катедра.

Кандидатката има одлично познавање на англискиот и солидно познавање на германскиот, на грчкиот и на италијанскиот јазик.

Во учебната 2003/2004 год., д-р Паунова се запишала на втор циклус студии по македонски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Студиите ги завршила во 2005 год., со просечен успех 10.

На 6.5.2009 год. го одбранила магистерскиот труд на тема: *Деклинација на именките во црковнословенските ракописи од македонска редакција*. По одбраната, од декември 2009 година работи како асистент по предметите Старословенски јазик и Современ македонски јазик. Докторската дисертација под наслов: *Културолошки аспекти на натписите и на записите на црковнословенски јазик во Македонија (од 14 до 18 век)*, ја одбранила во мај 2014 година. На 20.11.2019 година е избрана во звањето вонреден професор на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици, во областа македонистика (Современ македонски јазик, Македонски јазик – вештини на правилно пишување и Македонски јазик – култура на говор).

Во моментот е вонреден професор. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1201 од 15.10.2019 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата (помлад асистент, асистент, доцент, вонреден професор), објавени во Билтен/билтени: бр. 882 од 1.11.2005, бр. 937 од 29.2.2008, бр. 972 од 2009, бр. 1039 од 28.11.2012, бр. 1088 од 14.11.2014 и бр. 1201 од 15.10.2019, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, од последниот избор во звањето вонреден професор до 2024 година, кандидатката д-р Марија Паунова изведувала настава на прв циклус студии по: *Современ македонски јазик 1, 2*; *Современ македонски јазик 5 и 6*; *Старословенски јазик 2*; *Македонски јазик – култура на говор* и *Македонски јазик – вештини на правилно пишување*. Од 2018 до 2023 година одржувала настава, предавање и вежби, по предметот *Вештини на правилно пишување* за студентите од Машински факултет (за студиските програми ПИ, ТМЛ, ТИ, ХЕИ, МПИ, МВ, ЕЕ, МХТ и АУС). Кандидатката, од 2019 година, одржува и настава и за студентите од втор циклус студии од научната област Македонски јазик, во рамките на предметот *Современи лингвистички теории* (2019 – 2022) и во рамките на предметот *Лингвистиката и македонистиката* (2023- ).

Д-р Марија Паунова во 2019 г. била лектор по македонски јазик на Летната школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура. Исто така, учествувала во три меѓународни работилници и школи: *Summer School: Linguistic Approaches to Ecological Discourse* (July 10-July 12, 2023), University of Bologna, Italy; /L+/ *International Summer School on Language Acquisition,* Truly Global /L+/, 14-18 August 2023; *International Summer School– Digital Humanities and The Ancient World: The Role of Digital Technologies in Preserving, Investigating and Revitalizing Antiquity* (September 11- September 15), Como, Lombardy, како и во осум работилници, панел-дискусии, вебинари на Филолошки факултет „Блаже Конески“ во Скопје и две во рамките на Универзитетот (УКИМ). Досега била член на 21 комисија за оцена и одбрана на дипломска работа.

За потребите за студентите од Машинскиот факултет и за студентите од македонска книжевност и култура, општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, подготвила две интерни скрипти со предавања и со вежби – *Вештини на правилно пишување.*

Кандидатката е автор на рецензирана монографија под наслов: *Студии од историската морфологија*, во која, преку продлабочена и студиозна компаративна лингвистичка анализа се обработува и систематски се изложува едно мошне комплексно, а воедно, суштествено прашање од историската морфологија, односно, од историјата на македонскиот јазик, воопшто.

**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Образец – Анекс 2.**

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Марија Паунова има објавено вкупно 12 научни трудови од областите македонски јазик и старословенски јазик, од кои 3 научни труда во научни списанија индексирани во EBSCO; 1 труд во научно списание во кое трудовите подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји; 1 труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на ЕУ и/или ОЕЦД; 3 труда со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји; 1 труд со оригинални стручни/научни резултати во зборник од научен собир и 3 труда во зборник/издание на високообразовна институција.

Д-р Марија Паунова била учесник во три научни проекти: „Јазици, книжевности, култури: образовни политики во функција на современото општество“; „Психосоцијална поддршка на наставниците и студентите од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во услови на пандемија“ и „Подобрување на функционалната писменост во Република Северна Македонија“.

Кандидатката зела учество на бројни конференции во земјава и во странство со свое излагање (Гранада, Белград, Скопје, Конин, Соко Бања). Д-р Марија Паунова, по покана на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ, одржала предавање на LII летна школа на меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и

култура, УКИМ, Охрид, 4 – 23.8.2019 г. и на LV летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, УКИМ, Охрид, 17 –31.8.2022.

Кандидатката, д-р Марија Паунова, е рецензент на учебникот *Лозје* од проф. д-р Гордана Алексова, во издание на УКИМ и на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“. Била рецензент и на монографијата на проф. д-р Димитар Пандев, *Историски портрет на македонскиот литературен јазик,* Матица македонска 2022 и на книгата на Лилјана Пандева, *Два Божика,* ПНВ публикации, 2020, како и на бројни научно-стручни трудови: од Зборникот од 4. Меѓународна научна конференција *Słowiańszczyzna dawniej i dziś - język, literatura, kultura*, Вроцлав, 4-5 април 2019; од Единаесеттиот научен собир на млади македонисти, Скопје, 2021 и на прилози од *Како си ми,* студентска филолошка конференција во 2019 и во 2023.

**Називите на трудовите и сл. се наведуваат во табелата во Образец-Анекс 2.**

<u>**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**</u>

Д-р Марија Паунова активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Катедрата за македонски јазик при Филолошкиот факултет. Од 2018 година е ЕКТС-координатор на Катедрата за македонски јазик. Таа извршила јазична редакција на четири изданија и на многу статии/прилози од стручни конференции и зборници, како и на закони за СЕП.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“: член на Комисијата за евалуација (во 2020 и 2022 год.); член на Наставно-научниот совет на Факултетот; член на Наставно-научниот колегиум за втор циклус студии (Научна област македонски јазик); член на Комисија за попис на библиотечен фонд (2020 г.); член на Комисија за попис на постојани средства (2020 г.); член на Комисијата за пресметување на просек на пријавени кандидати за упис во прва година; член на Комисијата за избор на раководител на Катедрата за македонски јазик (2020); член на Одборот на ЦЕТИС МАК (2019- ); член на Комисијата за спроведување испит за познавање македонски јазик (без наведено рамниште); како и член на Комисијата за изведување на македонскиот јазик како странски за основно, средно и напреднато рамниште – ТЕМАК (2008- ).

Кандидатката учествувала во 5 уредувачки одбори за издавање зборници и во 6 организациски одбори на научни/стручни собири.

Била член на Рецензентска комисија за избор на лица во наставно-научно звање на Универзитетот на Југоисточна Европа, на Александра Пандиловска-Танеска во звањето виш лектор (2022 година).

Кандидатката д-р Марија Паунова била член на Советот за македонски јазик при Владата на РСМ (2017 – 2021). Член е и на Македонскиот славистички комитет.

**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Образец-Анекс 2.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Марија Паунова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Марија Паунова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научните области 6.02.01.01 – македонски јазик и 6.02.01.23 – старословенски јазик.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, д-р Марија Паунова да биде избрана во звањето редовен професор во научните области 6.02.01.01 – македонски јазик и 6.02.01.23 – старословенски јазик.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Емилија Црвенковска, редовен професор, с.р.**
**Д-р Димитар Пандев, редовен професор, с.р.**
**Д-р Славица Велева, редовен професор, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Марија Петар Паунова**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: 6.02.01.01 – македонски јазик и**
**6.02.01.23 – старословенски јазик**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,96.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10.<br>Просечниот успех изнесува /за интегрираните студии. | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научно подрачје: хуманистички науки<br>научно поле: јазици и книжевност<br>научно потполе: јазици<br>научната област: 6.02.01.01 – македонски јазик и 6.02.01.23 – старословенски јазик | Да |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>**I**<br>1. Назив на научното списание: Knowledge<br>2. Назив на електронската база на списанија: EBSCO<br>3. Наслов на трудот:<br>LANGUAGE PERSONALITY AND THE LANGUAGE OF GRAFFITI. *Knowledge - International Journal,* 63(5), 585–590. https://ikm.mk/ojs/index.php/kij/article/view/6741<br>4. Година на објава: 2024<br>**II**<br>1. Назив на научното списание: Славистички студии<br>2. Назив на електронската база на списанија: EBSCO | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3.Наслов на трудот: Историја на проучување на македонското епиграфско богатство од страна на руските научници. *Славистички студии* 22, 59-69. https://doi.org/10.37834/SS2222059p.<br>4. Година на објава: 2023<br>**III**<br>1. Назив на научното списание: Славистички студии<br>2. Назив на електронската база на списанија: EBSCO<br>3.Наслов на трудот: Кон деклинацијата на именките во текстовите со правна содржина, *Славистички студии* 23.<br>4. Година на објава: 2024 (се очекува мај – јуни) | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: Balcanoslavica<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): Македонија (4), Грција (1), Бугарија (2), Полска (1), Австралија (1), САД (2), Србија (1), БиХ (1)<br>3. Наслов на трудот: Интересот на Вангелија Десподова за развојниот процес од синтетизам кон аналитизам во македонскиот јазик, Зборникот посветен на д-р Вангелија Десподова, Balcanoslavica, special volume issued in honor of Dr. Vangelija Despodova (2024), во печат, ISNN 2545-4358<br>4. Година на објава: 2024 | Да |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br><br>1. Назив на научното списание: New Trends in Slavic Studies<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД, Шпанија<br>3. Наслов на трудот: Македонскиот јазик во јазикот на графитите<br>4. Година на објава: 2020 | Да |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: _________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_________<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: ______________ | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>**I**<br>1. Назив на зборникот: Language, Lietrature and Nature, Proceeding from the Ninth International conference at the Faculty of Foreign Languages, Alfa BK univerzitet, Apollo Graphic Beograd, 2021. | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Назив на меѓународниот собир: Language, Lietrature and Nature, Ninth International /conference at the Faculty of Foreign Languages, Alfa BK University, Apollo Graphic Beograd, (25-26.9.2020)<br>3. Имиња на земјите: Србија, Црна Гора, БиХ, Косово, САД, Норвешка<br>4. Наслов на трудот: Језични пејзажи у урбаним срединама<br>5. Година на објава: 2021<br>**II**<br>2. Назив на зборникот: Зборник од Меѓународниот научен собир „100 години Блаже Конески и 75 години Филолошки факултет, 13 – 14 декември 2021 години.<br>2. Назив на меѓународниот собир: Меѓународниот научен собир *100 години Блаже Конески и 75 години Филолошки факултет*, 13 – 14 декември 2021 година,<br>3. Имиња на земјите: Македонија, Словенија, Руска Федерација, САД<br>4. Наслов на трудот: Кон *Црковнословенскиот јазик на фреските од Македонија* од Блаже Конески<br>5. Година на објава: 2023<br>**III**<br>1. Назив на зборникот: Book of Proceedings of the C&C 2023 - Languages in Cultural Perspectives: Practices, Discourses, Cognition<br>2. Назив на меѓународниот собир: „C&C 2023 - Languages in Cultural Perspectives: Practices, Discourses, Cognition“ held online on 27-29 March 2023, Konin, Poland.<br>3. Имиња на земјите: Полска, Австрија, Германија, Луксембург, Унгарија<br>4. Наслов на трудот: Hybrid formations in Macedonian language as a result of Turkish language influence<br>5. Година на објава: 2024 (forthcoming Springer volume) | |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>1. Наслов на преведеното капитално дело: ________<br>2. Датум на објава ______________<br>3. Издавач, место на издавање и година | |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот, **<u>монографијата,</u>** практикумот или збирката задачи: Студии од историската морофологија<br>2. Место и година на објава: Датапонс, Скопје, 2024 | Да |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 15.10.2019 г.,<br>Билтен бр. 1201 | Да |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност. | Да |

* На лицата кои имаат засновано работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018),

нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Емилија Црвенковска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Пандев, член, с.р.**
**Проф. д-р Славица Велева, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Марија Петар Паунова**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески“**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: 6.02.01.01 – македонски јазик и**
**6.02.01.23 – старословенски јазик**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување настава од прв циклус студии** | |
| | **2019/2020 зимски семестар** | |
| | Современ македонски јазик 1 (4+0) | 2.4 |
| | Современ македонски јазик 5 (0+6) | 3.6 |
| | Македонски јазик – вештини на правилно пишување (2+2) | 2.4 |
| | **2019/2020 летен семестар** | |
| | Современ македонски јазик 6 (0+6) | 2.4 |
| | Современ македонски јазик 2 (4+0) | 3.6 |
| | Вештини на правилно пишување (Машински факултет) 2+2 | 2.4 |
| | **2020/2021 зимски семестар** | |
| | Современ македонски јазик 5 (0+6) | 3.6 |
| | Современ македонски јазик 1 (2+2) | 2.4. |
| | Македонски јазик – вештини на правилно пишување (0+2) | 1.2 |
| | **2020/2021 летен семестар** | |
| | Современ македонски јазик 6 (0+6) | 3.6 |
| | Современ македонски јазик 2 (2+2) | 2.4 |
| | Вештини на правилно пишување (Машински факултет) 2+2 | 2.4 |
| | **2021/2022 зимски семестар** | |
| | Современ македонски јазик 5 (0+6) | 3.6 |
| | Современ македонски јазик 1 (2+2) | 2.4 |
| | Македонски јазик – култура на говор (0+2) | 1.2 |
| | Македонски јазик - вештини на правилно пишување (0+2) | 1.2 |
| | **2021/2022 летен семестар** | |
| | Старословенски јазик 2 (2+2) | 2.4. |
| | Современ македонски јазик 6 (0+6) | 3.6 |
| | Современ македонски јазик 2 (2+2) | 2.4 |
| | Вештини на правилно пишување (Машински факултет) 2+2 | 2.4 |
| | **2022/2023 зимски семестар** | |
| | Современ македонски јазик 5 (0+6) | 3.6 |
| | Македонски јазик – вештини на правилно пишување (2+2) | 2.4 |
| | **2022/2023 летен семестар** | |
| | Современ македонски јазик 6 (0+6) | 3.6 |
| | Старословенски јазик 2 (2+2) | 2.4 |
| | Вештини на правилно пишување (Машински факултет) 2+2 | 2.4 |
| | **2023/2024 зимски семестар** | |
| | Современ македонски јазик 1 (2+4) | 3.6 |
| | **2023/2024 летен семестар** | |
| | Старословенски јазик 2 (2+2) | 2.4 |
| | Современ македонски јазик 2 (2+2) | 2.4 |

| | | |
|---|---|---|
| | | 74.4 |
| | **Одржување настава од втор циклус студии** | |
| | Настава по предметот *Современи лингвистички теории* и *Лингвистиката и македонистиката,* научна област Македонски јазик (2019-сега) | 5 |
| | **Настава во школи и работилници (раководител)** | |
| | Лектор на група за средно рамниште на летната школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (2019 г.) | 1,5 |
| | **Настава во школи и работилници (учесник/член)** | |
| | Онлајн работилницата за кадарот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Употреба на онлајн платформите Zoom i Slack за наставни цели, 16.3.2020 | 1 |
| | Онлајн работилницата за кадарот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Употреба на Exam.net i Microsoft Teams за е-оценување, 5.6.2020 | 1 |
| | Онлајн работилницата за кадарот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Употреба на Microsoft Teams за наставни цели, 28.9.2020 | 1 |
| | Панел-дискусија *Ајде да зборуваме за испитите*, Комисија за унапредување на наставата, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 29.10.2020 | 1 |
| | Обука за користење на платформата Moodle во наставата и испитите, Комисија за унапредување на наставата, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 1.12.2020 | 1 |
| | Панел-дискусија за искуствата и предизвиците во наставата по јазичните предмети, Комисија за унапредување на наставата, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 15.12.2020 | 1 |
| | Панел-дискусија Студентите за македонистика, Комисија за унапредување на наставата, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 15.4.2021 | 1 |
| | Работилницата за дипломски и магистерски трудови: Подготовка за изработка на критериуми за оценување (Мира Бежар), Комисија за унапредување на наставата, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 19.5.2022 | 1 |
| | *Summer School: Linguistic Approaches to Ecological Discourse* (July 10-July 12, 2023), University of Bologna, Italy | 1 |
| | /L+/ *International Summer School on Language Acquisition,* Truly Global /L+/, 14-18 August 2023 | 1 |
| | *International Summer School– Digital Humanities and The Ancient World: The Role of Digital Technologies in Preserving, Investigating and Revitalizing Antiquity* (September 11- September 15), Como, Lombardy | 1 |
| | Работилница: *Вештачката интелигенција во образованието и науката,* УКИМ, 26.2.2024 | 1 |
| | УКИМ-работилницата: *Отворена наука: придобивки и предизвици,* УКИМ, 18.3.2024 | 1 |
| | | **13** |
| | **Подготовка нов предмет** | |
| | Вештини на правилно пишување за Машински факултет (предавања и вежби, 1+0,5) | 1.5 |
| | Вештини на правилно пишување за МК и ОКК, Филолошки факултет (предавања и вежби, 1+0,5) | 1.5 |
| | **Консултации со студенти** | |

| | | |
|---|---|---|
| | 2019/2020:<br>зимски семестар: 50 x 0.002 = 0.1<br>летен семестар: 200 x 0.002 = 0.4 | 0.5 |
| | 2020/2021:<br>зимски семестар: 50 x 0.002 = 0.1<br>летен семестар: 200 x 0.002 = 0.4 | 0.5 |
| | 2021/2022:<br>зимски семестар: 20 x 0.002 = 0.1<br>летен семестар: 200 x 0.002 = 0.4 | 0.5 |
| | 2022/2023:<br>зимски семестар: 50 x 0.002 = 0.1<br>летен семестар: 200 x 0.002 = 0.4 | 0.5 |
| | 2023/2024:<br>зимски семестар: 50 x 0.002 = 0.2<br>летен семестар: 200 x 0.002 = 0.4 | 0.5 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | |
| | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа на: Деница Србиновска (2019), Фатима Рашити (2019), Сузана Тодоровска (2019), Сандра Илиќ (2019), Марија Младеновска (2019), Марта Сапунџиоска (2020), Марио Станковиќ (2020), Моника Коцевска (2020), Семра Аџиоска (2021), Марија Ѓеоргиеска (2021), Севим Сулејмани (2021), Катерина Стевовска (2021), Ели Савиќ (2021), Гораст Вељановски (2021), Христина Николовска (2022), Маја Димоска (2022), Моника Василевска (2022), Бојана Радиновиќ (2023), Тамара Дуковска (2023), Санида Муртезан (2023), Деспина Буцевска (2023)<br>21 x 0,1 = 0,3 | 2.1 |
| | **Интерна скрипта од предавања/вежби** | |
| | Скрипта за предметот Вештини на правилно пишување за Машински факултет (предавања) | 4 |
| | Скрипта за предметот Македонски јазик - вештини на правилно пишување за МК, ОКК Филолошки факултет (предавања) | 4 |
| | Скрипта за предметот Вештини на правилно пишување за Машински факултет (вежби) | 3 |
| | Скрипта за предметот Македонски јазик - вештини на правилно пишување за МК, ОКК, Филолошки факултет (вежби) | 3 |
| | **Рецензент на универзитетски учебник** | |
| | Рецензент на универзитетски учебник на проф. д-р Гордана Алексова, *Лозје,* УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје 2019 и 2022. | 2 |
| | **Пакет материјали за одреден предмет** | |
| | Материјали за предметите (СМЈ 1, 2 за ТЈК и за АЈ, СМЈ 5,6 за ПиТА), 4x1 | 4 |
| | **Вкупно** | 114,9 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Учесник во национален научен проект** | |
| | Макропроект на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“: ,,Јазици, книжевности, култури: образовни политики во функција на современото општество (2019 – 2023) | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Психосоцијална поддршка на наставниците и студентите од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во услови на пандемија декември 2021 – јуни 2022) | 3 |
| | Национален проект на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“*:* Подобрување на функционалната писменост во Република Северна Македонија (2023- ) | 3 |
| | **Монографија** | |
| | Студии од историската морфологија, Скопје: Датапонс, 2024 (ISBN 978-608-222-142-7) | 8 |
| | **Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | |
| | Историја на проучување на македонското епиграфско богатство од страна на руските научници”. *Славистички студии* 22, 59-69. ISSN: 2955-232X (Ebsco) https://doi.org/10.37834/SS2222059p | 5 |
| | *Language Personality and the Language of Graffiti*, KNOWLEDGE-International Journal, Vol.63.5, (2024), pp.585-590, ISSN: 2545-4439 (Ebsco) https://ikm.mk/ojs/index.php/kij/article/view/6741 | 5 |
| | *Кон деклинацијата на именките во текстовите со правна содржина, Славистички студии* бр. 23 (очекувано публикување јуни 2024, трудот е позитивно рецензиран и е прифатен за публикување). ISSN: 2955-232X (Ebsco) | 5 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји** | |
| | *Интересот на Ванѓелија Десподова за развојниот процес од синтетизам кон аналитизам во македонскиот јазик,* Зборникот посветен на д-р Вангелија Десподова, Balcanoslavica (special volume issued in honor of Dr. Vangelija Despodova (2024), ISNN 2545-4358, Институт за старословенска култура, Прилеп (во печат) | 5 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на ЕУ и/или ОЕЦД** | |
| | *Македонскиот јазик во јазикот на графитите,* GRANSLAVIC2019, V International Conference *Andalusian Slavic Studies Workdays* (July 9-11, 2019), Faculty of Translation and Interpreting, Department Section of Slavic Studies, University od Granada, Spain, објавен во: *New Trends in Slavic Studies,* 2020, 247-252. | 5 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | |

| | | |
|---|---|---|
| | *Језични пејзажи у урбаним срединама*, Alfa BK univerzitet, Apollo Graphic Beograd, 2021, 80-93 | 5 |
| | ,,Кон *Црковнословенскиот јазик на фреските од Македонија* од Блаже Конески“ во Зборникот од Меѓународниот научен собир „100 години Блаже Конески и 75 години Филолошки факултет, 13-14 декември 2021 година, УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје 2023, 215-224. | 5 |
| | *Hybrid formations in Macedonian language as a result of Turkish language influence* (in press, forthcoming Springer volume 2024), Book of Proceedings of the "C&C 2023 - Languages in Cultural Perspectives: Practices, Discourses, Cognition", 27-29 March 2023, Konin, Poland. | 5 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| | *Графитите како дел од материјалната култура на македонскиот народ (дијахронија и синхронија),* Зборник на трудови од научниот собир ФОЛКЛОР-ТРАДИЦИЈА-ЈАЗИК, Скопје, 2020, 97-106. | 2 |
| | **Труд објавен во зборник на в.о институција** | |
| | *Графитите како комуникациски пораки,* Зборникот од предавања на LII летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 4 – 23.8.2019), Скопје 2020, 121-132. | 2 |
| | Турцизмите во *Бабаџан* од Живко Чинго, Книга за Чинго, пр.Д. Пандев, С. Ѓорѓо Димоски, Општина Охрид 2021, 187-194 | 2 |
| | *Македонски лингвокултуролошки материјал (дијахронија и синхронија),* Зборник-предавање на LV Lетна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, УКИМ, Скопје, 2023, 113-123. | 2 |
| | | 65 |
| | **Рецензија на монографија** | |
| | Д. Пандев, *Окружието на Конески,* Фондација за македонски јазик *Небрегово,* 2019 | 0.5 |
| | Л. Пандева, *Два Божика,* ПНВ публикации, 2020 | 0,5 |
| | Д. Пандев, *Историски портрет на македонскиот литературен јазик,* Матица македонска 2022 | 0,5 |
| | **Рецензија на научен/стручен труд** | |
| | Рецензент на статијата *Споредбени фраземи со зоонимна компонента во македонскиот и во полскиот јазик* на Фани Стефановска-Ристеска, во Зборникот од 4. Меѓународна научна конференција *Słowiańszczyzna dawniej i dziś - język, literatura, kultura,* Вроцлав, 4 – 5 април 2019. | 0,2 |
| | на 11. Научен собир на млади македонисти, Скопје, 2023 рецензија на 5 статии | 1 |
| | на 4 труда од V студентска конференција *Како си ми?* | 0,8 |
| | **Предавање/презентација на научен/стручен собири со меѓународно учество** | |
| | | 2x7=14 |
| | *Македонскиот јазик во јазикот на графитите,* GRANSLAVIC2019, V International Conference *Andalusian Slavic Studies Workdays* (July 9-11, 2019), Faculty of Translation and Interpreting, Department Section of Slavic Studies, University od Granada, Spain. | 2 |
| | усна презентација: *Језични пејзажи у урбаним срединама,* Language, Lietrature and Nature>Ninth International Conference at the | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Faculty of Foreign Languages, Alfa BK univerzitet, Apollo Graphic Beograd (25-26.9.2020) | |
| | усна презентација: „Кон *Црковнословенскиот јазик на фреските од Македонија* од Блаже Конески, Меѓународниот научен собир „100 години Блаже Конески и 75 години Филолошки факултет, 13 – 14 декември 2021 година, УКИМ, Филолошки факултет, Скопје. | 2 |
| | презентација: Лингвокултуремата *итар* во македонскиот јазик: синхронија и дијахронија, *LX скуп слависта Србије, Словенство и савремени свет: човек, језик, култура,* 13-14 јануар 2022, Београд. | 2 |
| | усна презентација: *Турцизмите во македонските епиграфски споменици,* на Меѓународната научна конференција *100 години од раѓањето на Оливера Јашар-Настева,* УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 25-26.11. 2022. | 2 |
| | presentation in English: *Hybrid formations in Macedonian language as a result of Turkish language influence*, "C&C 2023 - Languages in Cultural Perspectives: Practices, Discourses, Cognition", 27-29 March 2023, Konin, Poland. | 2 |
| | Предавање на тема: *Language Personality and the Language of Graffiti*, XLIV International Scientific Conference, Knowledge without borders, (29-31.3.2024) Sokobanja, Serbia | 2 |
| | **Одржано предавање по покана од универзитет** | |
| | *Графитите како комуникациски пораки,* Предавање на LII летна школа на меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, УКИМ, Охрид, 4 – 23. 8. 2019 г. | 2 |
| | *Македонски лингвокултуролошки материјал (дијахронија и синхронија),* Предавање на LV Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, УКИМ, Охрид, 17 –31.8.2022 (24.8.2022) | 2 |
| | **Учество на на научен/стручен собир со реферат, усна презентација** | |
| | усна презентација: Графитите како дел од материјалната култура на македонскиот народ, на меѓународниот научен собир ФОЛКЛОР-ТРАДИЦИЈА-ЈАЗИК, ИМЈ, 2019 | 1 |
| | усна презентација: *Светлината на зборот во Циклусот за светулките на Матеја Матевски (јазични аспекти),* на Меѓународната научна конференција *Светлината на зборот (јазилни и книжевни аспекти во творечкиот опус на Кочо Рацин и на Матеја Матевски),* Велес, јуни 2019 | 1 |
| | **Приказ/хроника** | |
| | Годишен зборник на Филолошки факултет „Блаже Конески“, книга 45, 2019, 259-262, *Кон поредицата на македонските константи,* приказ на книгата од Д. Пандев *Окружието на Конески,* Скопје, Фондација за македонски јазик *Небрегово,* 2019. | 1 |
| | Македонски јазик LXXIV, Скопје 2024, 229-234, *Меѓународен научен собир во чест на два јубилеја,* приказ на Зборник на трудови од меѓународниот научен собир „100 години Блаже Конески и 75 години Филолошки факултет“ | 1 |
| | Годишен зборник на Филолошки факултет „Блаже Конески“, книга, книга 47/48, 2023, 175-180, *Современ учебник по старословенски јазик,* приказ на книгата од Е. Црвенковска *Старословенска граматика,* Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 2021. | 1 |
| | **Апстракт објавен во зборник на конференција** | |
| | Книга на апстракти од *LX скуп слависта Србије, Словенство и савремени свет: човек, језик, култура,* 13-14 јануар 2022, Београд: | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Лингвокултуремата *итар* во македонскиот јазик: синхронија и дијахронија. | |
| | Книга на апстракти од Меѓународната научна конференција *100 години од раѓањето на Оливера Јашар-Настева,* УКИЛ, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 2022, стр.26 | 1 |
| | **Вкупно** | 94,5 |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Учесник во промотивни активности на факултетот/институтот** | |
| | Учество во промотивните активности на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во рамките на манифестацијата ,,Отворен ден на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј, во 2019, 2020, 2023, 2024 (4 x 0.5 = 2) | 2 |
| | **Лекторирање на трудови на македонски јазик** | |
| | Е. Антоновска, *Архитектура на себството,* Арс-Лицида, Скопје 2023 | 1 |
| | О. Јанески, Е. Антовска, *Слободата доаѓа однатре,* 2024 | 1 |
| | Лекторирање документи-закони за СЕП 2023, 2024 (6) | 1,5 |
| | Лектор за потребите на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, за месец декември 2023 година | 1 |
| | Б. Азески, Д. Лазаров *Стратешки документи на комората,* Стопанска комора на Северна Македонија, Скопје 2024. | 1 |
| | М. Паунова: *Студии од историската морофлогија,* Скопје: Датапонс, 2024 | 1 |
| | Како си ми, V студентска филолошка конференција 2019, лектура на 4 статии<br>Како си ми, IX студентска филолошка конференција 2023, лектура на 2 статии | 1<br>0.5 |
| | Јазична редакција на дел од трудовите (4) за Зборникот од 11. Научен собир на млади македонисти – Конференција во чест на проф. д-р Лилијана Минова Ѓуркова, Филолошки факултет, УКИМ, Скопје, 2023 | 1 |
| | **Промоција на научен труд/зборник** | |
| | *Слово за Слова за свети Климент Охридски* од Димитар Пандев, 2019, Конгресен центар на УКИМ, Охрид | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | **Член на уредувачки одбор на списание/зборник трудови** | |
| | Член на Редакцискиот одбор на Годишниот зборник на Филолошкиот факултет, книга 45 (2019) | 1 |
| | Член на Уредувачкиот одбор на Зборник трудови од XI научен собир на млади македонисти (2021) | 1 |
| | Член на Редакцискиот одбор на Годишниот зборник на Филолошкиот факултет посветен на одбележувањето на јубилеите, книга 46 (2021) | 1 |
| | Член на Редакцискиот одбор за подготвување избрани дела од акад. Оливера Јашар-Настева по повод 100 год. од нејзиното раѓање, 2022 – 2024 | 1 |
| | Член на Научниот одбор на Собирот во чест на Божидар Настев, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 2024 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Член на програмски или организациски одбор на научен/стручен собир** | |
| | Член на Научниот одбор на Меѓународната научна конференција *Светлината на зборот (јазилни и книжевни аспекти во творечкиот опус на Кочо Рацин и на Матеја Матевски)*, Велес (7 јуни 2019 г.) | 1 |
| | Член на Научниот одбор на Научната конференција *Синтези: Рацин и Конески (100 години од раѓањето на Конески)*, Велес (јуни 2020 г.) | 1 |
| | Член на Организацискиот одбор на XI научен собир на млади македонисти (2021) | 1 |
| | Член на Одборот за одбележување 75-годишнината од основањето на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ (2021) | 1 |
| | Член на Одборот за одбележување 100-годишнината од раѓањето на Блаже Конески (2021) | 1 |
| | Член на Организацискиот одбор на Собир во чест на Божидар Настев, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 2024 | 1 |
| | **Член на факултетска комисија** | |
| | Член на Комисија за попис на библиотечен фонд (2020) | 0.5 |
| | Член на Комисија за попис на постојани средства на Филолошкиот факултет (за 2020) | 0,5 |
| | Член на Техничка комисија за пресметување на просек на пријавени кандидати за упис во прва година (за учебните: 2019/2020) | 0,5 |
| | Член на Комисија за евалуација (2020 г. и 2022) | 1 |
| | Член на Комисија за избор на раководител на Катедрата за македонски јазик (2020) | 0,5 |
| | Член на Комисија за изведување на тестот по македонски јазик за странци (ТЕМАК) (2019, 2020, 2021, 2022, 2023), 5 x 0.5 = 2.5 | 2.5 |
| | Член во Комисијата за спроведување испит за познавање македонски јазик (без наведено рамниште) | 0,5 |
| | Член на Одборот на ЦЕТИС МАК (Центар за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски/втор) | 0,5 |
| | Член на Наставно-научен колегиум за втор циклус студии, Научна област македонски јазик | 0.5 |
| | **Член на комисија за избор во звање** | |
| | Член на Рецензентска комисија за реизбор на Александра Пандиловска-Танеска за виш лектор на Универзитетот на Југоисточна Европа (2022) | 0,2 |
| | **Координатор на студиска програма** | |
| | ЕКТС-координатор на Катедрата за македонски јазик (2019/2020, 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024- )<br>5 години x 1 | 5 |
| | Член на Советот за македонски јазик при Владата на РСМ (2019 – 2021)<br>3x3 | 9 |
| | Член на Македонскиот славистички комитет | 0,3 |
| | **Вкупно** | 44,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 114,9 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 94,5 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 44,5 |
| **Вкупно** | 253,9 |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Емилија Црвенковска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Пандев, член, с.р.**
**Проф. д-р Славица Велева, член, с.р.**

***Прилоī бр. 4***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЗАПИСИ НА МАКЕДОНСКИ КНИЖЕВНИЦИ ОД XV и XVI ВЕК“ ОД М-Р ДАРКО НИКОЛОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на седницата одржана на 4.7.2024 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Дарко Николовски со наслов: „Записи на македонски книжевници од XV и XVI век“, во состав: проф. д-р Виолета Пирузе-Тасевска (претседател), проф. д-р Добрила Миловска (ментор), проф. д-р Виолета Мартиновска (член), проф. д-р Трајче Стамески (член) и проф. д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторскиот труд, под наслов: *Зāиси на македонски кничевници од XV и XVI век,* изработен од м-р Дарко Николовски, тематски е поделен на шест различни по обем делови:

Вовед

I. Дефиниција на жанрот записи

II. Оригинални записи (*автоīрафи*)

*Владислав Граматик

*Димитар Кратовски

*Протопоп Јоан Кратовски

*Висарион Дебарски

III. Записи на *ūреūишувачи* на ракописи од XV и XVI век

*Матеј

*Пахомиј

*Сисој

*Ѓуро

*Поп Лазар

IV. Факсимили на ракописи

V. Заклучок

VI. Библиографија

Во **Воведот** кон трудот, м-р Дарко Николовски ги проследил: Предметот на истражувањето, Целите на истражувањето на трудот, Методологијата на истражувањето и Структурата на трудот.

Во **Првата глава** на трудот, на прво место, кандидатот ја утврдил дефиницијата за тоа што претставуваат записите во системот на средновековните прозни жанрови.
Според кандидатот, записите се дефинирани како: белешки, испишани надвор од основниот текст на ракописот, во кој се даваат податоци за пишувачот, имателот или читателот на книгата и за времето и местото каде што е пишувана. Паралелно со овој термин, како синоним, често се употребува и терминот белешка. Оттаму, меѓу другото, записите се дефинирани и како пократка или подолга белешка која на самата книга ја оставил препишувачот, читателот, сопственикот, дародавачот или коричарот.
Во зависност од тоа кој и кога ги пишувал записите, според м-р Дарко Николовски, записите се делат на два основни вида, и тоа на:

*записи на пишувачот (скрипторот) на ракописот;

*записи, напишани од други лица.

Првата група записи се попознати како авторски записи. Во суштина, се работи за случаи во кои пишувачот на ракописот истовремено е автор и на ракописот и на записот

во истиот ракопис. Мнозина образувани препишувачи, истовремено, биле и составувачи на зборници, преведувачи или антологичари, како што биле:
*Владислав Граматик
*Димитар Кратовски
*Протопопот Јоан Кратовски
*Висарион Дебарски
Втората група записи ја сочинуваат поновите записи, направени од други лица кои учествувале во создавањето и во распространувањето на ракописната книга, како што биле, на пример: купувачите, читателите, сопствениците на книги, дарителите и т.н. помагачи на нивното ширење. Првиот дел записи ги содржат: основните и авторските записи.
Основните записи имаат т.н. меморијален или споменично-историски карактер и се одликуваат со официјалност и со нормираност. Тие содржат податоци за државни владетели и духовни архиереи, податоци за ктитори. Обично, тие се содржат на крајот од текстот.
Авторските записи се дело на скрипторот и тие обично се попознати како маргиналии. За нив е карактеристично тоа што се послободни во исказот и во напишаното.
За овој малку познат средновен книжевен жанр, кандидатот м-р Дарко Николовски дал многу точни и прецизни елаборирања.

**Втората глава** се однесува на оригиналните записи (автографи). Се работи за најважното поглавје од трудот во кое се третирани исклучиво оригинални пишувачи на ракописни книги. Освен детален археографски опис за ракописите: писмото, правописот, украсите и корицата, м-р Дарко Николовски наведува податоци за автографите на Владислав Граматик во неговите ракописи. За поголема прегледност, докторандот Дарко Николовски го претставил материјалот во вид на графеми, каде што точно се лоцирани сите автографи и други меродавни податоци за книжевниците од XV столетие, како што се: содржината на автографот, ракописот во кој е испишан/содржан самиот автограф, каде се чува именуваниот ракопис, под која сигнатура/број, редакција на ракописот и други податоци за делото (место на пишување, тема на аавтографот, атрибути за авторот и сл., елементи кои овозможуваат поефикасно користење на изворниот материјал).
Во врска со книжевникот Владислав Граматик, кандидатот м-р Дарко Николовски прецизно ги обработил автографите во зборникот *Предели* од 1456, настанат во Младо Нагоричино. Другите три зборници Владислав Граматик ги напишал во манатирот Матејче. Според научните сознанија, тој бил активен во средновековно Жеглигово, во областа Младо Нагоричино и во Матејче. Во областа Младо Нагоричино, во 1456 година, го напишал едниот од своите четири енциклопедиски зборници, наречен *Предели*. Другите три зборници Владислав Граматик ги напишал во манастирот Матејче. Првиот од нив – во 1469. Вториот од спомнатите ракописи е пишуван во 1473. Познат е под името *Андијанти*, бидејќи првите 22 слова се од познатиот цариградски патријарх и проповедник Јоан Златоуст. Овој ракопис е особено значаен по тоа што во неговиот повез биле пронајдени македонските глаголски листови кои потекнуваат од X век. Третиот ракопис, познат како *Рилски панегирик*, Владислав го пишувал во 1479.
М-р Дарко Николовски во темата ги опфатил автографите во зборникот *Предели* од 1456, во *Загрепскиот* зборник од 1469, во зборникот *Андријанти* од 1473 *и во Панегирикот* од 1479. Покрај овие обемни зборници, Владислав Граматик напишал и еден *Шестоднев,* кој не е зачуван во науката.
Покрај книжевникот Владислав Граматик, во овој манастир живеел и работел инок Герасим. Тој во 1409 година го напишал *Римскиот патерик/Дијалог на Григориј папа Римски*, по порачка на деспотицата Евдокија.
Со посебна компетентност, во трудот е разгледан познатиот средновековен книжевник Димитар Кратовски. Слично како и во претходното поглавје, кандидатот го лоцирал опширниот автограф на Димитар Кратовски во 1466 година. Имено, во 1466 година, по молба на охридскиот архиепископ Доротеј, тој направил словенски превод на Номоканонот за потребите на архиепископијата во Охрид. Дијак Димитар Кратовски

направил опширен поговор кон ракописот, што е предмет на интерес и на Дарко Никовски. Имено, кандидатот и во овој случај ја применил истата, многу успешна и иновативна методологија, давајќи податоци за самиот автограф, за ракописот во кој е содржан автографот, за стилските обележја, стилските фигури во автографот и особено за библиските/христијански елементи во него.

XVI век го одбележуваат двајца епохални книжевници: книжевникот Јоан Кратовски и Висарион Дебарски.

Протопопот Јоан Кратовски бил познат книжевник илуминатор од XVI век. Неговите ракописи биле украсени со раскошна орнаментика. М-р Дарко Николовски ги детектирал и обработил автографите на книжевникот во: еден *Молитвеник* од 1526, *Четвороевангелие* од 1558, *Четвороевангелие* од 1563, *Литургијар* од 1567, *Четириевангелие* од 1569 и *Кокалјанско евангелие* од 1567. Кандидатот на сосема еден оргинален начин ги интерпретирал автографите на овој книжевник преку коментирање на структурата на автографите, како што е видот на ракописот, местото на пишување на ракописот, информациите за нарачателот, ако го има, информациите и атрибутите за авторот на ракописот, молбата за прошка и завршната христијанска формула, којашто обично била составен и вообичаен дел на овој жанр на автографите.

Еден од најпознатите книжевници од XVI век бил книжевникот Висарион Дебарски. Кандидатот ги регистрирал сите автографи на книжевникот, давајќи нужни податоци за нив. Посебен акцент кандидатот ставил на конструкцијата на самите автографи во божествената книга *Златоуст*, во *Зборникот од творби на Дионисиј Ареопагит* и во *Минејот за месец јули* од 1549.

Пред крајот на оваа најобемна глава од трудот, кандидатот ги претставил на едно место најпознатите и највредните ученици и следбеници на јеромонахот Висарион Дебарски, како што се: Пахомиј, Матеј и Сисој, кои за жал не ја достигнале славата на својот учител.

Од нив, според кандидатот, се сочувани само мал број на автографи кои и до сега ѝ беа познати на науката.

**Третата глава** од докторскиот труд на м-р Дарко Николовски се однесува на записите на препишувачи на ракописи од XV и XVI век. Во поглавјето се проследени според хронолошки редослед книжевниците: Ѓуро, Поп Лазар, Поп Петар, Еромонах Филимон, Ероѓакон Силвестар, Протопоп Лука и др.

Книжевникот Ѓуро бил типичен претставник на оваа група. Тој бил ученик на непознат иероѓакон. Во науката е познат по тоа што во XV век во Кратово препишал *Синаксар-панегирик*, кој се чува во Зографскиот манастир на Света Гора Атонска.

Од останатите книжевни дејци, особено се истакнува поп Лазар. Во науката се познати неговите дела*: Житие и служба на Св. Никола Нови* (1564), *Служебен минеј* (1571), *Пролог на јуни-ноември ((2572), Служба и житие на ап. Андроник и Богородичен канон и житие на мч. Соломон.* Од поп Петар засега се знае само за еден негов ракопис. Тоа е *Евангелие*, кое попот Петар во напишал во с. Пролеша, Софиско, во 1578. На последниот лист од (311 а) од Евангелието, поп Петар оставил запис, а на последниот ред од овој запис ни открива многу важен автобиографски податок за поп Петар, напишан со тајнопис, кој дешифриран гласи: *писа ученик попа Јованов*, што кажува дека поп Петар бил ученик на поп Јован.

Еромонах Филимон во 1515 напишал два ракописа*: Псалтир и Апостол.* Псалтирот го пишувал во црквата „Св. Никола“ во с. Војнег, за време на морозвидскиот епископ Матеј, а Апостолот го напишал за поп Бојко од с. Трохало. Овој податок е потврден на последниот лист од ракописот. Ероѓакон Силвестар во манастирот „Пирг“, во 1538 год., напишал *Минеј.* Во записот што го оставил, ероѓаконот моли овој ракопис да остане во трајна сопственост на манастирот каде што настанал. Протопопот Лука, по порачка на кратовскиот великодостојник Димитар, во 1543 напишал писмо до игуменот на Слепченскиот манастир.

За пофалба е тоа што кандидатот м-р Дарко Николовски ги регистрирал сите ракописи на препишувачите, а потоа ги утврдил и записите во нив, со што се послужил со

наративна интерпретација на автографите од аспект на дадените информанти, како и од аспект на употребени стилски изразни средства и стилски фигури.

Во **четвртото поглавје** се дадени факсимили со записи на книжевниците од обработуваниов период, дури во некои случаи и необјавени факсимили, што е многу корисно за палеографските истражувања на оваа материја.

Во **Заклучокот** (петто поглавје) се изнесени резултатите од истражувањето на дадената тема. Истакнати се клучните моменти, коишто битно влијаеле врз реализацијата на овој исклучително важен труд, посветен на записите на македонските книжевници од XV и XVI век.

На крајот од трудот, во поглавјето **Библиографија** (шесто поглавје) е презентиран список на користена и консултирана стручно-научна литература од 110 единици. Трудот е снабден со неопходна научна апаратура, при што се употребени вкупно 82 фусноти.

На крај, констатираме дека авторот на овој труд, м-р Дарко Николовски, докторанд на филолошки науки од областа на македонистиката и средновековната книжевност, целосно го има совладано научниот метод на работа и со овој свој труд ни се претстави како сериозен научен работник кој поседува широки знаења од областа на медиевистиката. Ваквата солидна подготвеност нему му овозможи компетентно и на високо научно ниво да ја изработи својата теза, со што даде своевиден придонес кон развојот на медиевистиката кај нас и во светот.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот/Научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Дарко Николовски** со наслов: **„Записи на македонски книжевници од XV и XVI век“.**

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Виолета Пирузе-Тасевска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Добрила Миловска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Виолета Мартиновска, член, с.р.**
**Проф. д-р Трајче Стамески, член, с.р.**
**Проф. д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова, член, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* | *Одлука од Научен совет* |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Олгица Трајковска | „Контролингот во компаниите како партнер на менаџментот” „Controlling as a partner of management in companies“ | д-р Климентина Попоска | Одлука бр. 02 – 769/2 од 30.8.2024 година |
| 2. | Цветанка Стефановска | „Финансирање на проекти во областа на енергетската ефикасност во Република Северна Македонија - компаративна анализа со Европа и Балканот” „Project finansing in the field of Energy efficiency in the Republic of North Macedonia - comparative analysis with Europe and Balkans “ | д-р Биљана Ангелова | Одлука бр. 02 – 787/2 од 30.8.2024 година |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА ПОЛИТИЧКИОТ ФАКТОР ВРЗ ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА РАБОТАТА ВО ЛОКАЛНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГОСТИВАР“ ОД ЛУМНИЈЕ АБДУЛАИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА – СКОПЈЕ

Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања на својата седница од 25.1.2024 година определи Комисија за оценка на докторскиот труд на Лумније Абдулаи со наслов: „ВЛИЈАНИЕТО НА ПОЛИТИЧКИОТ ФАКТОР ВРЗ ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА РАБОТАТА ВО ЛОКАЛНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГОСТИВАР“ во состав: проф. д-р Ружица Цацановска – претседател, проф. д-р Емилија Симоска – ментор, проф. д-р Петар Атанасов, проф. д-р Марија Топузовска Латковиќ и проф. д-р Бојана Наумовска. По прегледот на трудот, Комисијата му го поднесува на Научниот совет следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторскиот труд е напишан на 280 страници и поделен е во 9 глави, Вовед и Заклучок. Во прилог е дадена листа од библиографски единици, од кои: 119 единици на користена печатена литература, листа на 42 анализирани закона и документи и 26 користени електронски изданија.

Во Воведот, кандидатката ја истакнува актуелноста на проблемот која е мотив за изборот на оваа тема. Тоа е потребата од професионална и ефикасна јавна администрација, односно компетентни, мотивирани, непристрасни и политички независни службеници кои работат во систем што е целосно посветен на јавниот интерес. Според неа, пречка за задоволување на оваа потреба е влијанието на политиката и партизацијата кои негативно се одразуваат врз децентрализацијата на власта, оневозможувајќи прашања што се од есенцијална важност за граѓаните да се реализираат преку локалната администрација.

Во **првата глава** се дефинирани предметот и целите на трудот.

Предмет на докторскиот труд е влијанието на политичкиот фактор врз секојдневната работа на органите на државната администрација, со посебен осврт на локалната администрација на Општина Гостивар.

Основните цели на трудот се: да се дефинира процесот на формирањето на организациски облици во јавниот сектор; да се дефинира влијанието на политичкиот фактор врз организацијата на работата; да се дефинира професионалната ефективност на административните службеници во локалната администрација; да се утврди почитувањето на уставните и законските одредби во работата, како и да се дадат препораки за надминување на негативните политички влијанија врз општините.

**Втората глава** ја дефинира теоретската рамка на трудот. Анализирани се: суштината и значењето на организацијата, историскиот развој на организациите, како и теориите за организациите. Кандидатката прави и анализа на сите закони и уредби кои ја детерминираат структурата и работата на организациите во нашата земја, посебно во локалната самоуправа.

**Третата глава** е посветена на хипотетската рамка и методологијата употребена во анализата.

Основната хипотеза на трудот е дека политичките фактори влијаат врз организацијата на работата на локалната администрација, како и врз квалитетот на услугите кои се нудат во локално ниво. Од неа произлегуваат и следните истражувачки прашања:

– Која е перцепцијата на граѓаните за влијанието на политичкиот фактор врз организацијата на работата на локалната администрација?

– Која е перцепцијата на граѓаните во однос на квалитетот на услугите нудени од локалната администрација?

– Која е перцепцијата на граѓаните за професионализацијата на административниот кадар во локалната администрација?
– Дали се регрутира квалификуван и адекватен кадар во Општината и во јавните претпријатија под нејзини ингеренции?
– Дали граѓаните учествуваат во донесувањето одлуки на локално ниво?
– Дали Општината е доволно транспарентна во донесување на одлуките?

Во трудот се користени повеќе методи: теоретска анализа, анализа на содржина, статистичка анализа, и емпириско истражување со користење на анкета фокус групи и интервју. Анкетата е спроведена на примерок од 301 лице, со стандардизирани прашања за раководителите, вработените и граѓаните во Општина Гостивар. Интервју е реализирано со градоначалникот на Општина Гостивар. Реализирани се и 3 фокус-групи со граѓани.

Во **четвртата глава** кандидатката го анализира процесот на децентрализација. Посебно поглавје е посветено на историјата на децентрализацијата и актуелната состојба во Република Северна Македонија.

**Петтата и шестата глава** претставуваат презентација на спецификите на локалната управа во Општина Гостивар, со историја и анализа на документи кои ја определуваат. Особено внимание е обрнато на влијанието на опкружувањето врз работата на Општината.

Во **седмата глава**, кандидатката се фокусира на влијанието на политичките фактори врз ефикасноста и работењето на Општина Гостивар.

Во **осмата глава** се прикажани резултатите од реализираното емпириско истражување, односно анкетата, интервјуто и фокус-групите. Податоците се соодветно графички прикажани.

Врз основа на анализата на сите податоци, како од емпириското истражување, така и од статистичката анализа и анализата на законите, кандидатката на крајот ги прикажува своите заклучни сознанија и дава соодветни препораки.

Според неа, основната хипотеза се потврдува. Политичките елити и партии влијаат и ги усложнуваат проблемите во сферата на децентрализацијата, што има големо влијание врз квалитетот на животот на граѓаните.

Податоците укажуваат дека е висок процентот на граѓаните кои веруваат дека постои влијание на политичкиот фактор врз организирањето на работата на администрацијата на Општина Гостивар. Ова, пред сѐ, се однесува на партиципацијата на граѓаните во донесувањето одлуки, транспарентноста на власта, како и политиките за вработувања. Сето тоа оневозможува креирање на стратегии на управување врз база на потребите на граѓаните.

Кандидатката предлага воспоставување механизми за контрола на почитувањето на законската рамка, почитување на законските права при вработување на локалните административни службеници и афирмација на принципите на професионална, деполитизирана, ефикасна и одговорна локална администрација.

## ОЦЕНА

Врз основа на прегледот на трудот, Комисијата заклучува дека тој ги исполнува критериумите за изработка на докторска дисертација.

Избраната тема е мошне актуелна, а анализираната Општина Гостивар е особено интересна од аспект на социјалните и економските специфики.

Кандидатката има направено сериозно истражување со употреба на повеќе методи, а севкупната методологија соодветствува на истражувачките прашања и предметот на трудот. Трудот, исто така, содржи солидна теоретска рамка, која е во функција на основната теза.

Од наведените причини, Комисијата му предлага на Научниот совет да ја прифати оваа Рецензија и да ја продолжи процедурата до одбрана на докторската дисертација.

## РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Проф. д-р Ружица Цацановска – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Емилија Симоска – ментор, с.р.**
**Проф. д-р Петар Атанасов – член, с.р.**
**Проф. д-р Марија Топузовска Латковиќ – член, с.р.**
**Проф. д-р Бојана Наумовска – член, с.р.**

Скопје, 22.8.2024 г.